| Спроведување часови со | Реализирани 20 наставни часа со иновативни пристапи | Наставници, стручна служба | Октомври 2025 – Април 2026 | Методички материјалиИКТ алатки | Стручна служба | Планови и записи од часови,<br>ученички анкети |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| примена на иновативни методи | | | | | | |
| Презентација на успешни практики на интерно ниво | Организирани најмалку 2 интерни презентации годишно | Наставници<br>тим за иновации | Јануари и Мај 2026 | Простор, опрема за презентација | Координатор за иновации | Програми, листа на присутни, снимки |

| **Стратешка цел:2 Подобрување на условите за работа во врска со ентериерот во училиштето, наставни средства и помагала и ресурси** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 2.1.Промена на стариот и оштетен училиштен мебел** | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата** | **Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите** |
| Попис на оштетен мебел и изработка на приоритетна | Изготвен извештај за состојбата со | Техничка служба, класни | Септември 2026 | Образец за попис | Директор, стручна служба | Пописни листи, листа со приоритети |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| листа по училници | мебелот | раководители | | | | фотографии |
| Барање средства од основачот и/или донатори | Доставени барања до надлежни институции | Директор | Септември 2026 | Официјални барања, документи | Директор, сметководител | Копии од барања, писма за интерес |
| Набавка на нов мебел согласно финансиските можности | Набавен и доставен нов мебел | Директор, комисија за набавки | Декември 2026 | Финансиски средства, тендерска документација | Комисија за набавки | Фактури, записници за примопредавање |

**Стратешка цел 3. Подобрување на редовноста и мотивацијата на учениците и наставниот кадар преку систематско следење на присуството, ефективна реализација на дополнителна и додатна настава и воспоставување на механизми за признавање на постигнувањата.**

**Развојна цел 3.1.Намалување на бројот на изостаноци кај учениците и поттикнување на редовноста**

| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата | Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Анализа на изостано | Изготвен извештај за | Стручна служба | Септември –јуни (секое | Евиденција од електронски | Стручна служба, директор | Извештај од дневник, анализа на |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ци по паралелки и ученици | почетна состојба | класни раководители и одделенски наставници | тримесечје) | дневник, извештај | | изостаноци |
| Месечно следење и извештаи за изостаноци | Редовни месечни извештаи | Класни раководители | Секој месец | Табела/ образец за следење | Директор, педагог | Месечни извештаи, записници од состаноци |
| Утврдување на причини и укажување за можните последици од нередовноста во училиштето | советување, разговори, укажување, опомени и сл. од страна на одделенските и класни раководители, стручната служба и директорот на училиштето. | Формирање на тим за работа | Септември-јуни | Компјутери, социјални мрежи, веб и фб страна, интернет, сала за состаноци | директор, стручна служба | Социјални мрежи, дневници, Записници од состаноци |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Средби со родители на ученици со многу изостаноци (советување на родители) | Намален број изостаноци по средбите | Класни раководители, педагог | Октомври – мај | Простории, повик до родители | Педагошко-психолошка служба | Записници од средби, евиденција на присуство |
| Менторска поддршка и мотивација за учениците кои почесто отсуствуваат | Намален број на изостаноци кај ученици вклучени во програмата | Ментори – наставници | Октомври – мај | Распоред, менторски дневник | Класни раководители, педагог | Менторски извештаи, дневник на активности |

## 7.1.План за евалуација на акциските планови

Во текот на учебната 2025/26 година, нашето работење ќе се одвива одговорно и со јасна посветеност кон остварување на поставените цели и акциските планови. Ќе се придржуваме кон зацртаната насока, водејќи се од јасна визија и сериозна мотивација. Стручните соработници ќе бидат активни учесници во процесот на консултации со директорот и наставниот кадар, особено при изработка на постапки и инструменти за следење и вреднување на ученичките постигања, изработка на тестови и други форми на проверка на знаење. На тој начин, ќе придонесеме за унапредување на воспитно-образовниот процес и за подобрување на целокупното функционирање на училиштето.Ќе се стремиме кон одржување и зголемување на мотивираноста на наставниот кадар при реализација на развојните цели, задачи и активности, согласно однапред утврдениот план. Евалуацијата ќе се спроведува преку континуирано следење на реализацијата на сите планирани активности и задачи, согласно законските документи и утврдените временски рамки. Ефектите од спроведените програмски подрачја ќе се оценуваат преку употреба на педагошка евиденција и документација, статистички анализи, информации од совети, семинари, инспекциски надзори, состаноци, како и преку анкети и прашалници за ученици, родители и наставници. Дополнително, ќе се користат податоци од педагошко-психолошки истражувања, тримесечни и полугодишни извештаи, како и фото-документација и работни дневници.Клучен критериум за успех ќе биде квалитетната и ефективна реализација на планираните програмски активности, како и јасно видливите позитивни резултати.

**Одговорни за следење**

- Директор,
- Училиштен одбор,
- Стручна служба,
- Совет на родители,
- училишни тимови,
- стручни активи,
- комисии,
- наставници,
- ученички парламент, ученички правобранител, ученици.

**Критериум за успех**

Критериуми за успехот од работењето на училиштето ќе бидат добиените резултати од работењето, кои ќе ги следиме и мериме преку следните критериуми за успех: навремено информирани ученици, вработени, родители и нивна соодветна вклученост, идентификувани надарени и талентирани ученици, информирани ученици за придобивки од воннаставни активности, идентификувани потреби на учениците, зголемен интерес за учество во воннаставни активности, напредок во постигнати резултати на општински и државни натпревари.

Критериумите за успех на учениците се различни во зависност од образовниот систем, но генерално, тие обично се засновани на следниве аспекти:

- Академски успех:

- Бодови од тестови: Процентот на успешност на писмените и усмените одговори.
- Оценки: Крајните оценки по предмети (на пример: одличен, многу добар, добар, задоволителен, недоволен).
- Процес на учење: Способноста на ученикот да ги совлада наставните содржини и да применува наученото.

- Развој на вештини:

- Креативност и иновација: Способноста за креативно решавање проблеми и создавање нови идеи.
- Комуникациски вештини: Способноста за јасно и ефективно изразување на мисли и идеи, како усно така и писмено.
- Критичко размислување: Способноста да се анализираат, оценуваат и синтетизираат различни информации и идеи.

- Личен развој:

- Самодисциплина и организација: Способноста да се организира времето и задачите, како и да се постигне редовност во учењето.
- Самостојност: Способноста да се учи и работи без многу надзор.
- Иницијативност: Проактивноста во учењето и во училишните активности.

- Мотивација и ангажман:

- Интерес за учење: Способноста на ученикот да се ангажира и да ја изрази својата љубов за учењето и новите знаења.
- Учество во наставните и воннаставните активности: Присуство и активност во часовите, како и учество во различни проекти и активности.
- Социјални и емоционални вештини:
- Работа во тим: Способноста да се соработува со други ученици, како и да се работи заеднички на различни проекти и задачи.
- Емоционална интелигенција: Разбирање на сопствените чувства и чувствата на другите, како и управување со емоциите во социјални ситуации.

Индикатори за успешност:

- Зголемен среден успех на ниво на училиште,
- Намален број на слаби оцени,
- Поголема присутност, редовност и вклученост на учениците во настава,
- Намален број на неоправдани изостаноци,
- Зголемена соработка со родителите,
- Зголемено учество во воннаставни активности,
- Успешна промоција на училиштето преку функционална веб страна,
- Изработен училиштен флаер и поголема застапеност во медиумите,
- Склучен меморандум за соработка со други училишта.

## 8.Програми и организација на работата во основното училиште за учебната 2025/2026 година

### 8.1.Календар за организацијата и работата во основното училиште

# КАЛЕНДАР ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

Член 1

Со овој календар се утврдува организирањето на учебната година во основните училишта согласно програмските целини во наставната година: полугодие, други форми на воспитно образовната дејност и ученички одмор за учебната 2025/2026 година.

Член 2

Учебната година во основните училишта започнува на 1 септември 2025 година, а завршува на 31 август 2026 година.

Наставната година започнува на 1 септември 2025 година и завршува на 10 јуни 2026 година.

Член 3

Наставната година ја сочинуваат две полугодија - I и II полугодие.

Првото полугодие започнува на 1 септември 2025 година и завршува на 30 декември 2025 година.

Второто полугодие започнува на 20 јануари 2026 година и завршува на 10 јуни 2026 година.

Член 4

Во текот на учебната година учениците користат зимски и летен одмор.

Зимскиот одмор започнува на 31 декември 2025 година и завршува на 19 јануари 2026 година.

За време на зимскиот одмор вработените во училиштето од 2 јануари 2026 година до 10 јануари 2026 година користат платени работни денови.

Летниот одмор започнува на 11 јуни 2026 година и завршува на 31 август 2026 година.

Член 5

Основните училишта од 11 јуни до 19 јуни 2026 година организираат дополнителна настава, поправни испити и одделенски испити, а од 17 август до 21 август 2026 година организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош на учениците кои треба да полагаат поправни испити и одделенски испити и ги спроведуваат истите.

Член 6

Воспитно-образовната работа за учениците се организира во текот на целата работна недела.

Член 7

Во учебната 2025/2026 година наставата се остварува во 180 наставни денови.

Член 8

На денот на училиштето се организираат културни, спортски и други манифестации.

Традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик се одбележува со културни и други манифестации.

Денот на училиштето и традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик, се наставни денови кога се изведуваат посебни програми за манифестациите од ставовите 1 и 2 на овој член.

Член 9

Работните денови кога се изведуваат ученичките екскурзии, денот на училиштето и традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик, се наставни денови кога се изведуваат посебни програми. За учениците кои не ги посетуваат ученичките екскурзии, училиштето организира редовна настава согласно распоредот на наставни часови.

## ПРВО ПОЛУГОДИЕ

### СЕПТЕМВРИ

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| 1 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 2 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| 3 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 |
| 4 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 |
| 5 | 29 | 30 | | | | | |
| | 4 | 5 | 4 | 4 | 4 | | |

### ОКТОМВРИ

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 6 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| 7 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 |
| 8 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |
| 9 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | | |
| | | | | | | | |
| | 4 | 4 | 5 | 4 | 5 | | |

### НОЕМВРИ

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9 | | | | | | 1 | 2 |
| 10 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 11 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 |
| 12 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 |
| 13 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 |
| | | | | | | | |
| | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | | |

### ДЕКЕМВРИ

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| 14 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 15 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| 16 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 |
| 17 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 |
| 18 | 29 | 30 | 31 | | | | |
| | 4 | 5 | 4 | 4 | 4 | | |

## ВТОРО ПОЛУГОДИЕ

### ЈАНУАРИ

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 1 | 2 | 3 | 4 |
| | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 |
| 19 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 |
| 20 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | |
| | | | | | | | |
| | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | | |

### ФЕВРУАРИ

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | 1 |
| 21 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 22 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| 23 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 |
| 24 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | |
| | | | | | | | |
| | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | | |

### МАРТ

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | 1 |
| 25 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 26 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| 27 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 |
| 28 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 |
| 29 | 30 | 31 | | | | | |
| | 5 | 5 | 4 | 4 | 3 | | |

### АПРИЛ

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 29 | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 30 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| 31 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 |
| 32 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |
| 33 | 27 | 28 | 29 | 30 | | | |
| | | | | | | | |
| | 3 | 4 | 5 | 5 | 3 | | |

### МАЈ

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 33 | | | | | 1 | 2 | 3 |
| 34 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 35 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 |
| 36 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 |
| 37 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 |
| | | | | | | | |
| | 3 | 4 | 4 | 4 | 3 | | |

### ЈУНИ

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 38 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 39 | 8 | 9 | 10 | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | | |



Понеделник: 34
Вторник: 39
Среда: 38
Четврток: 36
Петок: 33
Вкупно: 180

## 8.2.ПОДЕЛБА НА КЛАСНО РАКОВОДСТВО, ПОДЕЛБА НА ЧАСОВИТЕ НА НАСТАВНИОТ КАДАР, РАСПОРЕД НА ЧАСОВИТЕ

Одделенските раководители играат клучна улога во образовниот процес и се важна алка меѓу учениците, родителите и наставничкиот кадар. Тие имаат обврска не само за организацијата и следењето на наставниот процес, туку и за воспитниот развој на учениците.

Основни задолженија на одделенскиот раководител вклучуваат:

- Следење на редовноста и успехот на учениците, водење педагошка документација и анализирање на воспитно-образовниот напредок на одделението.
- Одржување редовна комуникација со родителите и информирање за постигнувањата, однесувањето и потребите на учениците.
- Соработка со стручната служба во училиштето (психолог, педагог) со цел обезбедување соодветна поддршка на учениците.
- Поттикнување на позитивна и безбедна атмосфера во одделението, градење дух на соработка, толеранција и меѓусебна почит.

| Реден број | Одделение | Име и презиме на одд. раководител | Поделба на класно раководство |
|---|---|---|---|
| 1 | Ia | Невенка Кичукова | Одделенски наставник |
| 2 | Iб | Флоранса Лазова | Одделенски наставник |
| 3 | Iв | Мери Ристовска | Одделенски наставник |
| 4 | Iia | Верица Лазарева | Одделенски наставник |
| 5 | IIб | Марјана Пејоска | Одделенски наставник |
| 6 | Iiв | Анкица Калешова | Одделенски наставник |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7 | IIг | Марјан Јовчевски | Одделенски наставник |
| 8 | IIIа | Билјана Славева | Одделенски наставник |
| 9 | IIIб | Валентина Петрова | Одделенски наставник |
| 10 | IIIв | Наташа Тодоровска | Одделенски наставник |
| 11 | IIIг | Марјан Тодоров | Одделенски наставник |
| 12 | IVа | Цветанка Ржарова Тасева | Одделенски наставник |
| 13 | IVб | Томе Велинов | Одделенски наставник |
| 14 | IVв | Биљана Настовски | Одделенски наставник |
| 15 | IVг | Благица Бузалкова Јовчевска | Одделенски наставник |
| 16 | Vа | Лорета Стојановска | Одделенски наставник |
| 17 | Vб | Мимоза Јованова | Одделенски наставник |
| 18 | Vв | Христина Алчева | Одделенски наставник |
| 19 | Vг | Ленче Димовска | Одделенски наставник |
| 20 | VIа | Оливера Танеска | Наставник по математиа |
| 21 | VIб | Владимир Колевски | Наставник по историја |
| 22 | VIв | Валентина Мајсторска | Наставник по хемија |
| 23 | VIг | Снежана Шупевска | Наставник по физика |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 24 | VIIa | Славјанка Паунова Куцулова | Наставник по англиски јазик |
| 25 | VIIб | Гордана Мирчевска | Наставник по македонски јазик |
| 26 | VIIв | Ирена Давчевска | Наставник по информатика |
| 27 | VIIг | Сениха Брзева | Наставник по математика |
| 28 | VIIIa | Трајче Ќурчиев | Наставник по англиски јазик |
| 29 | VIIIб | Менче Ѓуровска | Наставник по француски јазик |
| 30 | VIIIв | Весна Баркова | Наставник по историја |
| 31 | VIIIг | Игор Михајловски | Наставник по математика |
| 32 | IXa | Наташа Вишинова | Наставник по англиски јазик |
| 33 | IXб | Коста Шупевски | Наставник по географија |
| 34 | IXв | Горан Грков | Наставник по македонски |
| 35 | IXг | Македонка Поптодорова | Наставник по француски јазик |
| 36 | | Валентина Јурукова | Наставник по музичко образование |
| 37 | | Габриела Лљуткова | Наставник по биологија |
| 38 | | Љубинка Чанева | Наставник по биологија |
| 39 | | Слободанка Мартинова Арсовска | Наставник по англиски јазик |
| 40 | | Габриела Трифуноска - Шестакова | Наставник по македонски јазик |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 41 | | Даниела Трендафилова | Наставник по македонски јазик |
| 42 | | Валентина Јовева | Наставник по етика и религиите во светот |
| 4 | | Оливера Стојановска | Наставник по религиозно и културно наследство |
| 44 | | Игор Николов | Наставник по физичко образ. |
| 45 | | Васко Гаврилов | Наставник по ликовно обрз. |
| 46 | | Светлана Јаќимовска | Наставник по техничко образ. |
| 47 | | Мирослав Велковски | Наставник по географија |
| 48 | III одд | Анета Цветкова | Одделенски наставник во Караслари |
| 49 | II,III,V | Антонио Камев | Одделенски наставник во Чалошево |
| 50 | II,V | Даниела Тумбова | Одделенски наставник во Караслари |
| 51 | III,V | Десанка Влахчева | Одделенски наставник во Башино село |
| 52 | I,II | Евгенија Кочовска | Одделенски наставник во Башино село |
| 53 | IV | Билјана Наумова | Одделенски наставник во |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Башино село |
| 54 | I | Ивана Недева | Одделенски наставник во Караслари |
| 55 | | Бедрие Сејфула | Наставник во продолжен престој |
| 56 | | Андријана Богеска | Наставник по англиски јазик |
| 57 | | Марија Иванова | Наставник по англиски јазик |
| 58 | | Никола Василев | Наставник по физичко образование |
| 59 | | Љупче Иванов | Наставник по физичко образование |
| 60 | | Никола Зафирчев | Наставник по физичко образование |
| 61 | | Сашко Радевски | Наставник по физичко образование |
| 62 | | Методија Костов | Наставник по физичко образование |
| 63 | | Младенка Ѓорѓиева | Наставник по математика |

Програма за работа на раководители на паралелки за учебната 2025/26 година при ООУ„Панко Брашнаров“ Велес

Оваа програма за работа на паралелките е изготвена со цел успешно планирање и организирање на воспитно-образовниот процес во текот на учебната 2025/2026 година. Таа ги опфаќа основните цели, активности и мерки за унапредување на наставата, развојот на учениците и соработката со родителите и заедницата. Програмата е насочена кон создавање стимулативна средина во која секое дете ќе има можност да напредува според своите можности, интереси и потреби. Со тоа се обезбедува целосна поддршка во градењето на одговорни, самостојни и активни граѓани.

Цели на програмата

- Обезбедување квалитетен воспитно-образовен процес во согласност со наставните програми.
- Поттикнување на целосен развој на личноста на учениците.
- Подобрување на дисциплината и училишната клима.
- Активна вклученост на родителите и локалната заедница.
- Развој на вештини за работа во група, критичко размислување и одговорно однесување.

Воспитни цели и содржини

- Развивање на култура на комуникација, почитување и соработка.
- Поттикнување на љубопитност, истражување и самостојност.
- Негување на еколошка свест и општествена одговорност.
- Поддршка на емоционален развој и емпатија.

Мерки за напредок и поддршка

- Следење на напредокот преку евиденција, оценување и разговори.
- Поддршка за ученици со тешкотии.
- Тимска координација (наставник, педагог, психолог).

### 8.3.Работа во смени

И во оваа учебна 2025/26 година, централното училиште ќе работи во две смени, со ротирање преку една недела, и тоа:

Учениците во прво и второ одделение ќе посетуваат настава само претпладне од 7,30 част

Прва смена претпладне предметна настава - втора смена попладне одделенска настава од трето до петто одделение.

Втора смена попладне предметна настава - прва смена одделенска настава од трето до петто одделение

Во подрачните паралелки, наставата се изведува само во прва смена претпладне од 07,30 часот.

Во претпладневната смена часовите започнуваат во 07,30 часот, а завршуваа во 12.55 часот.

Во попладневната смена часовите започнуваат во 13,30 часот, а завршуваат во 19,00 часот.

Наставниот час трае 40,00 минути.

**8.4.Јазик / јазици на кој/и се изведува наставата**

Во училиштето наставата ќе се изведува на македонски јазик

| | **Македонски јазик** | **Албански јазик** | **Турски јазик** | **Српски јазик** | **Босански јазик** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 42 | / | / | / | / |
| **Број на ученици** | 714 | / | / | / | / |
| **Број на наставници** | 63 | / | / | / | / |

## 8.5.Проширена програма

Во рамки на воспитно-образовната дејност, нашето училиште ќе организира продолжен престој за учениците од прво до трето одделение, со цел обезбедување соодветна грижа, воспитување, надзор и поддршка при извршувањето на нивните училишни обврски во периодот по редовната настава.

Продолжениот престој претставува облик на организирана дневна активност која вклучува едукативни, воспитни, креативни и рекреативни содржини, прилагодени на возраста и развојните потреби на учениците. Вклучувањето на учениците во програмата на продолжен престој се врши врз основа на потпишана согласност од страна на родителот/старателот.

Во текот на времето поминато во продолжен престој, учениците ќе бидат ангажирани со активности поврзани со усвојување и продлабочување на наставните содржини, изработка на домашни задачи, организирано учење, како и индивидуална или групна поддршка при совладување на наставниот материјал. Дополнително, учениците ќе имаат можност да учествуваат во различни културно-уметнички, спортски, креативни и слободни активности, кои ќе се реализираат во согласност со Годишната програма за работа на училиштето.

Програмата за продолжен престој ќе биде реализирана од страна на одделенски наставник кој ќе биде задолжен за планирање, организација и спроведување на активностите, во средина која обезбедува безбедност, поддршка и поттикнување на личниот и образовен развој на секој ученик.

**8.6.Комбинирани паралелки**

Во оваа учебна година, бројот на комбинираните паралелки ќе биде во три подрачни училишта: Ќе функционираат и чисти паралелки во с.Башино Село, с.Караслари и с.Чалошево.

| Комбинирани паралелки | Име и презиме на одделенски наставник | Подрачни паралелки со локација |
|---|---|---|
| II, III и V | Антонио Камев | Одделенски наставник во с.Чалошево |
| III | Анета Цветкова | Одделенски наставник во с.Караслари |
| I | Ивана Недева | Одделенски наставник во с.Караслари |
| II,V | Даниела Тумбова | Одделенски наставник во с.Караслари |
| IV | Билјана Наумова | Одделенски наставник во с.Башино село |
| III,V | Десанка Влахчева Христова | Одделенски наставник во с.Башино село |
| I,II | Евгенија Кочовска | Одделенски наставник во с.Башино село |

**8.7.Странски јазици што ќе се изучуваат во основното училиште**

Во оваа учебна година во училиштето ќе се изведува настава по следните странски јазици:

- англиски јазик
- француски јазик

| *Наставници* | *Странски јазик* |
|---|---|
| Славјанка П. Куцулова | Наставник по англиски јазик |
| Слободанка М. Арсовска | Наставник по англиски јазик |
| Наташа Вишинова | Наставник по англиски јазик |
| Марија Иванова | Наставник по англиски јазик |
| Трајче Ќурчиев | Наставник по англиски јазик |
| Андријана Богеска | Наставник по англиски јазик |
| Македонка Поптодорова | Наставник по француски јазик |
| Менче Ѓуровска | Наставник по француски јазик |

**8.8.Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до деветто одделение**

| ***Име и презиме на наставник*** | ***Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до деветто одделение*** |
|---|---|
| Игор Николов | професор по физичко и здравствено образование |
| Љупче Иванов | професор по физичко и здравствено образование |
| Никола Василев | професор по физичко и здравствено образование |
| Никола Зафирчев | професор по физичко и здравствено образование |
| Сашко Радевски | професор по физичко и здравствено образование |
| Методија Костов | професор по физичко и здравствено образование |

## 8.9.Изборна настава

Сите одделенски и предметни наставници изготвија Годишни планирања за соодветните наставни предмети, вклучувајќи: задолжителни и изборни предмети, дополнителна и додатна настава, слободни ученички активности, час на одделенската заедница и воннаставни активности. Изработката на годишните планирања е во согласност со Наставниот план и Наставните програми подготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерството за образование и наука. При нивната подготовка се земени предвид едукативните искуства и компетенции на наставниците, стекнати преку учество на работилници, стручни активи, обуки (интерни и екстерни), семинари и други форми на стручно усовршување. Во однос на изборната настава, се почитува принципот ученикот секоја учебна година да избере различен изборен предмет. Преку оваа настава, учениците имаат можност да ги прошират и продлабочат своите знаења, да развијат пошироки видици и индивидуални способности по различни наставни предмети. Изборната настава се реализира од IV до IX одделение.

Учениците имаат можност да изберат од сите предмети понудени согласно наставниот план. Исто така, и пред завршувањето на учебната 2025/2026 година, ќе се спроведе навремена и соодветна анкета, преку која учениците и нивните родители повторно ќе се изјаснат за своите интереси. Преку изборната настава на учениците ќе им се даваат можности да ги прошират и продлабочат своите знаења, да ги прошират своите видици и да ги развијат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети. Овој вид на настава ќе се реализира од 4 до 9 одделение. Изборот на изборниот предмет е направен од страна на родителите и учениците по пат на писмена анкета, пред завршување на изминатата учебна година. На учениците им беа понудени сите изборни предмети согласно наставниот план.

| ОДД. | ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ | ОДДЕЛЕНИЕ |
|---|---|---|
| 1 | Религиите во светот | 6а, 6б (прво полугодие) 6в,6г (второ полугодие) |
| 2 | Религиозно и културно наследство | 6в, 6г (прво полугодие) 6а,б (второ полугодие) |
| 3 | Воспитувањето преку параболите, изреки и приказните | 7а, 7б, 7в,7г (прво полугодие) |
| 4 | Античка култура и уметност | 7а, 7б, 7в,7г (второ полугодие) |
| 5 | Техничко образование | 8а, 8в (прво полугодие) 8б,8г ( второ полугодие)<br>9а |
| 6 | Проекти од информатика | 8б,8г (прво полугодие) 8а, 8в (второ полугодие) |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | Проекти од ликовната уметност | 9б,9в,9г |
| 8 | Мултикултурна работилница | 4а,б,в,г<br>4 одд (с. Башино Село, с. Караслари)<br>Прво полугодие |
| 9 | Танци и народни ора | 4а,б,в,г<br>4 одд (с. Башино Село, с. Караслари)<br>Второ полугодие |
| 10 | Изработка од хартија – оригами | Четврто одделение во  подрачното училиште во с. Башино Село<br>Прво полугодие |
| 11 | Природните убавини на мојата татковина | Четврто одделение во  подрачното училиште во с. Башино Село<br>Второ полугодие |
| 12 | Заштита на животната средина | 5а,5б<br>Прво полугодие |
| 13 | Финансиска писменост | 5а,5б<br>Второ полугодие |
| 14 | Образование за животни вештини | 5в,5г<br>подрачните училишта во с. Чолошево и с. Башино Село<br>Прво полугодие |
| 15 | Сликање – цртање вајарство | 5а,5в<br>подрачните училишта во с. Чолошево и с. Башино Село<br>Второ полугодие |
| 16 | Изработка од хартија - оригами | Петто одделение во подрачното училиште во с. Караслари<br>Прво полугодие |
| 17 | Фудбал | Петто одделение во подрачното училиште во с. Караслари<br>Второ полугодие |

**8.10. Дополнителна настава**

Дополнителната настава е наменета за ученици со помали предзнаења, слаби резултати, подолго отсуство од настава или тешкотии во учењето. Учениците од прво до петто одделение можат да следат по еден час дополнителна настава неделно за најмногу два предмета, додека учениците од шесто до деветто одделение за најмногу три предмета.

Наставата се организира додека ученикот не ги постигне очекуваните резултати, при што вклучувањето се одлучува по проценка на наставникот и во согласност со родителот или старателот. Континуирано се следи напредокот на ученикот, а сите резултати се документираат и се информираат родителите. Дополнителната настава ќе се организира за ученици од прво до деветто одделение кои не ги постигнале очекуваните резултати, а распоредот ќе биде изработен најдоцна до септември за учебната 2025/2026 година.

Дополнителната настава за ученикот ќе трае додека ученикот не ги постигне очекуваните резултати согласно наставната програма. Ученикот ќе се вклучува во дополнителна настава по проценка на наставникот од следењето на напредокот на учениците во настава, во согласност и договор со родителот/старателот.

Наставникот континуирано ќе го следи напредувањето на ученикот со цел да констатира дека ученикот ги надминал потешкотиите, ги постигнал очекуваните резултати или има потреба за продолжување на дополнителна настава и за истото ќе го информира родителот, односно старателот.

## 8.11. Додатна настава

Додатна настава се организира за учениците од прво до деветто одделение кои покажуваат интерес и постигнуваат добри резултати во одредени предмети. Наставата ја реализира наставникот по конкретниот предмет, со еден час неделно, а учениците одлучуваат дали ќе ја следат во договор со родителите.

Во училиштето има надарени и талентирани ученици со високо развиени таленти по одредени области, со високи интелектуални способности, трудољубиви и одговорни, со развиена емоционална интелигенција и со силна волја за учење повеќе од задолжителната материја. Наставата се одвива во мали групи до 10 ученици, со постојано следење на напредокот и поставување нови предизвици.

Секој наставник изготвува посебна програма, а најуспешните ученици учествуваат на училишни, општински, регионални и државни натпревари во различни области (спорт, математика, јазици, ликовно, техничко и др.).

ООУ „Панко Брашнаров" е училиште кое континуирано ќе вложува во својот развој и ќе создава позитивна продуктивна и стимулативна училишна клима, ученици кои ќе го вложуваат својот максимум за реализацијата на сопствените афинитети и вештини. Правилното канализирање на енергијата која ја носи во себе ученикот и можноста да се надградува според афинитетите е одговорна задача на училиштето, кое го води ученикот кон портите на успехот и надвор од него. Секој ученик се гордее со своите лични постигнувања, како и со постигнувањата кои ги носи во име на училиштето.

Ученичките натпревари опфаќаат активности преку кои учениците ќе ги презентираат своите постигнувања во наставата и другите подрачја на воспитно-образовната дејност и ќе го презентираат училиштето во својот град и надвор од него.

Натпреварите ќе се организираат со цел да се вреднуваат и да се рангираат знаењето, умеењето, вештините и способноста на учениците по одделен наставен предмет или научна област. Натпреварите вообичаено се организирани од акредитирани здруженија на наставници. Тргнувајќи од приоритетот за афирмирање на постигањата на учениците, во текот на учебната година нашето училиште ќе земе учество на сите натпревари организирани од страна на МОН, БРО, и други организации. Преку

натпреварите кај учениците ќе настојуваме да се развива натпреварувачки дух, стремеж за постигнување повисоки вредности во образованието, културата, уметноста и спортот.

## 8.12.Работа со надарени и талентирани ученици

Работата со надарени ученици претставува специјализиран образовен пристап кој има за цел да ги препознае, развие и поттикне способностите на учениците кои покажуваат надпросечни интелектуални, креативни или академски способности во одредена област или повеќе области. Оваа работа бара внимателно планирање, индивидуализиран пристап и соработка меѓу наставниците, родителите и стручните лица. Посебно внимание ќе се посвети на карактеристиките на талентот, стиловите на учење, креативноста и личните особини на потенцијалните таленти. Методите и формите на работа ќе бидат насочени кон самостојно учење, користење информации и развој на вештини за стекнување нови знаења и решавање проблеми.

Преку креативни и насочени предавања ќе се зголеми свесноста кај родителите за препознавање на посебните способности на нивните деца и за поттикнување на нивната мотивација.

**Основни карактеристики на надарените ученици:**

- Брзо усвојуваат нови информации и концепти
- Покажуваат високо ниво на љубопитност и мотивација за учење
- Имаат развиено критичко и креативно размислување
- Поседуваат изразена способност за решавање на сложени проблеми

**8.13.Работа со ученици со посебни образовни потреби**

Програмата за работа со ученици со посебни образовни потреби има за цел да обезбеди прилагодено и поддржано учење според индивидуалните потреби на секој ученик, со цел успешно вклучување во наставниот процес и развој на нивните способности.
Во рамките на програмата се врши рана идентификација и евалуација на потребите преку соработка меѓу наставниците, родителите и стручните служби. Се изработуваат индивидуални образовни планови со прилагодени методи и материјали кои одговараат на можностите на ученикот. Програмата вклучува и редовна комуникација со родителите за следење на напредокот и заедничка поддршка на учениците. Постојано се следи развојот на ученикот и се прилагодуваат плановите според постигнатите резултати.
Со оваа програма се очекува подобрување на учењето, зголемување на самодовербата, социјалната вклученост и развојот на индивидуалните потенцијали на учениците.
Исто така ќе се внимава и на психо-социјалниот развој на учениците и нивното оптимално и соодветно прилагодување во училишната средина.

**Програма на инклузивен тим за образование**

Обезбедување квалитетна и инклузивна образовна поддршка за децата со посебни образовни потреби преку мултидисциплинарен пристап и индивидуализирана поддршка во наставниот процес. Преку инклузивното образование ќе овозможиме пристап со кој ќе се задоволат потребите за учење на сите ученици во еден образовен систем, а неговите начела се базираат врз основните принципи на Конвенцијата на правата на детето. Инклузивното образование ќе има за цел создавање системи кои се флексибилни и ќе нудат доволно поддршка за да се задоволат потребите на разни ученици со различно потекло во редовните училишта и училници. Вклученоста на сите деца во наставните и воннаставните активности на училиштето, без оглед на нивните потенцијали или способности го карактеризира, објаснува и дефинира поимот инклузивно образование. Со вклучувањето

на децата со посебни потреби во нашето училиште планираме да се постигне социјализација, интеграција, растење во природна средина, прифаќање на разновидноста, развој на толеранција, храброст во барање и примање помош од другите и развој и зајакнување на личностана децата со попреченост.

1. Цели на тимот

- Идентификација на потребите на ученикот
- Изработка и спроведување на индивидуален образовен план (ИОП)
- Поддршка на наставниот кадар во примената на инклузивни методи
- Следење на развојот и напредокот на ученикот
- Поддршка на социјалната интеграција на ученикот во училишната средина

2. Индикатори за успех

- Подобрена  вклученост на ученикот во воспитно-образовниот процес
- Зголемена социјализација и учество во училишни активности
- Подобрена комуникација со родителите
- Задоволство на ученикот и родителите од поддршката
- Редовна документација и преглед на напредокот

3. Документација

- Индивидуален образовен план (ИОП)
- Дневник на активности и состаноци на тимот
- Извештаи за напредок (тримесечни)
- Повратни информации од наставниците и родителите

Инклузивниот тим има суштинска улога во создавање позитивна, поддржувачка и инклузивна средина за сите ученици во основното училиште. Со доследна имплементација на предвидените активности и соработка меѓу наставниците, стручната служба, родителите и локалната заедница, се обезбедува еднаквост во пристапот до квалитетно образование.Програмата има за цел да овозможи рано препознавање на индивидуалните потреби, прилагодување на наставата и обезбедување соодветна поддршка за учениците со образовни потешкотии или со посебни образовни потреби. Преку континуирана едукација на кадарот, тимска координација и евалуација на ефектите, инклузивниот тим придонесува кон општа добросостојба на учениците и нивна целосна интеграција во воспитно-образовниот процес.
Со оваа програма се поставуваат темелите за развој на инклузивна култура во училиштето, каде што секој ученик се чувствува прифатен, вреднуван и охрабрен да го достигне својот целосен потенцијал.

**8.14.Туторска поддршка на учениците**

Програмата за тутори претставува важен облик на поддршка и меѓусебна помош помеѓу учениците во училиштето. Таа има за цел да поттикне соработка, другарство и солидарност преку вклучување на ученици-волонтери (тутори) кои им помагаат на соученици со потреба од дополнителна поддршка – во учењето, прилагодувањето, социјалната вклученост или однесувањето.

Туторството овозможува развој на позитивна училишна клима, јакнење на одговорноста кај учениците и подобрување на академските и социјалните вештини кај сите вклучени. Програмата се реализира преку индивидуални или групни средби, со водство и надзор од страна на наставници или стручната служба, во духот на почитување, доверба и взаемна поддршка.

Во нашето училиште сеуште нема организирано туторска поддршка на учениците по наставни предмети. Во план е вклучување на туторска поддршка според пројавените потреби, кога училиштето ќе има точна бројка на вклучени ученици во оваа програма, име и презиме на туторот и факултетот од каде доаѓа / доаѓаат.

**9.Вонnаставни активности**

Воннаставните активности претставуваат мошне значајно интегрално подрачје во севкупната воспитно-образовна дејност на училиштето. Опфаќаат содржини и активности што се реализираат надвор од наставата. Преку ова подрачје на учениците ќе им дадеме можност за развивање на активен ученички живот, зголемување на интересите и способностите и изградување на морално, културно, вредносно, естетско чувство и желба за подобар физички, интелектуален, социјален и емоционален развој.

Во програмата на училиштето се опфатени различни воннаставни активности на учениците за задоволување на индивидуалните интереси и за развививање на способностите на учениците за заедничка работа која ќе придонесува за зајакнување на меѓусебната доверба и толеранција низ дружењето во слободното време. Слободните ученички активности ќе се организираат во областа на науката, техниката, уметноста, спортот, самозаштитата, психологијата, унапредувањето на психофизичкото здравје или со учество на учениците во културно - уметнички и општествено – хуманитарни активности (учество во училишен хор, оркестар, драмска, рецитаторска секција, дебатен клуб и сл.). На тој начин во училиштето ќе се создаваат можности за учениците кои имаат интерес за одредени области и предмети, без оглед на успехот во редовната настава, ќе се создаваат разновидни можности за да се вклучуваат и да се потврдуваат со своите постигања. Личниот интерес на ученикот ќе има примарно значење во изборот на воннаставните активности. Можноста за поврзувањето на содржините во слободните ученички активности ќе зависи од интересот на учениците, но сепак, без оглед на корелацијата со наставата, со слободните ученички активности ќе се збогатува воспитно - образовната работа на училиштето со што ќе станува попривлечно за учениците.

Со реализацијата на слободните ученички активности ќе се воспоставува современ пристап што ќе овозможува активно учество на учениците на повеќе нивоа: од изборот и селекција на темите, преку изведување на активностите, па сè до презентација на резултатите и нивна примена во училиштето, средината и секојдневниот живот. Секој ученик ќе учествува во една слободна ученичка активност
по свој избор, а училиштето ќе ги сумира интересите преку спроведување на анкетен прашалник на почетокот на учебната година.
Учениците кои ќе учествуваат во училишниот хор или оркестар ќе можат да се ангажираат најмногу до три часа неделно.
Одделни секции или групи што ќе се организираат, ќе можат да се обединуваат според содржината или карактерот на
активностите во поголеми ученички асоцијации, како на пример, да се формираат училишни клубови и сл. Исто така, ќе ги
искористуваме можностите за поврзување на слободните активности на учениците и на ниво на Општина Велес, со соодветни

организации. Учениците во воннаставвните активности се вклучуваат доброволно.

При реализацијата на воннаставни активности училиштето ќе обезбеди услови и ќе настојува:

- Вклучување на поголемиот број ученици барем во една воннаставна активност за поддршка на личниот и социјалниот развој, без оглед на нивниот пол, етничката припадност и социјалното потекло;
- Вклучување на учениците со посебни образовни потреби и ученици од семејства со низок социо-економски статус во воннаставните активности;
- Учениците да се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор;

**Слободни ученички активности**

Слободните ученички активности ќе имаат за цел:

- да ги негуваат индивидуалните интереси и способности на учениците;
- да создаваат навики за правилно користење на слободното време;
- да ја поттикнуваат и негуваат детската љубопитност и креативност на учениците;
- да негуваат доследност и истрајност во извршувањето на ученичките обврски;
- да ги продлабочат знаењата и вештините на учениците.

Во слободните ученички активности ќе можат да учествуваат сите ученици кои имаат афинитети и интереси без оглед на успехот во редовната настава. Целта е преку реализацијата на слободните ученички активности да се постигнуваат значајни воспитно-образовни резултати.

**Натпревари**

Ученичките натпревари се облик на активности преку кои еден ученик или група ученици се трудат подобро или побрзо да постигнат подобри воспитно-образовни резултати. Натпреварите имаат значајна улога во развојот на личноста на ученикот. Преку нив се поттикнува и развива интересот на учениците кон одредена активност, па на тој начин се воспоставува активен однос кон наставата и вреднувањето на постигнатите резултати.

Училиштето кое континуирано вложува во својот развој и создава позитивна , продуктивна и стимулативна училишна клима создава и ученици кои ќе го вложат својот максимум за реализацијата на сопствените афинитети и вештини. Правилното канализирање на енергијата која ја носи во себе ученикот и можноста да се надградува според афинитетите е одговорна задача на училиштето, кое го води ученикот кон портите на успехот. Секој ученик се гордее со своите лични постигнувања, како и со постигнувањата кои ги носи во име на училиштето. Клучот на успехот лежи во сите нас кои го поттикнуваме мотивот за самодокажување на учениците и желбата за афирмација на училиштето во општеството.

Во текот на учебната година во рамките на додатната настава наставниците ќе ги подготвуваат заинтересираните ученици за учество на сите општински, регионални, државни и меѓународни ученички натпревари кои ќе бидат организирани од страна на установите или институциите кои за тоа имаат одобрение од Министерството за образование и наука. Училиштето ќе ги организира сите училишни натпревари предвидени во програмата на стручните активи. На општинските, регионалните или државните натпревари ќе земат учество учениците кои покажале подобри резултати на училишните натпревари.

**Екскурзии**

.

Екскурзиите претставуваат значаен сегмент од воспитно-образовниот процес во основното образование. Тие претставуваат форма на организирано учење надвор од училницата, каде учениците имаат можност директно да се запознаат со културни, природни, историски или општествени појави и објекти. Преку екскурзиите, се поттикнува љубопитноста кај учениците, се развива нивната опсервациска способност и се зајакнува врската меѓу стекнатото знаење и реалниот свет. Освен образовната улога, овие активности имаат и социјална компонента – тие овозможуваат дружење, меѓусебна соработка, развивање на тимски дух и градење

позитивна атмосфера меѓу учениците и наставниците. Оттука, планирањето и реализирањето на екскурзии претставува важен аспект од целокупниот воспитно-образовен процес во основното училиште.
Со Годишната програма за работа на училиштето ќе бидат регулирани и активности за организирање на екскурзии и излети со воспитно-образовен карактер, чија цел е кај учениците да се развива другарство, почитување, интерес за природните богатства и културно-историското наследство, како и љубов кон природата

Преку реализацијата на ученичките екскурзии и излети учениците ќе се:

- запознаваат со предметите и појавите во нивната природна средина и во нивните животни услови;
- ќе ги прошируваат своите знаења, добиваат сознанија за одделни подрачја од животот и работата на луѓето;
- ќе се запознаваат со природните убавини и со културно-историските знаменитости на поблиската и поширока заедница.

**Ученички парламент**

Ученичкиот парламент претставува највисока форма на организирано делување и вклученост на учениците во животот и работата на училиштето. Овој орган има значајна улога во оформувањето на демократскиот дух кај учениците и придонесува за поактивно учество во сите сегменти од училишното секојдневие. Преку неговото функционирање, на учениците им се овозможува да го искажат своето мислење, да учествуваат во донесување одлуки и самостојно да придонесуваат во решавањето на прашања што се однесуваат на нивниот образовен и социјален живот во рамки на училиштето.

Во реализацијата на активностите на Ученичкиот парламент, поддршка ќе обезбедуваат раководителите на паралелките, одговорните наставници, како и стручната служба (педагошко-психолошка служба).

Главни задачи на Ученичкиот парламент се:

- Поттикнување на поголема вклученост на учениците во училишниот живот;
- Подобрување на нивниот образовен успех, поведение и редовност во посетувањето на наставата;
- Создавање на позитивна и продуктивна работна атмосфера;
- Развивање на другарски односи, соработка и морално однесување;

- Одржување ред и дисциплина во училиштето;
- Организирање поддршка за ученици со потешкотии во совладување на наставните содржини;
- Обезбедување материјална помош за ученици на кои им е потребна;
- Стекнување увид во функционирањето на возрасните и развивање чувство на одговорност за преземените активности.

За извршување на одделни задачи и активности, раководството на Ученичкиот парламент ќе има можност да назначува свои претставници кои ќе учествуваат во работата на различни органи, како што се: Советот на паралелката, Наставничкиот совет, Советот на родители, како и при соработка со младински организации и чинители од локалната заедница.

**Општествено хуманитарна работа**

Општествено-хуманитарна работа во училиштето е планирана активност со однапред изготвена програма за работа. Ова подрачје опфаќа активности кои ќе се изведуваат во училиштето и локалната средина. Учениците ќе земат активно учество во: разни солидарно-хуманитарни акции (собирање парични средства, донирање на облека, донирање на училишен прибор и сл.) кои имаат пошироко општествено значење и помош на социјално загрозени и базари, прослави и одбележувања на значајни датуми, работни акции во и надвор од училиштето, уредување на училниците и училишниот двор и сл.

Целта на општествено-хуманитарната работа ќе биде:

- да се развие позитивен однос кон другите;
- чувство на одговорност;
- да се развива истрајност во работата, уредно и навремено завршување на задачите;
- развивање работни навики;
- развивање навики за одржување на општа хигиена во училиштето и околината,
- создавање и негување љубов кон природата, околината, природните и историските одбележја и споменици.

**9.1.Училишни спортски клубови**

Со цел поттикнување на љубовта кон спортот кај младите и нивно насочување кон здрав и целосно развиен животен стил, училиштето ќе организира и реализира спортски натпревари и активности во соработка со други основни и средни училишта од градот и пошироко.
Од особена важност ќе биде функционирањето на училишните спортски клубови во рамките на активностите на Сојузот за училиштен спорт,во соработка со Агенцијата за млади и спорт. За работата во овие клубови ќе биде ангажиран стручен и професионален кадар.
Младите спортисти ќе имаат можност да учествуваат на натпревари од локален, градски, регионален и државен карактер во повеќе спортски дисциплини. Преку ваквото вклучување ќе се поттикнува спортскиот и натпреварувачкиот дух кај учениците.
За успешна реализација на програмата за училишен спорт, училиштето ќе воспостави континуирана соработка со спортски клубови и здруженија – кајакарски, фудбалски, одбојкарски, ракометни, кошаркарски и други – од локалната средина, но и од поширокиот регион.
Преку училишниот спорт се настојува да се развијат здрави животни навики и спортска култура кај учениците, имајќи предвид дека физичката активност има директно позитивно влијание врз нивниот психофизички развој и целокупното здравје.

**9.2.Акции**

Училиштето и оваа учебна година ќе даде значајно место на општествено хуманитарната работа. Покрај хуманата димензија на овие активности, целта ќе биде да се поттикне перцепција и чувството на припаѓање во заедница кај учениците, заедничка грижа и емпатија, вложување во општо добро, задоволство од мотивација, доследност, изградени вредности, споделување и лична одговорност во училишниот колектив. Негувајќи го духот на градење на високи етички морални начела кај учениците, во активностите кои се опфатени со ова подрачје, активно учество ќе имаат учениците, наставниците, родителите и пошироката заедница. Во текот на наставната година ќе се спроведуваат голем број хуманитарни акции како: собирање парични средства, донирање на облека, собирање на училишен прибор, собирање стара хартија за рециклирање. Ќе се организираат базари, хепенинзи, средување на училниците, чистење и уредување на училишниот двор, хуманитарни настани, еколошки акции и друго.

## 10.Ученичко организирање и учество

Училишната заедница ја сочинуваат сите ученици во училиштето. Учениците ќе бидат организирани во заедници на ниво на паралелка – секој во својата паралелка, во која на демократски начин и оваа година ќе вршат избор на членови на претседателство и претседател, кој ќе биде преставник на паралелката на повисоко ниво односно во ученичкиот парламент. Ученичкиот парламент ќе го сочинуваат 16 ученици, претседатели на заедницата на паралелките. Првото свикување на ученичкиот парламент, како и секоја година, ќе го свика директорот. Ученичкиот парламент ќе земе активно учество во застапување и промовирање на правата, одговорностите и интересите на учениците. Претседателот на ученичкиот парламент за оваа учебна година, ќе се избере со мнозинство гласови од вкупниот број на претставници од претседателите на заедниците на паралелките, по пат на тајно гласање. Ученичкиот правобранител ќе се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето, а ќе се избере со мнозинство гласови по пат на тајно гласање.

## 11.Вонучилишни активности

Целта на програмата за вонучилишни активности е да создаде можности за целосен личен, социјален и културен развој на учениците преку организирање и реализирање на активности кои ги надополнуваат и збогатуваат нивните редовни образовни искуства. Програмата има за цел да поттикне кај учениците љубопитност, креативност, тимска работа и развој на личните и социјалните вештини, преку вклучување во најразлични активности од областа на медиумите, културата, спортот и уметноста.
Главна насока на програмата е запознавање на учениците со основите на медиумската писменост, развивање на разбирање за улогата на медиумите во современото општество и градење на критичко мислење при консумирање медиумски содржини. Преку практични активности, учениците ќе стекнат вештини за изразување преку различни медиуми, како и за креирање сопствени медиумски содржини.
Дополнително, се поттикнува активно учество во индивидуални и колективни спортски активности, танцови форми како балет и фолклорни игри, со цел развивање на физичката подготвеност, координацијата, упорноста, како и натпреварувачкиот дух. Преку овие активности, учениците ќе имаат можност да ги препознаат и негуваат сопствените интереси и таленти, да ги развијат своите потенцијали,

како и да стекнат повисоко ниво на самодоверба и мотивација.Една од целите на програмата е и збогатување на културната свест кај учениците преку запознавање со културното наследство, традицијата, обичаите и природните убавини на Република Северна Македонија. Посетите на културно-историски знаменитости, музејски поставки и природни реткости ќе придонесат учениците подобро да ја разберат и почитуваат сопствената култура, како и да ја развиваат љубовта кон татковината.

Програмата исто така промовира вредности како што се соживотот, меѓусебното почитување, прифаќање на различностите, толеранција и солидарност. Активностите ќе бидат организирани на начин што ќе ги поттикнува учениците да соработуваат со врсниците, да ги почитуваат другите култури и да градат трајни другарства.

На крај, преку учество на учениците во локални, национални и меѓународни настани, манифестации, натпревари и проекти, училиштето ќе се промовира како пример за квалитетна и современа образовна институција, како на ниво на Општина Велес, така и на поширок национален и меѓународен план.

## 11.1.Екскурзии, излети и настава во природа

**Програма за планирани екскурзии, излети и други вонучилишни активности во училиштето во учебната 2025/2026 год.**

Врз основа на член 42 од Законот за основно образование (Сл.Весник бр.161/2019 годд.) и врз основа наПравилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 год. е изготвена Програмата за планирани екскурзии, излети и други вонучилишни активности во училиштето во учебната 2025/2026 година.

Екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците се воннаставни активности кои се изведуваат надвор од училиштето со цел продлабочување на знаењата на учениците по одделни воспитно-образовни подрачја и нставни предмети како и постигнување на други воспитни, образовни и рекреативни цели.

Целите на училишните екскурзии, излетите и други училишни активности се остваруваат преку:

- Истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот,
- Посети на локалитети и објекти од културно, историско и друго значење,
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики,
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одредени краеви во државата,
- Градење чувство за припадност кон државата,еднаквост,толеранција и соживот,
- Запознавање на учениците со културата на различни етнички заедници што живеат во нашата држава,
- Развивање позитивен однос кон националните,културните и естетските вредности на сопствениот народ и граѓаните кои припаѓаат на други народи кои живеат во државата,
- Дружење, социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себеси,
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво општествено живеење.

Во зависност од интересите на учениците и од временските услови можни се и промени во планот за изведување на екскурзиите.

| **Екскурзии/Излети** | **Време на изведување** | **Релација** | **Одделение** |
|---|---|---|---|
| **Еднодневен пролетен излет** | Април-Мај | Велес-Езеро Младост | I–II одд. |
| **Еднодневен пролетен излет** | Април-Мај | Велес-Скопје | IV–V одд. |
| **Еднодневен пролетен излет** | Април-Мај | Велес-Богомила | VII-VIII одд. |
| **Еднодневна екскурзија** | Април-Мај | Велес-Крушево | IIIодд. |
| **Дводневна екскурзија** | Април-Мај | Велес-Дојран | VIодд. |
| **Тродневна екскурзија** | Април-Мај | Велес-Охрид | IXодд. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Набљудувања** | Во текот на годината | Според програмата | I– IXодд. |
| **Посета на знаменитости и Установи** | Во текот на годината | Според програмата | I– IXодд. |

Во текот на учебната година за сите ученици од 1 и 2 одделение ќе биде организиран:

Еднодневен пролетен излет

Место: Велешко езеро

Носители на активностите: учениците од 1 и 2 одделение и  одделенските наставници.

- одделенски наставници
- учениците од 1 и 2 одд.

Образовно – воспитни цели:

- запознавање со природните убавини на Велешкото езеро
- градење на позитивен однос кон природата, спортот и рекреативните активности;
- запознавање со различни средини и специфичните  природно-географски обележја на Велешкото езеро и околината
- создавање на позитивен став и еколошки пристап кон непосредната околина во која живеат луѓето, како икон животните;

Образовно – воспитни задачи:

- развивање интерес за природата, градење еколошки навики;
- поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- поттикнување и развивање на чувство на колективност, меѓусебна почит и позитивен натпреварувачки дух
- и развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење;

Содржина и опис на активностите: Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, истражување,фотографирање.
Раководител на екскурзијата: Мери Ристовски – прво одделение
Раководител на екскурзијата: Марјан Јовчевски – второ одделение

Одговорен наставник: Одделенските наставници на 1 и 2 одд.

Носители на активностите: учениците од 1 и 2 одделение и одделенските наставници.

Начин на реализација:

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

Време на реализација : април - мај

Времетраење:еден ден

Локации за посета: Велешко Езеро

Правци на патување : Велес-Велешко езеро-Велес

Техничка организација:

Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси,комбе патничко,туристички водач и здравствено лице.

Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.

Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внатрешни работи  и издава патен налог на вработените за службено патување.

Начин на финансирање: Самофинансирање од страна на родителите.


ООУ „Панко Брашнаров" Велес
google.com/maps/dir/ООУ+„Панко+Брашнаров"+Велес,+MK,+Кресненско+Востание,+Velesi/Mladost/@41.7444029,21.7406034,13z/data=!3m1!4b1!4m14!4m13!1m5!1m1!1s0x13542b00...
Gmail
YouTube
Maps
Intel Core i3-1005G...
ООУ „Панко Брашнаров" Велес, MK, Кр
Mladost
Add destination
Leave now
Options
Send directions to your phone
via R1102
Fastest route now due to traffic conditions
Details
12 min
8.2 km
via R1102/R1312 and R1102
12 min
8.2 km
via A1/E75
13 min
10.9 km
Explore Mladost
Gas
Groceries
Hotels
More
Hotel Romantik
Mladost
Milanovi Weekend House
Otovitsa
Отовица
Mamutchevo
Мамутчево
Karatmano
Каратмано
Vardar River
Bashino Selo
Башино Село
Gardenia Hotel & Spa
Rashtani
Раштани
Super Kit-Go
ООУ „Панко Брашнаров" Велес
MOTOLOGISTIKA export-import...
Layers
Live traffic
Fast
Slow
Map data ©2022
North Macedonia
Terms
Privacy
Send feedback
1 km
МКД
4:40 PM
7/13/2022

Пролетен еднодневен излет

Место: Скопје

- одделенските наставници
- учениците од 4,5 одд.

Образовно-воспитни цели:

- Запознавање со главниот град на Македонија
- Посета на Зоолошката градина
- Посета на спомен куќата на Мајка Тереза и Старата скопска чаршија
- негување на старите културни вредности и обичаи,
- запознавање со историјата на овие простори,
- развивање позитивен став кон спомениците и природната околина.

Задачи:

- развивање интерес за природата, градење еколошки навики;
- поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- позитивен однос кон верските и културните вредности;
- социјализација и колективна заштита;
- да се поттикнува и развива другарството , меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.

- навики на здраво живеење.

Содржина и опис на активностите: Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање.

Раководител на екскурзијата: Лорета Стојановска

Одговорен наставник: Одделенските раководители на четврто и петто одделение

Носители на активностите: учениците од 4-5 одделение, одделенските наставници и класните раководители.

Време на реализација : аорил - мај

Времетраење:еден ден

Начин на реализација:

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,

- во организацијата и реализацијата посредува избрана туристичка агенција.
- Локации за посета : Скопје-Зоолошката градина-Куќата на Мајка Тереза и Старата скопска чаршија Поаѓање на групата од пред училиште во 8:00 часот. Се патува кон Скопје со посета на наведените објекти. Стигнување во Скопје, Зоолошката градина,Куќата на Мајка Тереза и Старата скопска чаршија. Враќање за Велес во 19 часот.

правци на патување: Велес-Скопје-Велес

Техничка организација: Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач и здравствено лице.

Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.

Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внатрешни работи и издава патен налог и на вработените за службено патување.

Начин на финансирање: Самофинансирање од страна на родителите


Your location to Skopje - Googl
google.com/maps/dir/41.7133838,21.7861238/Skopje/@41.8595391,21.4446063,11z/data=!3m1!4b1!4m18!1m8!3m7!1s0x135415a58c9aa2a5:0xb2ed88c260872020!2sSk...
enes
Saved
Recents
Skopje
48 min
Skopje
Best
48 min
12 hr
Your location
Skopje
Add destination
Leave now
Options
Send directions to your phone
Copy link
via A1/E75
48 min
Fastest route, lighter traffic than usual
52.4 km
This route has tolls.
Details
Explore Skopje
Search along the route
Gas
EV charging
Hotels
Sign in
48 min
52.4 km
Vodno
Водно
Sopishte
Сопиште
Drachevo
Драчево
Batinci
Батинци
Markova Sushica
Маркова Сушица
Dolno Kolichani
Долно Количани
Oreshani
Орешани
Zelenikovo
Зелениково
Katlanovo
Катланово
Badar
Бадар
Kozhle
Кожле
Drzhilovo
Држилово
Tsrn Vrv
Црн Врв
Kitka - Mala Reka
Китка
Otovitsa
Отовица
Bashino Selo
Башино Село
Buzalkovo
Бузалково
Rashtani
Раштани
Slivnik
Сливник
Drenovo
Дреново
Gorno Jabolchishte
Горно Јаболчиште
Jurumleri
Јурумлери
Miladinovci
Миладиновци
Gorno Konjari
Горно Коњари
Vince
Винце
Malino
Малино
Sopot
Сопот
Gorobinci
Горобинци
Ivankovci
Иванковци
Milino
Милино
Mamutchevo
Мамутчево
Jabolci
Јаболци
Layers
Google
Map data ©2024 Google
North Macedonia
Terms
Privacy
Send Product Feedback
5 km
Activate Windows
Go to Settings to activate Windows.
Search
Screenshots
Your location to Skop...
ekskurzija 23-24 - Mic...
МКД
11:08 AM

Пролетен еднодневен излет

Место:Богомила (општина Чашка)

Носители на активностите:

- Одделенските наставници
- Учениците од 7,8 одд.

Образовно-воспитни цели:

- Запознавање со с . Богомила
- Посета на с. Извор
- Посета на рибниците во с.Оморани и с.Нежилово
- Негување на старите културни вредности и обичаи,
- Запознавање со историјата на овие простори,
- Развивање позитивен став кон спомениците и природната околина.

Задачи:

- развивање интерес за природата, градење еколошки навики;
- поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- позитивен однос кон верските и културните вредности;
- социјализација и  колективна заштита;

- да се поттикнува и развива другарството , меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.
- навики на здраво живеење.

Содржина и опис на активностите: Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање.

Раководител на екскурзијата:  Менче Ѓуровска

Одговорен наставник: Одделенските раководители на седмо и осмо одделение

Носители на активностите: учениците од 7-8 одделение, одделенските наставници и класните раководители.

Време на реализација : април - мај

Времетраење: еден ден

Начин на реализација:

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата посредува избрана туристичка агенција.
- Локации за посета : с.Богомила - Спомен куќата на Петар Поп Арсов, с.Извор и рибниците во Оморани и Нежилово. Поаѓање на групата од пред училиште во 8:00 часот. Се патува кон с. Богомила со посета на с. Извор попатно и рибникот Нежилово.Стигнување во Богомила, посета на спомен куќата на Петар Поп Арсов,Римскиот мост на реката Бабуна и рибникот Нежилово.Враќање за Велес во 19 часот.

Правци на патување: Велес – с. Богомила -Велес

Техничка организација: Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач и здравствено лице.

Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.

Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внетрешни работи и издава патен налог и на вработените за службено патување.

Начин на финансирање: Самофинансирање од страна на родителите



Buzalkovo
Бузалково
R1312
E-75
Gorno
Jabolchishte
Горно
Јаболчиште
Drenovo
Дреново
Rashtani
Раштани
Slivnik
Сливник
Veles
57 min
44.6 km
Gorno
Vranovtsi
Горно
Врановци
Lisiche
Лисиче
Babuna
Бабуна
A1
R1312
Crkvino
Црквино
Nezhilovo
Нежилово
Elovets
Еловец
Chashka
Чашка
Melnitsa
Мелница
Tsreshnevo
Црешнево
Oraovec
Ораовец
Oreshe
Ореше
Grnchishte
Грнчиште
Bistritsa
Бистрица
56 min
44.1 km
Vojnica
Војница
Teovo
Теово
Stari Grad
Стари Град
Martolci
Мартолци
R1312
Izvor
Извор
Mokreni
Мокрени
Omorani
Оморани
Podles
Подлес
Pomenovo
Vladilovci

Еднодневна екскурзија за учениците од трето одделение

Вид на екскурзија: научно – наставна екскурзија

Времетраење: еднодневна екскурзија

Место:Крушево

Носители на активностите:

- Одделенските раководители на трето одделение
- Учениците од 3 одд.

Образовно-воспитни цели:

- Стекнување на знаења за градот Крушево и неговата местоположба, како највисок град на Балканот
- Запознавање со природните убавини и знаменитости на нашите краишта, нивните природно-географски обележја, релјефот, вегетацијата на овие простори
- Негување на старите културни вредности и обичаи
- Запознавање со историјата на овие простори (локалител)

Задачи:

- стекнување знаења за Крушево, за неговата местоположба, сместен во пазувите на Бушева Планина
- да развива позитивен однос кон животната средина
- да се развива чувството за одговорност, свесна дисциплина

- да се поттикнува и развива другарството, меѓусебно почитување, позитивен дух

Содржина и опис на активностите: Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање.

Раководител на екскурзијата:  Валентина Петрова

Одговорен наставник: Одделенските раководители на трето одделение

Носители на активностите: учениците од трето одделение, одделенските наставници и класните раководители.

Време на реализација : април - мај

Локации за посета и правци на патување

Поаѓање на групата од пред училиште во 8:00 часот. Се патува кон Крушево . Стигнување во Крушево, кратка прошетка низ градот,потоа посета на Споменикот Илинден, спомен куќата на Тоше Проески и Мечкин Камен . Враќање за Велес во 19 часот.

Начин на реализација:

Техничка организација: Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач и здравствено лице.

Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.

Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внетрешни работи и издава патен налог и на

вработените за службено патување.

Начин на финансирање: Самофинансирање од страна на родителите



Дводневна екскурзија за учениците од шесто одделение – источна Македонија - Дојран

Вид на екскурзија: научно - наставна

Времетраење : 2 дена

Време на реализација: април - мај

Опфатеност на ученици: шесто одделение

Образовно – воспитни цели:

- Запознавање со природните убавини и знаменитости на Источна Македонија и градот Дојран нивните природно-географски обележја, релјефот, вегетацијата на овие простори,
- негување на старите културни вредности и обичаи,
- запознавање со историјата на овие простори со музеи, цркви, езеро, граничен премин,
- развивање позитивен став кон спомениците и природната околина.

Образовно – воспитни задачи:

- Запознавање на природната средина и законитостите што влијаат во неа, со природните убавини на крајот,поблиското и подалечното минато, како и други настани од историско значење,

- да развиваат позитивен однос кон животната средина,
- да се развие чувството за одговорност, свесна дисциплина,
- да се поттикнува и развива другарството , меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.

Содржина и опис на активностите: Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање. На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

Носители на активностите:

- одделенските раководители
- учениците од 6 одделение

Начин на реализација:

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

Раководител на екскурзијата: Владимир Колевски

Одговорни наставници: одделенските раководители на 6-те одделенија

Време на реализација: април - мај

Локации за посета и правци на патување

Локации: Источна Македонија: Струмица , Дојранско Езеро, граничен премин Стар Дојран.

Патувањето започнува од Велес- Штип - Струмица - Дојран-Стар Дојран —Валандово —Демир Капија - Велес.


ООУ „Панко Брашнаров“ Велес
google.com/maps/dir/ООУ+„Панко+Брашнаров“+Велес,+МК,+Кресненско+Востание,+Velesi/Стар+Дојран/ООУ+„Панко+Брашнаров“+Велес,+МК,+Кресненско+Востание,+Velesi/@4...
Gmail
YouTube
Maps
Intel Core i3-1005G...
Saved
Recents
3 hr 36
2 days
ООУ „Панко Брашнаров“ Велес, МК, Кр
Star Dojran
ООУ „Панко Брашнаров“ Велес, МК, Кр
Add destination
Options
Send directions to your phone
via A4
3 hr 36 min
3 hr 36 min without traffic
267 km
This route has tolls.
Details
Explore nearby ООУ „Панко Брашнаров“ Велес
Restaurants
Hotels
Gas stations
Parking Lots
More
Star Dojran
Municipality of Veles
Gas
EV charging
Things to do
Hotels
More
ООУ „Панко Брашнаров“ Велес
Shtip
Штип
Radovish
Радовиш
Strumica
Струмица
Demir Kapija
Демир Капија
Tikvesh Lake
Тиквешко Езеро
Kavadarci
Кавадарци
Valandovo
Валандово
Nov Dojran
Нов Дојран
Star Dojran
Layers
Map data ©2023
North Macedonia
Terms
Privacy
Send feedback
10 km
ENG
2:46 PM
7/10/2023

Финансирање:

Трошоците на патувањето ги сносат родителите.

Техничка организација: Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси,  туристички водач издравствено лице.

Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.

Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внетрешни работии издава патен налог и на вработените за службено патување.

Начин на вреднување и користење на резултатите:

На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

План на патувањето:

1. ден

Поаѓање на групата од пред училиште во 07.30 часот Се патува преку Штип и Радовиш. Се продолжува за Струмица и преку Валандовско брдо се стасува во Дојран . Сместување во хотел во Дојран. Вечера. Организирана забава во хотел или во диско по договор со училиштето,  ноќевање.

2. ден

Појадок, посета на Дојран и граничниот премин Стар Дојран.После враќањето од граничниот премин,следи заеднички ручек во хотелот,каде што се сместени учениците. После ручекот учениците се одјавуваат од хотелот.Околу 16 часот со панорамско разгледување попатно и мали одмори се враќаат за Велес. Пристигнување пред училиштето во вечерните часови.

Тридневна екскурзија за учениците од деветто одделение – Западна Македонија – Охрид

Вид на екскурзија: научно - наставна

Времетраење: 3 дена

Време на реализација: април - мај

Опфатеност на ученици: IX-одд.

Образовно – воспитни цели:

- Запознавање со природните убавини и знаменитости на нашите краишта, нивните природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овие простори,
- Запознавање со местоположбата, модерната македонска архитектура во Крушево (спомен куќата на Тодор Проески) , старата македонска архитектура и природните убавини на Прилеп, Крушево, градот Охрид и Струга;
- Проширување на знаењата за настанувањето на манастирот Св.Наум и дејноста на Св.Наум Охридски;
- Запознавање со содржините на спомен куќата (поставки за животот и делото на Тодор Проески);
- Стекнување сознанија за археолошките откритија на локалитетот Стоби и Плаошник (базилики,мозаици,старата црква на Св.Климент, Светиклиментовиот Универзитет) и проширување на знаењата за животот и дејноста на Св.Климент;

- Запознавање со местоположбата и проширување на знаењата за историјатот и важноста на Самоиловите тврдини;
- Проширување на знаењата за животот и дејноста на Браќата Миладиновци и Григор Прличев;
- негување на старите културни вредности и обичаи,
- запознавање со историјата на овие простори,
- развивање позитивен став кон спомениците и природната околина.

Образовно – воспитни задачи:

- Запознавањена природната средина и законитостите што влијаат во неа, со природните убавини на крајот, поблиското иподалечното минато, како и други настани од историско значење,
- да развиваат позитивен однос кон животната средина,
- да се развие чувството за одговорност, свесна дисциплина,
- да се поттикнува и развива другарството , меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебниодноси.

Содржина и активности: Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање. На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

Носители на активностите:.

- учениците од 9 одд.
- одделенските раководители на 9-те одделенија

Начин на реализација:

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,

- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

Раководител на екскурзијата: Македонка Поптодорова

Одговорни наставници: одделенските раководители на 9- одделение.

Времетраење: 3 дена-две ноќевања

Време на реализација*:* април - мај

Локации и правци на патување

Локации : Западна Македонија - Прилеп (Прилепска чаршија, Могила на непобедените), Крушево (спомен куќа на Тодор Проески, споменички комплекс ,,Илинден"( „Македониум“),Битола-Хераклеа,Широк сокак, Охрид- (Манастир „Св. Наум Охридски“, Антички театар, Плаошник и Самоилова тврдина, Црква „Св. Софија“) — Охрид,

Охридската чаршија ,Струга (Чаршија, Куќата на Миладиновци, Природно-научниот Музеј), Вевчани, манастирскиот комплекс „Св. Јован Бигорски“, Мавровско Езеро,Вруток.

Правци на патување: Велес-Прилеп-Крушево-Битола-Охрид-Струга-Дебар-Гостивар-Тетово-Скопје-Велес.

Финансирање:

Трошоците на патувањето ги покриваат родителите.

Техничка организација**:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси,  туристички водач и здравствено лице.



Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.

Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внетрешни работии издава патен налог и на вработените за службено патување.

Начин на вреднување и користење на резултатите:

На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

План на патувањето:

***1.ден.***Тргнување на групата од пред училиште во 7:30 часот. .Се продолжува кон Битола,каде е предвидена посета на Хераклеа и прошетка по Широк сокак .Од тука се тргнува кон крајната дестинација за овој ден Охрид, каде во попладневните часови учениците се сместуваат во хотел и имаат организирана вечера, диско забава и ноќевање.

***2.ден*** Појадок, а потоа претпладневен излет до манастирот Св.Наум и изворите на реката Црн Дрим, со попатна посета на населбата Градиште.Враќањето во хотелот е предвидено за ручек по кој учениците заминуваат на прошетка во Охрид, при што ќе бидат посетени: Св.Софија, Св.Јован Канео,Плаошник, Самоилова тврдина, амфитеатарот, Билјанини извори. Попатно е предвидена прошетка низстариот дел на Охрид и запознавање со охридската архитектура. Враќање во хотелот во вечерните часови и заминување на организирана вечера.

***3.ден*** Појадок. Посета на Струшката чаршија,на истекот од Охридското езеро и по течението на Дрим,посета на куќата на Миладиновци и Природно-научниот музеј, посета на Вевчанските извори.Враќање за Велес преку Дебар, Гостивар, Тетово и Скопје со посета на манастирот Св. „Јован Бигорски“и Вруток. Учениците пристигнуваат пред училиште во вечерните часови.

За оние ученици кои нема да одат на екскурзија, во училиштето ќе биде организирана настава.

План за изведување на набљудувања и посети назнаменитости и установи

**Набљудувања:**

- Набљудување на местото на живеење
- Набљудување на природата
- Набљудување на сообраќајот

**Посети:**

За реализирање на наставниот план и програм, за полесно осознавање на наставните планови и содржини планирани се посети на одредени објекти и манифестации од областа на културата кои ќе ги збогатат знаењата на учениците:

- Градски театар
- Археолошки музеј
- Археолошки локалитет Велешко кале
- Црква  Св. Спас и Св.Пантелејмон Велес
- Спомен Куќата на Кочо Рацин
- Спомен костурницата во Велес
- Куќата на Касапови
- Спомен куќата на Васил Главинов
- Уливот на реката Тополка

- Кањонот Пешти
- Велешко Езеро
- Градскиот музеј

Соработката со други воспитно - образовни установи ќе значи соработка со основните училишта од општината, градот и пошироко и ќе се одвива во насока на активности кои ги третираат наставата и вonнаставните активности како што се натпреварите во знаење во разни подрачја, ликовни хепенинзи и литературни читања и разновидни спортски натпревари.

Предвидена е посета на други институции од интерес за наставата:

- Посета на Пошта
- Посета на Автобуска станица
- Посета на Железничка станица
- Културни манифестации
- Посета и запознавање со работата на општината

Наставните посети надвор од училиштето за учениците од прво до деветто одделение ги планираат наставниците во своите наставни програми.Овие посети се планираат и реализираат и со цел да се искористат како ефективни ресурси за учење и стекнување трајни знаења. Меѓу другите цели се и:

**Цели:**

- Да се оспособи за воспоставување на културен однос со опкружувањето во насока на:- лично обраќање кон други луѓе

- приспособување на говор во дадена ситуација; - културно однесување со други луѓе; еколошко однесување.
- да ги прошират сознанијата за непосредната околина;
- да се оспособуваат за набљудување, опишување и споредување;
- да се оспособуваат да користат различни извори на знаења;
- да ги прошират знаењата за културното  богатство на својата татковина;
- да се ориентираат во просторот и времето;
- да стекне елементарни знаења за театарот и драмската уметност;
- да се формираат навики за културно однесување при посета на театар , куклена претстава;

- да се развива позитивен однос и почитување на различни професии;
- запознавање со училишната средина;
- да се запознае со стари градби, носии, стари предмети;
- да се запознае со сообраќајот од домот до училиштето;
- да ги спознава правилата за безбедно движење;
- да може безбедно да се движи во локалната средина;
- да ги препознава звуците од природата и околината ;
- да развива хуман однос кон живиот свет;
- да се развива свест за зачувување на чиста околина

**12. Натпревари за учениците**

Натпреварите што се организираат во рамки на училиштето имаат за цел вреднување и рангирање на знаењата, вештините, умеењата и способностите на учениците по одделни наставни предмети и научни области. Овие натпревари се реализираат од страна на акредитирани здруженија на наставници, согласно определени стандарди и процедури.

Тргнувајќи од приоритетот за афирмација на ученичките постигнувања, Основното општинско училиште „Панко Брашнаров" за време на учебната 2025/2026 година активно ќе учествува на сите натпревари организирани од Министерството за образование и наука (МОН), Бирото за развој на образованието (БРО), како и од други организации.

Нашето училиште континуирано вложува во севкупниот развој на учениците, создавајќи позитивна, продуктивна и стимулативна образовна средина. Преку соодветна поддршка, ги поттикнуваме учениците да ги развиваат и унапредуваат своите афинитети и потенцијали. Училиштето има значајна улога во правилното насочување и канализирање на ученичката енергија, водејќи ги младите кон успех како во рамките на образованието, така и во поширок општествен контекст.

Секој ученик има причина да се гордее со личните постигнувања, како и со резултатите што ги остварува во име на училиштето. Свесни сме дека клучот за успехот се наоѓа во заедничкиот ангажман на учениците, наставниците и родителите. Поради тоа, ученичките натпревари претставуваат значаен сегмент од воспитно-образовниот процес, овозможувајќи им на учениците да ги презентираат своите постигнувања на локално, регионално, државно и меѓународно ниво.

Преку ваквите активности се развива натпреварувачкиот дух, се поттикнува стремежот кон повисоки вредности во областа на образованието, културата, уметноста и спортот. Натпреварите, исто така, придонесуваат за продлабочување на интересот кај учениците, зајакнување на нивната мотивација, проширување на наставната програма и збогатување на нивното знаење.

Подготовката на учениците за натпреварите ќе се реализира преку дополнителна настава и преку слободни ученички активности. Наставниците ќе имаат активна улога во изборот на соодветна литература, како и во проверката и надградбата на ученичките знаења. Училиштето ќе организира интерни натпревари, при што најуспешните ученици ќе го претставуваат училиштето на општински, регионални и државни нивоа.

И во текот на оваа учебна година ќе продолжиме со поддршка на ученичката амбиција за самодокажување и за постигнување општествена афирмација преку знаење, труд и личен развој.

## 13.Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција

Во учебната 2025/26 година се планирани голем број на активности кои ќе ја вклучат, актуелизираат и координираат меѓуетничката интеграција во наставата. Мултикултурализамот е важна компонента во воспитно-образовниот процес.Во училиштето ќе се организират повеќе наставни и вonнаставни активности, но и активности во соработка со други училишта, при што ќе бидат вклучени ученици од сите етнички групи од 1 до 9 одделение. Во нив исто така ќе бидат вклучени наставници, родители, претставници од локалното население и од месните заедници, претставници од општината и од бизнис секторот. Учениците меѓусебно подобро и почесто ќе соработуваат, со што очекуваме да поттикнеме зајакнување атмосфера на меѓусебно разбирање и почит. На тој начин ќе се развие свесноста за прифаќање на различноста и почит кон различните јазици, културата и обичаите на другите етнички групи. Преку овие активности планираме да се подобри соработката меѓу учениците, наставниците, родителите и останатите од различни култури, обичаи и од различна етничка припадност.

1. Цел на програмата

Да се поттикне меѓуетничката соработка, разбирање и почитување меѓу ученици, наставници и родители преку едукативни, креативни и социјални активности во училиштата.

2. Специфични цели

- Развивање на вредности како почит, еднаквост и солидарност;
- Создавање позитивна и инклузивна училишна клима;
- Поттикнување соработка меѓу ученици од различни етнички заедници;
- Вклучување на родителите и заедницата во интеркултурни активности.

Целна група

- Ученици (одделенска и предметна настава);
- Наставници и стручна служба;
- Родители;

Клучни активности

***4.1.*** *Интеркултурни работилници*

- Теми: идентитет, стереотипи, различности, култури;
- Методи: дискусии, драми, игри на улоги;
- Времетраење: еднаш месечно.

***4.2.*** *Заеднички училишни проекти*

- Проекти по предмети каде ученици од различни етнички групи соработуваат;
- Примери: истражување за традиции, фестивали, јазици, храна.

***4.3.*** *Настани и празнувања*

- Заедничко одбележување на важни датуми за различните заедници;
- Ученици презентираат песни, поезија, танци, народна носија.

***4.4.*** *Клубови за интеркултурна соработка*

- Клубови во кои учениците планираат и реализираат активности поврзани со толеранција и соработка;
- Примери: Клуб за мир, Клуб за култури, Креативна работилница.

***4.5.*** *Едукација на наставници*

- Обуки за интеркултурна педагогија и медијација во конфликтни ситуации;
- Поддршка во креирање инклузивна наставна програма.
- Очекувани резултати
- Подобра комуникација и разбирање меѓу ученици од различни етнички групи;
- Намалување на предрасуди и дискриминација;
- Подобрување на училишната клима;
- Активна вклученост на родителите и заедницата во образованието.

Според овој принцип учениците преку наставните содржини, методи и активности се планира да стекнуваат знаења и вештини потребни за разбирање и почитување на „другите“, како и за промовирање на вредностите меѓу учениците - почитување на разликите меѓу луѓето, нивната култура, јазик и традиција. Во ООУ„Панко Брашнаров“ ќе се реализира мулти-културно учење и на учениците ќе им се овозможува да развијат почитување на сопствената и на културите на другите етнички заедници. Учениците ќе се учат на толеранција, ќе се учат на почитување на разликите и негување на вредностите за заедничко живеење во мултикултурно општество.  Во учебната 2025/2026 година се планирани низа активности кои ќе ја вклучат меѓуетничката интеграција во наставата. Преку овие активности ќе се подобри соработката меѓу учениците, наставниците, родителите и сите останати од најразлично ниво и од различна етничка припадност. Учениците меѓусебно подобро и почесто ќе соработуваат со што ќе се зајакне атмосферата на меѓусебно разбирање и почит меѓу индивидуите и заедниците. На тој начин ќе се развие свесноста за прифаќање на различноста и почитта кон различните јазици, културата и обичаите на другите етнички групи. Учениците ќе имаат можност да ја доживуваат Македонија како мултикултурна држава во која живеат различни етнички групи со што ќе можат да ги воочат предностите на мултикултурната држава и ќе развиваат свесност за прифаќање на различностите и почитување на јазикот, културата и обичаите на другите етнички групи.

Училиштето изготви план за сите активности  кои ќе се реализираат во текот на учебната 2025-2026 година.

| | | |
|---|---|---|
| Изработка на постер со дланки „Пријателство без граници“ | Ученици и наставници од I одд. | Ноември |
| Светот низ детските очи -тимски цртежи | Ученици и наставници од II  одд | Декември |
| Интеркултурна готварска активност (едноставни рецепти,без готвење) од различни култури | Ученици и наставници од III одд. | Февруари |
| Изработка јазичен ѕид-месец на јазиците | Ученици и наставници од IVодд | Ноември |
| Изработка на „Дрво на другарството“ | Ученици и наставници од V одд | Февруари |
| Работилница: Играме, спортуваме заедно се дружиме | Ученици, одделенски наставници и наставници по ФЗО од 1-3 одд | Мај |

План за поддршка на учениците за подобрување на резултатите на ООУ „Панко Брашнаров“ – Велес за учебната 2025/2026г.

1. Идентификација на слабите страни

- Спроведување на формативна и сумативна евалуација (тестови, прашања, проекти).
- Анализа на резултатите за да се утврдат областите каде ученикот има потешкотии (на пример: математика – решавање задачи со текст, јазик – читање со разбирање).
- Индивидуални разговори со учениците и нивните родители.

2. Поставување цели

- Јасно дефинирани, мали и достижни цели

- Пример: „Да го подобри читањето со разбирање за две нивоа до крајот на полугодието“.

3. Развивање индивидуален образовен план (ИОП)

- Прилагодени задачи според ниво на разбирање.
- Дополнителна наставна поддршка (наставник, педагог, специјален едукатор).
- Редовна евалуација и приспособување на планот.

4. Активности за поддршка

- Дополнителна настава – мали групи или индивидуална работа по предмети со слабости.
- Интерактивни материјали – користење дигитални алатки, игри, видеа.
- Домашна задача со поддршка – редовна проверка и поддршка при извршување.

5. Вклучување на семејството

- Информативни состаноци со родители.
- Совети и стратегии за поддршка во домашни услови.
- Вклучување на родителите во следење на напредокот.

6. Следење и евалуација

- Редовно следење на напредокот
- Прилагодување на активностите според резултатите.
- Крајна евалуација и споредба со почетната состојба.

7. Наградување и мотивирање

- Позитивна повратна информација.
- Симболични награди или признанија за постигнат напредок.
- Вклучување во активности каде ученикот се чувствува успешен.

### 15.2.Професионална ориентација на учениците

## ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ

Програмата за професионална ориентација во основните училишта има за цел да им помогне на учениците и нивните родители/старатели при изборот на средното училиште во согласност со особеностите, способностите и афинитетите на учениците. Во секојдневниот живот се соочуваме со потребата да направиме избор за нешто. Најголем предизвик се изборите и одлуките кои со себе носат и најголеми промени, како што е изборот на идната професија. Изборот на професија како една од најважните одлуки кои влијаат врз понатамошниот квалитет на живот, поради што е неопходно да се создадат услови младата личност да се оспособи да ги донесе најдобрите одлуки. Денес младите имаат широк спектар на можности за стекнување на образование, но во исто време, се соочуваат со потешки барања, поголема конкуренција и посложени потреби на пазарот на труд кој многу брзо се менува. Преку динамичкиот модел на професионална ориентација младата личност станува компетентна и способна самостојно да донесе одлука за својата идна професија. Програмата за професионална ориентација ќе се реализира со сите ученици без разлика на пол, етничка припадност и социјален статус, а преку реализацијата на истата ќе се настојува да се да се надминат родовите, етничките и другите стереотипи и предрасуди во однос на професиите.

Под поимот професионална ориентација се подразбираат збир на постапки, почнувајќи од информирање за можностите за образование и видот на професии, се до индивидуално советување. Составни делови на професионалната ориентација се себеспознавањето, односно откривање на сопствените потреби и афинитети преку поглед во сопствената личност, екстерно разбирање, кое претставува поглед во реалниот свет на занимањата и професиите, како и постапките за следење и водење низ процесот при изборот на занимањето и носењето на одлука.

Цели на учење во развојот на компетенции за избор на професија на крајот на процесот на професионална ориентација се:

- да ги спознаат сопствените желби, вредности, интереси, склоности;
- да ги воочат и проценат сопствените таленти и способности;
- да се стекнат со повеќе детали и увид во можностите за образованиеи и избор на професија кои се во согласност со нивните интереси;

- да размислат за можностите за образование/професија, и да стекнат непосредно искуство од средбите со претставници на одделени професии како и варијабилноста и променливоста на истите со текот на времето;
- да ги препознаат актуелните професии како и варијабилноста и променливоста на истите со тек на времето;
- да се запознават со профилите на образование и работа на културна, економска, социјална и еколошка гледна точка;
- да го согледуваат влијанието на новите технологии на различни области на занимање и живот;
- да ги земат предвид ризиците по однос на здравјето во определени професии на работа;
- да стекнат увид за видот на професии преку посета на реални средини во кои оперираат професиите/занимањата;
- да препознаат различни можности за образование кои се во согласност со нивните специфични барања и компетенции;
- да изградат лична стратегија за планирање на нивното образование, кариера и живот;
- да ги надминат стереотипите и да ја почитуваат родовата еднаквост во изборот на професија;
- да направат споредба на профилот на личност со профилот на образование и кариера и да направат проверка во поглед на одлуката која ја донеле;

Преку резимирање на најважните цели во учењето во однос на развој на компетенциите, учениците ќе можат да:

- Ги откријат, истражат и преиспитаат сопствените желби, вредности, интересирања, афинитети;
- Ги воочат и проценат сопствените таленти и надареност;
- Ги запознаат барањата за стручни работи и школување;
- Стекнат подетален увид за понатамошното школување;
- Да размислат за светот на работата, да стекнат непосредно искуство преку реалните средби со светот на работата и да го согледаат значењето на тој свет за поединецот и општеството;
- Да ги согледаат актуелните занимања како и променливоста на истите;
- Да го запознаат светот на работата од културен, еконoнски, социјален и еколошки аспект;
- Го согледуваат влијанието на новите технологии врз различните занимања;
- Да градат лична стратегија за сопствено планирање на школувањето, кариера и живот;
- Ги надминуваат стереотипите и почитуваат родова рамноправност во светот на професиите;

- Го споредуваат профилот на личност со профилот на барања за школување и кариера и да го проверат во поглед на одлуката;

Програмата за професионална ориентација на учениците во основното училиште има за цел да им помогне на младите да ја разберат својата личност, интереси и способности, како и да ги запознаат со различните професии и области на работа. Таквата програма треба да започне рано и да вклучува активности кои ги водат учениците кон запознавање на нивните способности и можности за избор на кариера.

**1. Запознавање со себе си (Водење на самосвест)**

- **Цели:** Да им помогне на учениците да ги препознаат своите интереси, способности и вредности.
- **Активности:**

- Анкети за интересите и способностите
- Разговори со учениците за нивните хоби и предмети што им се најинтересни.

**2. Запознавање со различни професии**

- **Цели:** Да ги запознае учениците со различните области на работа и професии.
- **Активности:**

- Посети на средни училишта
- Презентации на стручни лица кои ќе ги претстават своите професии (лекар, инженер, учител, адвокат и сл.).

**3. Развивање на вештини и способности**

- **Цели:** Да ги развијат вештините кои ќе им бидат корисни за избор на кариера.
- **Активности:**

- Развивање на комуникациски вештини преку групни активности и презентации.
- Играње на улоги и симулации на различни работни ситуации.
- Работа во тимови за решавање на проблеми и креирање на нови идеи.

**4. Интерактивни работилници за професионална ориентација**

- **Цели:** Да создадат можности за учениците да се здобијат со знаења за одредени професии и области.
- **Активности:**

- Практични работилници (на пример, за дигитална технологија, наука, уметност).
- Разговори за потребите на пазарот на трудот и развојот на кариерата.
- Презентации на успешни личности и нивните патишта на развој.

**5. Советодавни сесии за професионална ориентација**

- **Цели:** Да им се помогне на учениците да го усогласат својот избор со нивните интереси и способности.
- **Активности:**
- Креирање на личен план за избор на кариера.

**6. Улогата на родителите и наставниците**

- **Цели:** Да се вклучат родителите и наставниците во процесот на професионална ориентација.
- **Активности:**
- Учество на наставниците во разговори и активности за помош на учениците во нивниот процес на професионална ориентација.

**7. Заклучок и планирање на иднината**

- **Цели:** Да им помогне на учениците да донесат одлуки и да ги поставаат целите за иднината.
- **Активности:**

- Креирање на личен план за развој и избор на кариера.
- Разговори за улогата на образованието во остварувањето на професионалните цели.

**15.3.Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување на дискриминација**

Цели на програмата

- Унапредување на психо-социјалната добросостојба на учениците.
- Превенција од насилство (физичко, психолошко, врсничко, семејно, дигитално).
- Заштита на учениците од злоупотреба и запуштање.
- Превенција и спречување на секаков вид дискриминација.
- Јакнење на емоционалната интелигенција и меѓусебна почит кај учениците.

2. Целна група

- Ученици
- Наставен кадар
- Родители/старатели

3. Активности и мерки

Организирање на тематски работилници за:

- Препознавање и справување со насилство
- Емоционална писменост и справување со стрес
- Препознавање на дискриминација и говор на омраза
- Интервенции при насилство и соработка со институции
- Инклузивни образовни практики
- Редовни состаноци со родителите за подигање на свеста и соработката

- Протокол за постапување при сомневање за злоупотреба/насилство/дискриминација ( во соработка со ЦСР, МВР, здравствени установи)

4. Оценка и следење на резултати

- Анкети за проценка на психо-социјалната клима во училиштето
- Редовно известување до наставнички совет и родителски тела
- Годишен извештај за спроведување и предлози за подобрување

5. Вклучени институции и партнери

- Центар за социјална работа
- Локална самоуправа
- НВО кои работат на теми од заштита на деца и права на човек
- Министерство за образование и наука

**16.Оценување**

**16.1.Видови оценување и календар на оценувањето**

Оценувањето е континуиран процес кој опфаќа активности на следење и вреднување на работата и постигањата на учениците во текот на целата учебна година. Оценката ќе биде:

- објективен начин за напредување на учениците во совладување на наставниот план и програма;
- начин редовно да го известува ученикот за постигањата;
- начин да поттикне активен однос спрема наставата и другите воспитно-образовни форми за работа и учење;
- начин да го оспособи ученикот за објективна проценка на сопствените постигања и постигањата на другите ученици;
- да ја покаже ефикасноста на работата на наставниците и училиштето во целина.

На почетокот од наставната година учениците и родителите ќе се запознаат со начинот и критериумите за оценување на предметите и обемот на материјалот за кој ќе бидат оценувани во одреден период. Наставниците ќе ги вклучуваат учениците во самооценување на сопствениот напредок. Наставниците и учениците заедно ќе ги дефинираат критериумите за резултатите, а од учениците ќе се бара да го оценат својот труд. Исто така, наставниците од учениците ќе бараат мислење и идеи како да се подобри учењето.

Согласно концепцијата за деветгодишно образование, учениците ќе се оценуваат описно и нумерички според три периоди. Согласно програмата за оценување на учениците, учениците ќе се оценуваат формативно и сумативно по тримесечја, на полугодие и на крај на година и тоа:

- **I тримесечје**: I - VI описно, VII, VIII и IX бројчано;
- **крај на прво полугодие**: I - III описно, IV,V,VI,VII, VIII и IX бројчано
- **III тримесечје**: I - VI описно, VII, VIII и IX бројчано;
- **крај на година**: I - III описно, IV - IX бројчано.

**Сумативната оценка по одделенија**

| ОДДЕЛЕНИЕ | ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ | КРАЈ НА ПРВО ПОЛУГОДИЕ | ТРЕТО ТРИМЕСЕЧЈЕ | КРАЈ НА УЧ. ГОДИНА |
|---|---|---|---|---|
| **I, II, III** | описно | описно | описно | Описно |
| **IV, V, VI** | описно | бројчано | описно | бројчано |
| **VII, VIII, IX** | бројчано | бројчано | бројчано | бројчано |

Вреднувањето на постигањата на учениците ќе се базира на следните принципи:

- принцип на сестраност (холистички принцип) – ќе ги опфаќа сите компоненти на поимот знаење во поширока смисла и примена на широк спектар на инструменти (постапки, методи, форми и средства) во процесот на вреднување;
- принцип на континуираност - вреднувањето на постигањата на ученикот во наставниот процес ќе произлезе од еден континуиран процес на следење на постигањата на ученикот, а не само на едно или неколку проверки на знаеата;
- принцип на објективност - при вреднувањето ќе се користат инструменти кои се карактеризираат со висок степен на објективност;
- принцип на транспарентност – ќе се вклучуваат учениците и родителите во процесот на вреднување, а тоа ќе значи дека тие не треба да бидат само информирани за оценките, туку активно да се вклучуваат во самиот процес на вреднување и оценување;
- принцип на индивидуализација и диференцијација - ќе се вреднува развојот на личноста на ученикот како ефект од наставниот процес, респектирајќи ги индивидуалноста и специфичните предиспозиции на секој ученик поединечно.

### 16.2.Тим за следење, анализа и поддршка

Во училиштето е формиран посебен тим составен од стручна служба, одделенски и предметни наставници, со јасно дефинирани задачи поврзани со следење, анализа и поддршка на образовниот процес. Основната цел на овој тим е систематско следење на сите планирани активности во рамки на училиштето, со цел унапредување на квалитетот на наставата и постигнувањата на учениците.Тимот активно работи на проверка на усогласеноста на оценувањето со националните образовни стандарди, како и на следење на процентот на поплаки и жалби поврзани со добиените оценки. Исто така, се анализира и начинот на информирање на родителите за напредокот на учениците, како и останатите планирани активности кои се во функција на поддршка на учениците и наставниот процес.

Училишниот тим за следење, анализа и поддршка има изготвено детален план за следење, кој ги опфаќа сите наставни предмети и е распределен по временски периоди. На крајот на учебната година, ќе се изврши сеопфатна анализа на состојбата, со цел да се утврди дали предвидените активности се реализирани во целост. Врз основа на оваа анализа, ќе се предложат и преземат соодветни мерки за подобрување, со фокус на квалитетно оценување, транспарентна комуникација и ефективна поддршка на учениците.

**16.3.Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар**

Директорот е главен координатор на сите седум воспитно-образовни целини кои го сочинуваат образовниот процес. Како таков орган, тој постојано ќе го поттикнува стручното оспособување и усовршување на наставниците и стручните соработници, ќе се грижи за реализација на програмските задачи и задолженија и ќе врши постојан надзор и супервизија на работата на наставниците во имплементирање на наставните содржини.

Ваквите стручни посети ќе бидат реализирани со цел:

- Применливо знаење;
- Подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа;
- Осовременување на воспитно-образовната работа;
- Објективно вреднување на воспитно - образовната работа.

### 16.4.Самоевалуација на училиштето

Училиштето на секои две години, согласно Законот за основно образование, спроведува Самоевалвација на целокупната работа во текот на тие две години, со изготвен Извештај по спроведената Самоевалуација по која се определуваат јаките и слабите страни и се даваат предлози за подобрување на работата на училиштето.

За изработување на Извештајот на Самоевалуацијата училиштето има формирано Тим на координатори според подрачја, од наставен кадар и стручна служба. Членовите на тимот доставуваат план за спроведување на Самоевалуацијата за утврдување на квалитетот на работата на основното училиште „Панко Брашнаров“.

Самоевалуацијата се спроведува во три фази:

-подготвителна фаза (се врши определување на методи, техники и инструментите за самоевалуација и се прибавува документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата);

-фаза на реализација (се врши анализа на податоците и документацијата, се добиваат и се усогласуваат добиените наоди, се подготвуваат поединечни извештаи и за самоевалуација и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација);

-фаза на известување и усвојување (се обезбедува достапност на нацрт извештајот за Наставнички совет, за Советот на радители, учениците, директорот на училиштето и Училишниот одбор, кои можат да достават забелешки за нацрт извештајот за спроведената самоевалуација).

Во самоевалуацијата на училиштето се вклучени сите наставници кои работат во тимови поделени по подрачја. Резултатите од Извештајот од самоевалуацијата ќе се земат во предвид при изготвување на Развоен план на училиштето со цел да се обезбеди квалитет на наставата.

## 17.Безбедност во училиштето

Безбедноста на учениците, наставниците и останатиот персонал претставува еден од најважните приоритети во секое основно училиште. Обезбедувањето на сигурна, поддржувачка и безбедна средина овозможува непречено учење, развој и соработка меѓу сите учесници во воспитно-образовниот процес.

*Физичка безбедност*

Училиштето се грижи за безбедноста на учениците преку:

- Контролиран влез и излез од училиштето.
- Надзор на училишниот двор и училниците.
- Редовно одржување на зградата, училишниот мебел и опремата.
- Организирање на евакуациски вежби во случај на пожар или друг ризик.
- Соодветно осветлување и чисти, безбедни патеки за движење.

*Социјална и емоционална безбедност*

Секој ученик има право да се чувствува прифатено, почитувано и заштитено:

- Се спроведуваат програми против врсничко насилство и дискриминација.
- Наставниците и стручната служба работат на рана детекција на конфликти и проблеми во однесувањето.
- Поттикнување на култура на пријателство, соработка и меѓусебна почит.

*Улога на родителите и заедницата*

Родителите и локалната заедница играат клучна улога во поддршката на училишната безбедност преку:

- Комуникација со училиштето за сите забележани ризици.
- Вклучување во совети и иницијативи за подобрување на безбедноста.
- Поттикнување на децата на одговорно однесување.

Безбедноста не е само обврска – таа е заедничка одговорност**.** Со заедничка соработка меѓу учениците, наставниците, родителите и институциите, можеме да создадеме средина во која секое дете ќе се чувствува сигурно и среќно.

## 18.Грижа за здравјето

### 18.1.Хигиена во училиштето

Унапредувањето на здравственото образование кај учениците и наставниците претставува приоритет, не само од аспект на здравјето, туку и како значаен дел од воспитно-образовниот процес. Грижата за здрава и чиста работна средина ќе биде заедничка одговорност на сите учесници во училишниот живот.

Програмата за заштита на здравјето на учениците се темели врз законските прописи утврдени од Министерството за здравство и Министерството за образование и наука, како и на современи сознанија за развојните карактеристики на учениците, нивната психолошка, здравствена и физичка состојба.

Техничкиот персонал ќе ги извршува задачите редовно и одговорно, со што ќе се обезбеди високо ниво на хигиена во училиштето. Во текот на целата учебна година ќе се врши континуирана проверка на санитарната опрема, која ќе се одржува во функционална состојба, редовно ќе се чисти и дезинфицира.

Училиштето ќе ги едуцира учениците за правилна употреба на санитарните простории, со цел унапредување на личната и колективната хигиена. Целта на оваа програма е да се оспособат учениците, вработените и локалната заедница за преземање активности насочени кон поздрав начин на живеење – индивидуално, на ниво на училиште и во пошироката средина.

Училиштето ќе се грижи за навремено спроведување на систематските прегледи и вакцинации, во соработка со Центарот за јавно здравје – Велес и други релевантни здравствени институции. Стручни лица од овие институции ќе одржуваат едукативни предавања за учениците и наставниците, со цел подигнување на нивото на здравствена свест и превенција.

**18.2.Систематски прегледи**

И оваа учебна година, систематските прегледи ќе бидат задолжителни и за вработените и за учениците. Училиштето редовно, навремено и организирано ќе ги реализира сите задолжителни систематски и бактериолошки прегледи за вработените.

Задолжителни систематски прегледи ќе се спроведат за учениците од сите одделенија.

По извршените прегледи, ќе се евидентира здравствената состојба на учениците. Доколку се утврди потреба, ќе бидат дадени препораки за понатамошно специјалистичко испитување.

Дополнително, задолжителни стоматолошки прегледи ќе се вршат за учениците од I до VI одделение.

Родителите ќе бидат навремено информирани за сите планирани прегледи.

Превентивни активности и здравствена едукација:

Во текот на учебната година, ќе се реализираат и работилници според програмата „ОЖВ“ (Образование за животни вештини), со цел унапредување на физичкото и менталното здравје на учениците. Преку здравствената едукација, ќе се спроведуваат и предавања за:

- Превенција на заболувања на забите,
- Поттикнување на здрава исхрана,
- Општо унапредување на здравствената култура кај учениците.

Организација на прегледите:

Систематските прегледи ќе се организираат пред или по наставата, со цел да не се попречува наставниот процес. Учениците ќе бидат придружувани од одделенските раководители. За учениците од I и III одделение, поради нивната возраст, се препорачува придружба од родителите.

Прегледите ќе се спроведуваат во ЈЗУ Здравен дом Велес.

### 18.3.Вакцинирање

Вакцинирањето на учениците и оваа година ќе се спроведе согласно годишната програма за имунизација, во соработка со Министерството за здравство и службите за школска превенција.

Имунизацијата ќе се организира согласно утврден распоред и во договор со директорот на училиштето и одделенските наставници.

Поради препораки од Министерството за здравство, вакцинирањето нема да се врши во училишните простории, со цел да се избегнат можни несакани реакции. Целиот процес ќе се реализира според Програмата за грижа за здравјето на учениците.

## 19.Училишна клима

### 19.1.Дисциплина

Училишната клима претставува севкупната атмосфера во училиштето, која произлегува од односите, вредностите, правилата и секојдневното функционирање на сите учесници во образовниот процес. Таа опфаќа како се чувствуваат учениците, наставниците и другите вработени во училиштето, како комуницираат меѓусебно, како се почитуваат правилата и како се одржува редот и дисциплината.

Позитивната училишна клима создава безбедна, поддржувачка и мотивирачка средина за учење, каде што секој ученик може да напредува, а наставниците успешно да ја реализираат наставата. Добрата клима е основа за развој на позитивни вредности, меѓусебна почит и градење здрава училишна заедница. Во нашето училиште ќе се посвети внимание на добрите односи меѓу наставниците, учениците, родителите и заедницата. На почетокот на учебната година, одделенските раководители ќе ги запознаат учениците со правилата на однесување.

Со цел подобра дисциплина и безбедност, ќе се води евиденција за движењето во училиштето. Училишните врати ќе бидат отворени од 6 до 20 часот. Дежурните наставници и ученици ќе се грижат за редот, според однапред утврден распоред.

Сите наставници ќе имаат одговорност за дисциплината за време на часовите и одморите. Ќе се организираат работилници за унапредување на училишната клима и подобрување на условите за учење.

## 19.2.Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Естетскиот изглед на училиштето е важен не само за пријатна и инспиративна атмосфера, туку и за развој на естетското чувство кај учениците. За негова одржливост, заедно со наставниците, ќе се вклучат и родителите, кои ќе помагаат во уредувањето на паноата во училниците, одржувањето на изложбите со ученички трудови во холовите, како и во грижата за хортикултурниот изглед на училишниот двор.

Наставниците, во соработка со учениците, преку своите активности и проекти ќе придонесуваат за уредување на училиштето, поттикнувајќи ги учениците континуирано да се грижат за него. Украсувањето на училниците, ходниците и училишниот двор ќе биде постојана задача на сите — ученици, наставници, вработени и родители.

Чистотата и уредноста на училиштето, заедно со внимателното ликовно уредување, се планира да создадат позитивна и мотивирачка средина за учење и работа.

Просторот во училиштето ќе се менува според годишните времиња, актуелните теми и празници, додека уредувањето ќе се спроведува плански и континуирано. На тој начин, учениците и вработените ќе развиваат креативност и одговорност кон просторот и опкружувањето, почитувајќи го мултикултурализмот во училиштето.

## 19.3.Етички кодекси

Училиштето има изготвено кодекси на однесување за сите субјекти. Етичките кодекси се поставени на видно место во училиштето. Етичките кодекси се почитуваат и ќе се почитуваат без исклучоци.

**ЕТИЧКИ КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО**
**ООУ„ПАНКО БРАШНАРОВ“**

***За сите ние, учениците и наставниците да се чувствуваме убаво, пријатно и безбедно во училиштето, треба да се почитуваат следните правила на однесување***



1. Доаѓај навреме на училиште!
2. Грижи се за личната хигиена и хигиената во училиштето!
3. Облекувај се пристојно!
4. Не користи непристојни зборови!
5. Не предизвикувај и не учествувај во караници и физички пресметки!
6. Движи се низ училишните простории тивко и примерно!
7. Почитувај ги наставниците и останатите ученици!
8. Кажи го своето мислење, но почитувај го и туѓото!
9. Исполнувај ги своите училишни задолженија најдобро што можеш!
10. Биди внимателен и активен на часовите!
11. Прашај ги своите наставници за се она што не го разбираш!
12. Разговарај со своите наставници за она што ти се случува во училиштето и надвор од него!
13. Разговарај со своите родители за она што го учиш во училиште, што ти се случува и како се чувствуваш во училиште!

**Кодекс за наставници**

Наставникот создава училишна клима во која секој ученик и вработен се чувствува сигурно, почитувано и пријатно.

***Воведна одредба***

Определувајќи се за професијата просветен работник, наставникот се обврзува:

- својата професија да ја врши совесно, одговорно и хумано;
- воспитувањето и образованието на учениците да му претставува највисок императив во професионалното однесување;
- да им го изразува должното почитување на своите ученици, нивните родители и своите колеги.

***Наставникот и струката***

- Наставникот треба постојано да се залага за афирмација на својот предмет, а тоа ќе го постигне преку:
- развивање чувство на радост од новите сознанија кај учениците;
- предизвикување почит кон предметот кај колегите;
- побудување љубопитност за проблемите што ги поставува неговиот предмет кај граѓаните од поширока општествена јавност.

***Наставникот и часот***

- Наставникот е должен да го започне часот навреме.
- Часот треба редовно да биде евидентиран, како и отсутните ученици.

- Секој час треба да биде добро испланиран на тој начин што ќе овозможува максимален ангажман на сите ученици и постигнување на максимумот од зацртаната цел до крајот на часот.
- Часот треба да се изведува според современата наставна технологија, при што ќе се користат нагледни средства со кои ќе се олеснува учењето.
- Наставникот треба да биде креатор на ефективна работна атмосфера и позитивна емоционална клима во својата училница.

***Професионален лик на наставникот***

- Наставникот треба да биде компетентен за работата што ја врши.Наставникот е должен да ги почитува законските одредби.
- Наставникот треба секогаш да служи за пример со својот изглед и однесување:
- тој секогаш внимава на својот морален лик;
- не смее својата работа во образовната дејност да ја користи за лични намени или да ја злоупотреби;
- се однесува според правилата на интелектуалното однесување;
- гради авторитет и е личност во која може да има доверба;
- Секој наставник е должен професионално да се усовршува преку читање стручна литература,
- Посета на семинари, размена на искуства со колеги и друго.

***Наставникот и ученикот***

- Наставникот ја почитува личноста на секој ученик.
- Наставникот професионално и чесно да се однесува кон секој ученик без оглед на

возраста, полот, верата, националноста, расата и општествено-економската положба.

- Наставникот секогаш ја поттикнува самостојноста и критичката мисла на ученикот.
- Наставникот го учи ученикот како да учи.
- Наставникот го оценува само знаењето на ученикот и реално го оценува секој одговор на ученикот,

без оглед на претходните оценки.

- Наставникот го насочува ученикот навремено и квалитетно да ги извршува своите задачи и тоа редовно

го следи и вреднува.

- Наставникот им помага на учениците кои заостануваат во совладување на

наставната материја.

- Секој наставник очекува од учениците уредно, пристојно и дисциплинирано однесување и на секој вид девијантно однесување во паралелката или надвор од неа веднаш реагира со укажување.
- Наставникот го сослушува секој ученик кој ќе му се обрати за помош во решавање лични проблеми, да му помогне или да го упати на стручна помош во или надвор од училиштето.

***Наставникот и родителот***

Наставникот е во постојана комуникација со родителот во однос на:

- навремено да го повикува;
- навремено да го известува;
- да ги почитува неговите аргументи;
- да бара негова соработка и ангажман во решавање на проблемите;
- да му ја кажува вистината;

- да го упатува на помош од компетентни лица кога тој не е во состојба да помогне.
- Комуникацијата на наставниците со родителите и учениците треба да се одвива во конструктивна насока на професионално однесување (без навреди, исмејување, омаловажување).
- Наставникот редовно ја следи и евидентира редовноста на учениците во е-дневникот на паралелката.
- За секое отсуство на учениците наставникот води евиденција за која дополнително соодветно постапува по комуникацијата со родителот и раководителот на паралелката.
- Наставниците навремено ги информираат учениците и родителите за времето и начинот на проверка на знаењата на учениците.
- Наставникот редовно присуствува и дава конструктивни насоки на Отворениот ден на училиштето.

***Односот меѓу наставниците***

- Наставникот го почитува секој свој колега и меѓусебната соработка да се темели врз другарство, искреност, одговорност, разменување и пренесување искуства.
- Наставникот ги цени и почитува стручноста и достоинственоста на секој наставник во комуникација со учениците, родителите и другите лица.
- Наставникот максимално ангажиран во работата на стручниот актив на кој припаѓа.
- Наставникот е должен да ги почитува и да се однесува според одлуките на Наставничкиот Совет.
- Одделенските и предметните наставници се задолжуваат потешкотиите во паралелката да ги подобруваат преку соработката со родителите, учениците и стручните соработници, а по редослед согласно Правилникот за педагошки мерки.

**20.Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар**

Современото образование се наоѓа пред нови предизвици кои бараат постојано прилагодување на наставниот кадар кон новите потреби на учениците, технолошкиот развој, социјалните промени и глобалните образовни трендови. Наставникот денес не е само предавач, туку и ментор, фасилитатор, мотиватор и модел за животни вештини. Професионалниот развој на наставниците станува клучен елемент за подобрување на квалитетот на наставата и учењето, за јакнење на учениците како активни учесници во образовниот процес и за зголемување на ефективноста на самите училишта.

Наставниците во основното образование имаат директно и најдолготрајно влијание врз личниот, емоционалниот и когнитивниот развој на учениците. Затоа, нивната постојана надградба во областа на наставни методи, евалуација, инклузивност, дигитални алатки, меѓупредметни врски и социјални вештини е неопходна.

Оваа програма има за цел да понуди систематизиран и структуриран пристап кон континуираниот професионален развој на наставниот кадар, преку обуки, работилници, менторски сесии, практична примена и саморефлексија.

**ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА**

- **Општа цел:**

Подобрување на квалитетот на наставата преку континуиран професионален развој на наставниците.

- **Специфични цели:**

1. Зајакнување на педагошките и методолошките компетенции.
2. Развивање на дигитални вештини и интеграција на ИКТ во наставата.
3. Унапредување на инклузивни практики и работа со ученици со посебни образовни потреби.
4. Поттикнување на колегијална соработка, менторство и размена на добри практики.
5. Развивање на критичко размислување, самоевалуација и професионална рефлексија.

## ЦЕЛНА ГРУПА

Наставници од сите наставни предмети во основното училиште (одделенска и предметна настава) и стручни соработници

## СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА

### Современи педагошки пристапи во наставата

- Активно учење
- Индивидуализација и диференцирана настава
- Проектна и истражувачка настава
- Формирање на ученички портфолија
- Настава ориентирана кон компетенции

### Дигитални алатки и ИКТ во наставата

- Гугл училници, Microsoft Teams, Zoom
- Дигитална евалуација и повратна информација
- Заштита на податоци и етика во дигиталната средина

### Инклузивно образование и различности

- Планирање и примена на ИОП (индивидуализиран образовен план)
- Работа со ученици и примена на модифицирана програма
- Комуникација со родители и асистенти
- Развивање на емпатија, социјални и емоционални вештини

### Наставничка саморефлексија и менторство

- Професионален развоен план (ПРП)
- Колегијална поддршка
- Учење преку пракса и акционо истражување
- Менторска улога и интервизија

**Лидерство, комуникација и училишна култура**

- Учество во училишен развој и стратешко планирање
- Развивање лидерски вештини кај наставниците
- Тимска работа и управување со конфликти
- Градење на позитивна и поддржувачка училишна клима

**МЕТОДОЛОГИЈА**

- Обуки со интерактивен пристап
- Работилници, симулации, студии на случаи
- Практична примена во училница
- Онлајн поддршка и ресурси
- Форум на наставници (размена на искуства и ресурси)

**НАЧИН НА ЕВАЛУАЦИЈА**

- Првична и завршна самопроцена на компетенции
- Анализа на наставна документација
- Повратна информација од ученици и родители
- Портфолио со примери од наставната пракса
- Разговори со ментори и колеги

**ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ**

- Зголемени професионални и педагошки компетенции кај наставниците
- Подобрување на наставната пракса и ученичките постигнувања
- Подобрена училишна култура и тимска соработка
- Интеграција на дигитални алатки во наставата
- Поголема инклузивност и сензитивност кон различностите

**20.1.Хоризонтално учење**

Професионалниот развој во училиштето ќе се реализира преку примена на хоризонтално учење, што подразбира процес на заемно учење помеѓу наставниците, односно размена на знаења и професионални искуства. Овој пристап вклучува различни форми на организирани и однапред планирани активности за пренос на стручни знаења, како и дисеминација на информации стекнати преку учество на наставници на обуки, семинари и други форми на стручно усовршување. Хоризонталното учење ќе се одвива и во рамки на самото училиште, како и преку соработка со други образовни установи.

Клучен елемент на овој процес е тимската работа, која овозможува создавање и развој на нови идеи, зголемена ангажираност и поголема продуктивност кај секој наставник. Во таа насока, училишните тимови и стручните активи изработија годишни програми што вклучуваат следниве активности: размена на професионални искуства, организирање на отворени и нагледни часови, тематски дискусии на состаноци на активите, работилници според потребите на наставниот кадар, презентации и други форми на стручна соработка.

Редовно ќе се одржуваат состаноци на активите од одделенска и предметна настава со цел дискусија и размена на мислења за новините во воспитно-образовниот процес, како и за имплементацијата на Новата Концепција за образование, новите наставни програми, современата педагошка евиденција и други релевантни прашања.

Хоризонталното учење подразбира структуриран и континуиран процес на размена на знаења и искуства преку активности како што се: стручни средби, отворени часови, работилници, нагледни активности и слично. Пред почетокот на учебната

година, стручните активи ќе организираат подготвителни работни средби на кои ќе се планираат овие активности, со цел унапредување на наставната практика и личниот професионален развој на наставниците.

## 20.2.Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Кариерниот развој на воспитно-образовниот кадар претставува систематски и континуиран процес на професионално усовршување, напредување и унапредување на стручните компетенции на наставниците, стручните соработници и воспитувачите. Основната цел на кариерниот развој е обезбедување квалитетно образование преку постојано унапредување на знаењата, вештините и професионалната етика на кадарот кој е директно вклучен во воспитно-образовниот процес.
Кариерниот развој се остварува преку различни форми на формално и неформално образование, стручни обуки, учество на семинари и конференции, спроведување на истражувачка и иновативна пракса, менторство, како и преку хоризонтално учење и меѓуколегијална соработка.
Согласно националната законска рамка и подзаконските акти, наставниците имаат можност да напредуваат во звањата наставник-ментор и наставник-советник, врз основа на исполнување на јасно дефинирани професионални стандарди. Процесот на напредување се базира на објективна и транспарентна проценка од повеќе извори, вклучително и од страна на училиштето, учениците, родителите и колегите.
Училиштата, како институции, имаат значајна улога во поддршката на кариерниот развој на кадарот преку обезбедување соодветни услови, мотивација и создавање средина која го поттикнува професионалниот раст. Изработката на годишни планови за стручна поддршка, организирањето менторска програма за наставниците-почетници, како и поттикнувањето на култура на учење и соработка се клучни аспекти на ефективниот кариерен развој.

## 21.Соработка на основното училиште со родителите/старателите

Соработката меѓу училиштето и родителите претставува важен елемент за обезбедување квалитетно образование и целокупен развој на учениците. Училиштето ги препознава родителите како значајни партнери во воспитно-образовниот процес и активно ги вклучува во разни активности и иницијативи што придонесуваат за подобрување на условите за работа и успехот на учениците.

Преку редовни родителски средби, индивидуални консултации, анкети, како и користење на е-Дневникот, се обезбедува континуирана и ефективна комуникација помеѓу наставниците и родителите. Советот на родители има значајна улога во планирањето и реализацијата на активности, учествува во донесување одлуки, како и во поддршка на проектите и иницијативите на училиштето.

Со ваков пристап, училиштето создава позитивна, партнерска средина во која родителите се активно вклучени во воспитниот и образовниот развој на своите деца, што директно влијае врз нивната мотивација, однесување и успех

### 21.1 Вклученост на родителите во животот и работата на училиштето

Една од целите на училиштето е активно вклучување на семејството на учениците во повеќе аспекти од животот и работата во одделението и училиштето воопшто. Ефикасната соработка детерминира постоење на односи на заемно почитување помеѓу одделенскиот наставник и родителите. Соработката со родителите се планира заедно со нив, зависно од можностите и интересите на самите родители и потребите на воспитно - образовниот процес. Преку Советот на родители односно програмата за работа, родителите ќе бидат вклучени во многу активности кои ќе ги организира и реализира училиштето.

Формите на соработка со родителите ќе бидат разновидни и ќе се реализираат преку:

- Учество во планирање на воспитно - образовната работа
- Разговори и средби (индивидуални и во мали и поголеми групи)
- Информирање на родителите (усно и писмено со белешки, тетратки, информативни материјали и др.)
- Учество во реализацијата на одредени активности во одделението и во пошироката средина

- Родителите ќе даваат идејни планови за одредени активности во училиштето
- Учествување во донесување одлуки и решенија во интерес на сите субјекти во училиштето
- Заеднички излети, прошетки, театарски претстави и сл.

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА**

Родителите се дел од училиштето и се вклучени во процесот на позитивните промени кои ќе се случуваат во нашето училиште. Воспитно-образовниот процес на учениците и наставниците ќе биде целосен и успешен само доколку постои соработка на релација ученици-наставници-родители. Учеството на родителите во училиштето ќе се одвива преку учество на општи родителски средби, индивидуални средби со наставници, стручна служба со што ќе се запознаваат со покажаниот успех и поведение на учениците. Учеството на родителите во училиштето ќе се одвива со посета на отворените нагледни часови, запознавање со работната клима и со воспитно-образовен развој на ученикот како и целосната негова социјализација во средината, преку учество во проекти, работилници, предавања, организација и реализација на екскурзии, излети, спортски натпревари, приредби и др.

**21.2.Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето**

Со вклучување на родителите и нивната перманентна соработка во училиштето ќе се постигне поголем ефект во наставно-воспитниот процес. Еден од главните сегменти во зголемувањето, подобрувањето на квалитетот на наставата и афирмирањето на работата на училиштето ќе биде преку создавањето на Програма на современи и поефикасни форми за вклучување на родителите во животот, работата и условите во училиштето. Советот на родители планираме посебно да се активира на повеќе полиња во училиштето, бидејќи родителите се интегрален дел на училиштето и се вклучени во процесот на континуираните промени кои ќе се случуваат во нашето училиште. Родителите ќе имаат можност да учествуваат во организирани обуки за користење образовни платформи; нивно учество во планирањата за учениците со ПОП, постојано ќе бидат информирани за наставниот процес преку континуирана соработка со Училишниот одбор, директорот на училиштето, наставниот кадар, стручните соработници и учениците. За активностите во училиштето родителите ќе се информираат

навремено праку изготвената веб страна на училиштето, ФБ, преку соопштенија, брошури и флаери. Родителите се важен фактор за успешноста на спроведени активности и токму затоа и оваа година како приоритет на училиштето ќе биде унапредување на соработката со родителите, кои ќе им биде овозможено да даваат иницијативи за поуспешна реализација на слободните ученички активности и другите воннаставни активности, натпревари, екскурзии, приредби и др.

**21.3.Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности**

Формите на соработка со родителите ќе бидат разновидни и внимателно планирани. Таа ќе се остварува преку индивидуални и групни разговори и средби, како и преку редовно информирање на родителите и усно и писмено, со користење на белешки, тетратки, информативни материјали и други средства за комуникација. Родителите ќе бидат активно вклучени во процесот на планирање на воспитно-образовната работа, како и во реализација на конкретни активности во рамки на одделението и пошироката заедница.

Тие ќе имаат можност да предложат идеи за различни училишни активности, како и да учествуваат во процесот на донесување одлуки кои се од значење за сите засегнати страни во училиштето.

Посебен акцент ќе се стави на вклучувањето на родителите во планирањето и реализацијата на активности за ученици со попречености и со посебни образовни потреби, како и за унапредување на работата со надарени ученици. Во континуитет, родителите ќе бидат информирани за текот на наставниот процес, преку постојана соработка со Училишниот одбор, директорот на училиштето, наставниот кадар, стручната служба и самите ученици.

Имајќи предвид дека родителите претставуваат значаен фактор за успешна реализација на предвидените активности, и оваа учебна година училиштето ќе го постави како приоритет унапредувањето на соработката со оние родители кои покажуваат подготвеност и иницијативност за поуспешно спроведување на слободните ученички активности, како и на наставните и воннаставните содржини.

### 21.4 Едукација на родителите

Соработката меѓу училиштето и родителите ќе продолжи и преку организирање на разни предавања, трибини и советодавно – консултативни работилници, едукативни работилници, со цел родителите да бидат во тек со промените и иновациите во образованието и со цел да можат полесно да се вклучат во воспитно-образовниот процес на своите деца. На почетокот од учебната година родителите ќе добијат брошури со информативен материјал за животот, работата на училиштето и правилата на училиштето, брошури за тековни и идни проекти кои се реализираат во училиштето.

Во соработка со стручните соработници, во училиштето редовно ќе се одржуваат Советување на родители според законската регулатива и според инцидентните потреби на учениците, родителите и општо на училиштето. Ќе се реализираат индивидуални и групни средби и советувања со цел едукација на родителите и превенција од девијантните појави кај учениците, едукации против булинг и сајбер насилство, вознемирување и насилство на учениците, поддршка на децата жртви на насилство и поддршка во семејните релации, поддршка во односите на училиште, педагошко – психолошки насочувања во пристапот во учењето и развојот на личноста на ученикот, поддршка при емоционални проблеми на учениците и нивните родители како припомош при воспитувањето на учениците. Стручните соработници редовно ќе подготвуваат актуелни стручни теми за родителските средби според потребите, а ќе се реализираат и едукативно – консултативни работнилници.

## 22.Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Училиштето ќе ја реализира својата функција во соработка со релевантни институции кои го помагаат работењето, ќе даваат насоки, советуваат и ќе ја контролираат воспитно - образовната работа. Училиштето ќе соработува со МОН при воведување и реализација на сите промени и новини кои произлегуваат од Министерството. Ќе соработуваме со БРО во согласност со потребата за унапредување и модернизација на наставата. Наставниот кадар и оваа учебна година перманентно ќе го надградува сопственото знаење преку посета на обуки и семинари во соработка со МОН и БРО, како и други релевантни институции. Нашето училиште ќе биде транспарентно во однос на работата и животот кои се одвиваат во него. Преку промоција на воспитно – образовната работа, воннаставните и другите ученички активности, училиштето ќе дава

поголема можност за запознавање на јавноста, а учениците и вработените на тој начин ќе добијат јавна афирмација. Комуникацијата со јавноста е од особена важност за нас и за крајна цел ќе има подигнување на статусот на училиштето во локалната заедница.

Училиштето ќе фунционира по пат на соработка и мрежно врзување со релевантните институции и организации од Општина Велес и пошироко. Со цел градење и надградување на естетските и културните вредности кај учениците, редовно ќе се организираат посети од културно – историско значење како што се споменици и музеи, изложби, библиотеки, театар и кино сали. Учениците ќе се поттикнуваат за учество на разновидни литературни и ликовни конкурси преку кои ќе се овозможува да ја изразат својата талентираност и креативност во изразувањето и творењето.

Училиштето редовно ќе соработува со Општинскиот инспектор поврзано со низа консултации, размена на искуства и тековни прашања. Соработката со Државниот просветен инспекторат (ДПИ) ќе се остварува при надзорот на овој орган на државната управа врз: реализацијата на образовните стандарди, обезбедувањето на квалитетот на образованието, ефективноста преку евалуација на акти од работата на воспитно образовната институција, како и преку примената на законите и другите прописи во процесот на образованието и воспитанието.

Соработката со детската градинка „Димче Мирчев“ во непосредната околина ќе се остварува во текот на цела година, особено во месец април 2026 година, пред почеток на уписниот рок за запишување на првачињата во училиштето.

Соработката со основните и средните училишта ќе се одвива во насока на активности кои ги третираат наставните и воннаставните активности како што се спортските натпревари и натпревари во разни други подрачја, литературни читања, размена на искуства помеѓу наставниците, промоции на средните училишта за професионалната информација и ориентација на учениците и сл.  И оваа учебна година училиштето ќе соработува со локалните и националните медиуми. За своите потреби, ќе креираме брошура, флаери, во кои ќе биде презентирано училиштето и неговите активности и ќе бидат истакнувани сите позначајни постигнувања, со кои наставниот кадар и учениците се гордеат. Имено, промоцијата на училиштето е предвидена и во активностите од програмските прилози. Медиумите се практична алатка која училиштето ќе ја користи за афирмација на својата работа и постигнатите резултати. Афирмацијата пред пошироката јавност особено позитивно ќе влијае врз мотивацијата кај вработените и учениците за вклучување во воспитно – образовниот процес. На овој начин учениците ќе го промовираат својот талент и постигнувања во разни области.

Физичкото и менталното здравје на учениците и вработените е од примарна важност и токму затоа соработката со здравствените институции ќе биде континуирана и оваа учебна година. Училиштето ќе соработува со следните институции:

Здравствен дом „Велес“ - оддел за училишна медицина и училишна стоматологија; Совет за јавно здравје; Завод за ментално здравје- Скопје.

**23.Следење на имплементацијата на Годишната програма за работа на основното училиште**

Да се обезбеди систематско следење, проценка и евалуација на реализацијата на активностите предвидени во Годишната програма за работа на училиштето со цел навремено уочување на отстапувања, подобрување на квалитетот на образовно-воспитниот процес и постигнување на поставените цели.

Задачи

- Следење на реализацијата на стратешките и оперативните цели.
- Континуирана евиденција на спроведените активности.
- Идентификација на отстапувања од планираното.
- Предложување на мерки за подобрување.
- Годишна евалуација на реализацијата.

Носители на активностите

| Активност | Одговорен носител | Рок/динамика |
|---|---|---|
| Подготовка на инструменти за следење (образци, прашалници и др.) | Директор, Стручни соработници | Септември |
| Месечна проверка на реализацијата | Одделенски/предметни наставници, стручна служба | Последна недела од месецот |
| Анализа на спроведените активности | Наставнички совет, педагог/психолог | Квартално |
| Изготвување извештаи | Директор, стручни соработници | Прво тримесечје, полугодие, трето тримесечје, крај на година |

## 24.Евалуација на Годишната програма за работа на основното училиште

Во текот на изминатата учебна година, училиштето спроведе тековна евалуација на реализираните активности во согласност со Годишната програма за работа. Во рамки на процесот на евалуација беа земени предвид искуствата добиени преку процесот на самоевалуација и изготвениот извештај, како и придонесот и перспективите на сите засегнати страни вклучени во имплементацијата на активностите. Овие сознанија беа активно интегрирани во процесот на изработка и реализација на новата Годишна програма за работа на училиштето.

Особено внимание беше посветено на прибирањето на докази и релевантни податоци поврзани со индикаторите и критериумите за успех, врз основа на кои беа формулирани заклучоци, насоки и препораки за понатамошно унапредување на работата. Училиштето навремено и одговорно ја изготви Годишната програма за учебната 2025/2026 година, во согласност со одредбите од Законот за основното образование.

Процесот на прибирање на податоци ќе продолжи да се реализира преку примена на соодветни евалуациски инструменти, како што се: протоколи, интервјуа, прашалници, записници, релевантна документација, анкетни листови, дискусии, увид во ученичката работа, процеси на набљудување, независни евалуациски извештаи и други извори. Целта на овој процес е да се овозможи континуирана анализа на силните и слабите страни на училиштето и развој на ефективни стратегии за унапредување на квалитетот на воспитно-образовната дејност.

По завршувањето на евалуацијата, ќе биде изготвен соодветен извештај, кој ќе овозможи продлабочени согледувања и увид во работата на училиштето и неговите вработени. На овој начин, ќе се овозможи континуирано следење, анализа и подобрување на квалитетот на образовната практика преку препознавање на силните страни и укажување на области за понатамошен развој.

**25.Заклучок**

Основното општинско училиште „Панко Брашнаров“ - Велес преку својата дејност и во учебната 2025/2026 година ќе се заложи за осовременување и реформирање на воспитно-образовниот процес, со цел усогласување со современите текови во образованието. Согласно потребите на училиштето, ќе вложиме напори за подобрување и зајакнување на слабите страни, како и за интензивирање на позитивните аспекти во нашето работење, базирани на податоците добиени преку спроведената самоевалуација.

Училиштето ќе остварува активна соработка со сите чинители во воспитно-образовниот процес — ученици, родители, релевантни институции и локалната заедница — со цел да одговори професионално на потребите на учениците, развивајќи кај нив компетенции и знаења кои ќе ги подготват за предизвиците на современото општество. Воедно, ќе се стремиме кон унапредување и промоција на културните, естетските и моралните вредности кои претставуваат безвременски императиви за квалитетен живот.За таа цел, ја изработивме Годишната програма за работа на училиштето, како сериозен развоен документ кој, согласно актуелните потреби и процеси во училиштето и пошироко, може да претрпи и соодветни тековни изменувања.И оваа учебна година нашата активност ќе продолжи во насока на остварување на поставените приоритети, со цел подобрување на постигнувањата на учениците, јакнење на нивниот социјализациски развој и личноста. Основната цел е континуирано унапредување и модернизација на условите за работа и воспитно-образовниот процес, со цел учениците да усвојат релевантни знаења, да развијат потребни способности и вештини за понатамошно школување, како и да ги продлабочат и применат стекнатите знаења во пракса.Во таа насока, ќе настојуваме континуирано да го усовршуваме наставниот кадар за квалитетна реализација на планираните активности, да го унапредуваме квалитетот на наставата и постигнувањата на учениците, како и да го отвораме училиштето кон локалната заедница, институции и организации.

Со овој документ се обидовме детално да ги разработиме и конкретизираме воспитно-образовните задачи, да ги усогласиме сите работни активности, како и да обезбедиме следење, информирање и објективна евалуација на квалитетот и резултатите од извршената работа.

Училиштето и во текот на оваа учебна година ќе продолжи активно да ги вклучува родителите како партнери во воспитно-образовниот процес, како и да ја унапредува соработката со локалната заедница, невладиниот сектор, релевантните институции и други значајни чинители.

**26.Изработка на Годишната програма за работа на основното училиште**

Училишен психолог

Училишен педагот

Тим од наставници

**Годишна програма за работа на директор**

Директорот на основното училиште е носител на педагошко, административно, организациско и финансиско раководење во училиштето. Основната цел на неговата работа е да обезбеди квалитетен воспитно-образовен процес, безбедна средина за сите учесници и континуиран развој на училиштето во согласност со законите, наставните програми и потребите на заедницата.

**ЦЕЛИ НА РАБОТАТА**

- Обезбедување ефикасно управување со училиштето.
- Поддршка и унапредување на квалитетот на наставата и учењето.
- Развој на професионалните капацитети на наставниот кадар.
- Градење и одржување безбедна, инклузивна и поддржувачка училишна средина.
- Развивање соработка со родителите, локалната заедница и институциите.
- Рационално користење на финансиските и материјалните ресурси.
- Стратешко планирање и училишен развој.

**КЛУЧНИ ОБЛАСТИ НА РАБОТАТА**

- Изработка и реализација на годишната програма за работа на училиштето.
- Организирање и координирање на наставниот процес.
- Управување со кадарот, распоредот на часови, замените и воннаставните активности.
- Формирање и работа со училишни комисии и стручни органи.
- Посета на часови и следење на квалитетот на наставата.
- Поттикнување иновативни и инклузивни практики.
- Анализа на ученичкиот успех и планирање интервенции.
- Поддршка во работата на стручната служба.

- Препознавање потреби за стручно усовршување.
- Мотивација и поддршка за учество на вработените во обуки и проекти.
- Објективна евалуација и поттикнување одговорност.
- Создавање на позитивна училишна култура и дисциплина.
- Спроведување планови за безбедност, заштита и евакуација.
- Реагирање на инциденти, врсничко насилство и говор на омраза.
- Поттикнување емоционално и социјално учество на учениците.
- Организирање редовни родителски состаноци и советувања.
- Отворена и достапна комуникација со родителите.
- Вклучување на родители и заедницата во училишни настани и проекти.
- Соработка со локалната самоуправа, институции и невладин сектор.
- Планирање и следење на буџетот на училиштето.
- Транспарентно управување со финансиските средства.
- Одржување и унапредување на училишната инфраструктура.
- Аплицирање за дополнителни извори на финансирање преку проекти.
- Иницирање и водење развојни и едукативни проекти.
- Поттикнување дигитална трансформација на наставата.
- Следење на национални и меѓународни образовни трендови.
- Вклучување на училиштето во проекти на МОН, БРО, ЕУ и други партнери.

**ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ**

- Подобрени ученички постигања и вештини.
- Професионално мотивиран и ефективен наставен кадар.
- Зголемена безбедност и позитивна училишна атмосфера.
- Подобра соработка со родителите и пошироката заедница.
- Модернизирани ресурси и функционална училишна инфраструктура.

- Зголемена видливост и учество на училиштето во образовни иницијативи.

Работата на директорот претставува динамичен процес кој бара визија, лидерство, соработка и етичко постапување. Со успешна реализација на оваа програма, директорот обезбедува основа за успешно функционирање на училиштето и долгорочен развој во служба на учениците, наставниците и заедницата.

**Годишна програма за работа на педагогот**

Годишната програма за работа на училишниот педагог е изготвена врз основа на:

- Законот за основно образование
- Годишниот извештај на училиштето за учебната 2024/2025 година
- Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/2026 година
- Статутот на училиштето
- Наставни програми
- Условите, состојбата и потребите на училиштето
- Календарот за работа во учебната 2025/2026 година



Програмата за работа на педагог може да вклучува различни аспекти, поврзани со неговата секојдневна активност во училиштето или друго образовно установување. Обично, таа вклучува планирање и извршување на образовни и развојни активности, како и интеракција со учениците, родители и колеги.

Еве некои од основните компоненти на програмата за работа на педагог:

1. **Цели и задачи на педагошката работа**

- Изградба на социјални и емоционални вештини кај учениците.
- Обезбедување на адаптација во училиштето.
- Основи на образовниот процес: развој на училишните и когнитивни способности на децата.
- Поддршка при формирање на лични и морални квалитет

2. **Образовни и воспитни активности**:

- Спроведување на индивидуални и групни разговори.
- Организирање на предавања, семинари или работилници по социјални и емоционални теми.
- Развој на активни форми на учење: проекти, групни активности и игри.

3. **Работа со учениците**:

- Истражување на индивидуалните потреби на учениците и нивниот развој.
- Помош при решавање на проблеми со однесувањето и социјалните проблеми.
- Поддршка при надминување на тешкотии во учењето или адаптацијата.
- Поддршка на социјалниот и емоционален развој на учениците.
- Развивање на вештини за решавање на конфликти
- Превенција од било какви негативни појави како што се насилство, зависност и стрес.
- Поддршка на учениците во процесот на учење и напредување.
- Работилници за важноста на емоционалното здравје
- Организирање на работилници против насилство, за освестување на последиците од мобинг и зајакнување на самопочитувањето.

- Информативни и образовни сесии за превенција на зависности како што се пушењето, алкохолот или дрогата.

4. **Работа со родители**:

- Организирање на состаноци со родителите за дискусија на напредокот на децата.
- Создавање на соработка за подобро разбирање на потребите и проблемите на учениците.
- Обезбедување совети и насоки за дома.

5. **Работа со тимот на училиштето**:

- Соработка со наставници, психолози и други вработени во училиштето.
- Учествување во педагошки совети и конференции.
- Разработка на индивидуални планови за развој на учениците.
- Организирање на тренинзи и работилници за наставниците со цел подобрување на нивните наставни вештини, вклучувајќи методи на наставата, техники за управување и стратегии за поддршка на учениците со специјални потреби.
- Размена на најдобри практики и искуства помеѓу наставниците.
- Помош во развој на стратегии за справување со ученичкиот дисциплински проблеми.
- Развој на планови за работа со ученици кои имаат нарушено однесување или учат со специфични предизвици.
- Поддршка во креирањето на наставни планови и програми кои се прилагодени на потребите на учениците.
- Разговори и координација со наставниците за да се идентификуваат ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка
- Педагозите можат да помогнат во развојот на индивидуализирани планови за работа со ученици со различни потреби.
- Поддршка во следењето на напредокот на учениците, вклучувајќи тестирање и проценување на нивните резултати

6. **Организирање на воннаставни активности**:

- Овозможување на учениците активно да учествуваат во активности кои го поттикнуваат и унапредуваат нивното ментално, емоционално и физичко здравје.
- Развивање на социјални, комуникациски и емоционални вештини преку индивидуални и групни работилници, игри и интерактивни методи.

- Промовирање на емпатија, толеранција, меѓусебно почитување и ненасилна комуникација
- Поддршка на учениците при решавање на конфликти, справување со стрес и развивање на позитивна слика за себе.
- Поттикнување на креативноста, критичкото размислување, љубопитноста и самостојноста при изразување и донесување одлуки.
- Идентификување и поддршка на ученици со специфични интереси и таленти во областа на спортот, уметноста, музиката, науката, технологијата и други области.
- Поттикнување на учениците да се вклучат во проекти, истражувачки активности и волонтерски иницијативи.
- Подготвување и охрабрување на учениците за учество во натпревари, фестивали, изложби, културни и едукативни настани организирани од училиштето или заедницата.
- Создавање на поттикнувачка и безбедна средина каде што секој ученик ќе може да ги развива своите потенцијали

7. **Водење на документација**

- Водење на записи за напредокот на учениците.
- Подготовка на периодични извештаи (тримесечја, полугодие, крај на година) за работата и постигнатите резултати.
- Проверка на електронски дневници

**Годишна програма за работа на психологот (психолог Марија Дервишовска)**

Современото образование ги надминува традиционалните рамки на пренос на знаење и се стреми кон целосен развој на личноста на учениците. Во таа насока, улогата на училишниот психолог станува сè поважна во создавање безбедна, поддржувачка и стимулативна средина за учење и развој.

Програмата за работа на психологот во основното училиште има за цел да одговори на психосоцијалните потреби на учениците, да понуди поддршка на наставниот кадар и родителите, како и да придонесе кон превенција и навремена интервенција во случај на емоционални, поведенски или развојни тешкотии.

Работата на психологот е насочена кон промовирање на менталното здравје, поттикнување на социјално-емоционалната писменост, поддршка во процесот на адаптација и учење, како и развивање на потенцијалите на секое дете. Со соработка, доверба и професионален пристап, психологот претставува клучен дел од тимот кој се грижи за холистичкиот развој на учениците.

**Цели на програмата**

- Унапредување на психо-социјалната благосостојба на учениците.
- Превенција на појави на насилство, дискриминација и други ризични однесувања.
- Поддршка на ученици со посебни образовни потреби (ПОП).
- Развивање на емпатија, самодоверба, одговорност и соработка кај учениците.
- Поддршка на наставниот кадар во справување со предизвици во воспитно-образовниот процес.
- Подобрување на родителските компетенции и училишно-семејната соработка.

**Области на работа**

**1. Работа со ученици**

- Индивидуални советувања (емоционални тешкотии, анксиозност, нарушувања во однесување).
- Групна работа: работилници со ученици
- Опсервација и упис на ученици во прво одделение
- Поддршка при адаптација на првачиња.
- Превенција и интервенција при појава на врсничко насилство.
- Идентификација и следење на ученици со ризик од напуштање на училиштето.

**2. Работа со наставници**

- Поддршка и консултации за работа со ученици со ПОП.
- Психолошка едукација на наставниците (емоционална интелигенција, справување со стрес, вештини за комуникација).
- Вклучување во стручни активи и советувања.

**3. Работа со родители**

- Советување и поддршка при воспитување на децата.
- Изготвување на теми за родителски средби
- Едукација за развојни фази и потреби на децата.

**4. Дијагностичка и евалуациска работа**

- Проценка на психолошки и социо-емоционални потреби на учениците.
- Следење на ученичкиот развој и напредок.
- Изработка на индивидуални планови за поддршка.

**5. Организирање на воннаставни активности**:

- Развивање на социјални, комуникациски и емоционални вештини кај учениците.
- Поттикнување на креативноста, критичкото размислување и самостојноста.
- Поддршка на учениците со посебни интереси во области како што се спорт, уметност, музика, наука и други.
- Овозможување на учениците да учествуваат во активности кои го подобруваат нивното ментално и физичко здравје.
- Подготвување на учениците за учество во натпревари, фестивали, изложби и други активности на училиштето или заедницата.

**5. Превентивна работа**

- Работилници за унапредување на ментално здравје и самопомош.
- Информирање и развивање на свест за родова еднаквост, инклузија и толеранција.
- Вклучување во проекти

**6. Соработка со институции**

- Центри за социјална работа, служби за инклузија
- Упатување и координација со стручни лица (социјален работник, логопед, дефектолог, психијатар и др.)

**7. Административна работа**

- Водење евиденција за индивидуални и групни интервенции.
- Изработка на месечни, полугодишни и годишни извештаи.
- Изработка на планови, анализи и предлози за унапредување на работата.
- Водење на записи за напредокот на учениците
- Изготвување на извештаи

Работата на училишниот психолог претставува суштински дел од воспитно-образовниот процес и е насочена кон унапредување на психосоцијалната благосостојба на учениците, поддршка на наставниот кадар и соработка со родителите. Преку превентивни, советодавни и развојни активности, психологот придонесува за создавање на здрава, безбедна и поттикнувачка училишна средина. Работата на психологот во основното училиште има клучно влијание врз целокупната атмосфера и успешноста на воспитно-образовниот процес. Со своето стручно знаење и пристап, психологот помага во градењето емпатично, инклузивно и безбедно училишно опкружување во кое секое дете има простор за раст и напредок.

Психолог

Марија Дервишовска

**Годишна програма за работа на психологот ( психолог д-р Мимоза Давчева)**

Целите на стандардите на работа на психологот во училиштето е да придонесе за ефикасно организирање на целокупната воспитно - образовна работа во училиштето, како и развој на општите компетенции**.** Своите работни активности психологот ќе ги реализира преку следните содржини:

| ПРОГРАМСКИ СОДРЖИНИ | НОСИТЕЛИ И СОРАБОТНИЦИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|
| ***I. Планирање, програмирање и организирање на ВОР*** | | |
| • Учество во изработка на Годишната програма за работа на училиштето и нејзина реализација<br>• Учество во планирање на активности од Развоен план на училиштето<br>• Учество во планирањето на активностите на Совет на родители и ученичките заедници<br>• Изготвување на Годишна програма за својата работа<br>• Програма за советување на родители<br>• Учество во планирањата на стручни активи<br>• Учество во изготвување на План за професионален развој на наставниот кадар<br>• Учество во изработка на Годишниот извештај за работата на училиштето<br>• Изготвување извештај за сопствената работа. | Директор, стручна служба, наставници ученици | јули<br>август/<br>септември<br><br>мај/<br>јуни |
| ***II. Следење на ВОР*** | | |
| ***II-1.*** *Следење на наставата*<br><br>• Учество во следење на подготовката на наставникот за воспитно - образовниот процес (годишни, глобални, тематски дневни планирања)<br>• Учество во следење на наставниот процес, како и работата и развојот на учениците според потребите<br>• Учество во анализирање на успехот и дисциплината на учениците во класификационите тримесечни периоди<br>• Учество во следење на примена на современи методи на работа и ефектите од нив<br>• Земање учество во организација на воспитно - образовниот процес: положба на ученикот во наставниот процес, социјална способност, мисловни активности, примена на методи на работа според можности на ученикот - според потребите | Психолог,<br>педагог,<br>наставници<br>Директор, педагог, | според потребите |

| | | |
|---|---|---|
| ***II-2.*** *Непосредно следење на сопствената работа*<br>- Самоевалвација на сопствената работа<br>- Дневник за работа со: ученици, родители, наставници | | |
| ***III. Работа со ученици*** | | |
| **ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕЊЕТО**<br>- Користење методи и инструменти за испитување на подготвеноста за вклучување на учениците во соодветното ниво на образование - според потребите на училиштето;<br>- Учество во проценување на психосоцијалните причини за неуспех во учењето<br>- Учество во проценувањето на подготвеноста на ученици за забрзано напредување<br>- Учество во идентификувањето на ученици со посебни образовни потреби<br>- Учество во дијагностицирање на специфичните потешкотии во учењето и помош за постигнување подобар успех (проблеми со внимание и концентрација, анксиозност и сл.)<br>- Реализирање индивидуални и групни советодавни средби со учениците што се соочуваат со неуспех во учењето.<br>- Советувањето на учениците базирани врз идентификување на нивните силни страни, помош во развивање на нивниот потенцијал и следење на ефектите од советувањата според потребите<br>- Реализирање работилници кои се релевантни за подобрување на учењето на учениците (на пр. мотивација за учење, критичко мислење, креативно мислење, решавање на проблеми и сл.) според потребите<br>- Откривање на ученици со поголеми можности за напредување<br><br>**Професионална ориентација на учениците**:<br>- Испитување на општи и посебни способности, мотивација за учење, вредносни ориентации и ставови, професионални интереси, психолошки фактори на успех и напредување на учениците - според потребите | Психолог<br>Педагог<br><br>наставници и стручни соработници од средни училишта<br>ученици<br><br>Педагог,<br>наставници | континуирано<br><br>континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| - Препознавање, откривање и идентификување на надарените ученици - според потребите на училиштето<br><br>**Следење и поддршка на развојот на учениците**<br><br>- Следење на прилагоденоста на учениците во прво и второ одделение и на преминот од петто во шесто одделение<br>- Прибирање информации за работата и однесувањето на учениците преку соработка со наставниот кадар<br>- Утврдување на фактори кои негативно влијаат на неуспехот во учењето на одредени ученици<br>- Реализирање индивидуални и групни советодавни средби со учениците што се соочуваат со неуспех во учењето - според потребите<br>- Испитување на структурата на одделенијата и меѓусебните односи на учениците во паралелките – според потребите<br>- Учество и поддршка во работата на ученичките заедници, ученичкиот парламент и правобранител<br>- Реализирање работилници и други активности со ученици за превенција на различни теми поврзани со физичкото и менталното здравје ( пр: зависности, справување со стрес, справување со насилство, асоцијално однесување, справување со дискриминација, несакана бременост и сл.).<br>- Реализирање индивидуални и групни советодавни средби со учениците што се соочуваат со проблеми во однесувањето - според потребите<br>- Интервенирање при несоодветно однесување на учениците<br>- Препознавање на потешкотии во однесувањето и врсничките односи, емоционалните или семејни потешкотии и помош на учениците да ги надминат;<br>- Помош на учениците во развивање на адекватни механизми во соочување и надминување на стресни ситуации – според потребите<br>- Планирање, организирање и реализација на превентивни работилници. | ученици<br>родители<br><br>стручна служба | според потребите |
| ***IV.*** **Работа со наставници**<br><br>**IV-1 Поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно образовниот процеси на самоевалуацијата**<br><br>- Инструктивно - консултативна работа со наставниците при програмирање на наставни и воннаставни активности - според потребите<br>- Соработка и непосредно учество во работата на тимовите во училиштето - според потребите<br>- Запознавање со психолошките принципи на успешно учење и мотивација | психолог<br>педагог, | континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| за работа - според потребите<br>- Поддршка во организирање на нагледни часови - според потребите<br>- Анализа на часеви на кои присуствувал психологот поради согледување на прилагоденост на програмата на развојни можности на ученикот, атмосферата во одделението, мотивацијата за работа<br>- Помош за полесна идентификација на ученици со специфични потешкотии и надарени ученици - според потребите<br>- Инструктивно - консултативна работа со наставник почетник и наставник ментор според потребите<br>- Стручни работни средби со претседатели на стручни активи и планирање на активности од проекти - според потребите<br>- Учество на обуки организирани од акредитирани предавачи, БРО, МОН<br>- Издвојување и посочување на написи и стручни списанија и стручната педагошко - психолошка литература со која располага училиштето | наставници | |
| **IV-2 Поддршка на наставницита во работа со учениците**<br>- Помош на наставниците да ги идентификуваат: потешкотиите со климата во паралелката, мотивацијата и развој на стратегии за нивно разрешување - според потребите<br>- Консултации за ученици кои напредуваат побрзо или покажуваат слаб успех, асоцијално однесување и нередовност - според потребите<br>- Советодавна-инструктивна работа за учениците кои имаат послаби резултати во учењето, со тешкотии во емоционалниот развој, пречки во физичкиот развој, со семејни проблеми - според потребите<br>- Консултации за ученици кои напредуваат побрзо или имаат потешкотии во учењето - според потребите<br>- Помош на наставниците да ги препознаат и разберат развојните и индивидуални потреби на учениците и да реагираат соодветно на нив - според потребите<br>- Предлагање или заедно со наставникот осмислување на начини за поттикнување на посебните способности на надарените ученици и за мотивирање на учениците за учество на натпревари и конкурси од различни карактери - според потребите | психолог<br>педагог<br>наставници<br>родители<br>ученици | според потребите |
| **IV-3 Поддршка на наставницита во работа со родителите**<br>- Работилници за јакнење на комуникациските вештини на наставниците, | | |

| | | |
|---|---|---|
| подобрување на мотивацијата за работа и форми на реализирање соработка со родителите - според потребите | психолог<br>педагог | според потребите |
| **V. *Работа со родителите*** | | |
| - Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите<br>- Организирање и спроведување групни и индивидуални советувања со родители чии деца се соочуваат со неуспех во учењето, нередовно посетување на наставата и несоодветно однесување - според потребите<br>- Запознавање со разновидни заеднички активности со родителите каде што тие придонесуваат за подобрување на работата во училиштето - според потребите | директор<br>психолог<br>Педагог,<br>наставници | според потребите |
| - Помош за вклучување на родителите во животот и работата на училиштето и воспоставување партнерски односи на релација училиште – родител<br>- Запознавање на родителите со психолошките карактеристики на детето и давање помош во поттикнување на равојот на нивното дете - според потребите<br>- Давање совети за решавање на развојните и други проблеми на учениците кои се последица на несредени семејни односи - според потребите<br>- Советодавна-инструктивна работа со родители чии деца имаат потешкотии во развојот - според потребите<br>- Помош на родителите да развиваат адекватни вештини на комуникација, со што би можеле поквалитетно да го поттикнуваат развојот на своето дете - според потребите<br>- Реализација на Програма за советување на родители<br>- Организирање на работилници за вклучување на родителите во ВОР на училиштето, со посебен акцент на унапредување на ментално здравје на учениците - според потребите<br>- Подготовка на материјали за упис на ученици во прво одделение<br>- Помош при воспоставување контакт со други надворешни институции: Центар за социјална работа, специјализирани здравствени установи за ментално здравје, Завод за ментално здравје Скопје и сл.<br>- Посочување на стручна- психолошка литература - потребите | психолог<br>педагог,<br>наставници<br>родители<br>ученици<br>надворешни институции | континуирано |
| ***VI. Професионален развој и професионална соработка*** | | |
| ЛИЧЕН ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ<br>- Планирање и евидентирање на сопствениот професионален развој. | | |

| | | |
|---|---|---|
| - Примена во практиката на новините од професијата<br>- Соработка со колеги во професионалните здруженија, социјални мрежи и форуми.<br>ПОДДРШКА НА ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ И СОРАБОТКАТА ВО УЧИЛИШТЕТО<br>- Поддршка на тимот за професионален развој во училиштето<br>- Дисеминирање на стекнати знаења и вештини од посетувани обуки<br>- Упатување на наставниците да користат различни ресурси за осовременување на наставниот процес<br>- Идентификување и предлагање теми за обуки во училиштето<br>- Помагање на наставниците да ги идентификуваат своите потреби и да подготват план за личен професионален развој - според потребите | психолог<br>педагог | според потребите |
| ***VII. Аналитичко истражувачка работа*** | | |
| - Подготвување инструменти според потребите (протоколи, евидентни листи, обрасци) за прибирање податоци<br>- Учество во анализа на општите услови за реализација на ВОР во училиштето - според потребите<br>- Учество во анализа на социјална адаптација на деца во I, во II и VI одд.<br>- Анализа на часовите на кои присуствувала стручната служба, поради согледување на атмосферата во одделенијата и мотивацијата за работа<br>- Учество во анализа на тримесечната, полугодишната и годишната реализација на Програмата за работа на училиштето (успех, редовност, дисциплина)<br>- Учество во изготвување извештаи за потребите на стручните органи, Совет на родители<br>- Учество во правење статистичка обработка и анализа на податоци – според потребите<br>- Допринос преку учество во процес на самовреднување на училиштето, како и следење на реализација на програмите насочени кон подигнување на квалитетот на училиштето – според потребите<br>- Давање предлози и сугестии за подобрување на практиката врз основа на сознанија од истражувања - според потребите | директор<br>стручна служба<br>наставници | според потребите |
| ***VIII. Соработка со заедницата*** | | |
| СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА | стручна служба | според потребите |

| | | |
|---|---|---|
| - Соработка со локалната заедница и можностите за нејзино учество во работата на училиштето (работа на заеднички проекти, учество во заеднички манифестации, акции, иницијативи, партнерства и сл) - според потребите<br>- Информирање на заедницата за потребите и постигањата на училиштето според потребите<br>- Вклучување во организацијата и реализацијата на превентивни, хуманитарни и културни активности на локалната заедница според потребите<br>- Соработка со локалната заедница при справување со кризни ситуации што го засега училиштето и локалната заедница (непогоди, епидемии, насилство, криминални појави и слично).<br>- Планирање, реализирање и следење активности кои промовираат интеркултурно образование според потребите<br>- Воспоставување контакт со надворешни интитуции според потребите : Министерството за образование и наука<br><br>Бирото за развој на образованиет<br><br>Државниот испитен центар<br><br>Центрите за социјална работа<br><br>Заводот за ментално здравје на деца и младинци<br><br>Здравствени установи во кои се одвиваат систематски прегледи и вакцинации на учениците<br><br>Одделот за малолетничка делинквенција при Министерството за внатрешни работи, НВО и др<br><br>СОРАБОТКА СО СТРУЧНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ<br><br>- Консултирање на институции при работата со одредена група ученици, наставници или родители и земање предвид на нивните препораки - според потребите<br>- Планирање и остварување соработка со училиштата од реонот и пошироко – според потребите<br>- Запознавање и упатување на учениците, наставниците и родителите во соодветни институции за решавање на одреден проблем според потребите | надворешни организации и институции<br><br>директор<br><br>наставници<br><br>родители<br><br>Ученици<br><br>педагог<br><br>психолог | според потребите |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| ***IX.Училишна структура, организација и клима*** | | |
| УЧИЛИШНА СТРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИЈА<br>(ПЛАНИРАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА, ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА, ЕВАЛУАЦИЈА)<br>- Учество во изработка и примена на инструменти за Самоевалуација на училиштето - според потребите<br>- Учество во организирање на работата во училиштето (распределба на учениците, планирање и слично) - според потребите<br>- Соработка со стручните органи и тела во училиштето - според потребите<br>- Водење евиденција за работата со учениците - според потребите<br>- Предлагање мерки релевантни за целото училиште - според потребите<br><br>УЧИЛИШНА КЛИМА, БЕЗБЕДНА СРЕДИНА И ДЕМОКРАТСКО УЧЕСТВО<br>- Иницирање и реализирање активности за промоција на постигањата на вработените и учениците - според потребите<br>- Организирање на учениците во заеднички активности каде што доаѓа до израз меѓуврсничката соработка - според потребите<br>- Организирање хуманитарни акции за помош на ученици од социјално ранливи категории - според потребите<br>- Идентификување и превенирање на случаи на дискриминација и нерамноправност во училиштето и преземање соодветна акција - според потребите<br>- Планирање и организирање активности за демократско учество на учениците во животот на училиштето - според потребите<br>- Соработка со ученичките организации – според потребите | педагог<br>Психолог<br>тим од наставници<br><br>психолог<br>педагог<br>наставници | според потребите<br><br>според потребите |
| ***X. Водење на педагошка евиденција и документација*** | | |
| - Водење на сопствена евиденција и документација<br>- Увид во педагошката евиденција и документација на училиштето - според потребите | лично | Континуирано |

Училишен психолог: д-р Мимоза Давчева

**Годишна програма за работа на библиотекарот**

Библиотеката претставува не само складиште на книги, туку и срцето на училиштето – место каде што се поттикнува љубопитноста, се развива критичкото размислување и се гради љубовта кон пишаниот збор. Таа има клучна улога во воспитно-образовниот процес, обезбедувајќи пристап до знаење, информации и културни содржини кои го надополнуваат и продлабочуваат учењето во училницата.

Програмата за работа на библиотекарот има за цел да ги дефинира насоките и активностите кои ќе придонесат за унапредување на библиотечната дејност во училиштето. Таа опфаќа организациски, едукативни и културни аспекти на работата, при што се става акцент на потребите на учениците и наставниот кадар, како и на развивање на навики за самостојно читање, истражување и учење.

Оваа програма е изработена во согласност со воспитно-образовните цели на училиштето и националните образовни стандарди. Таа претставува основа за планирање, реализација и евалуација на библиотечните активности, со цел библиотеката да биде подеднакво достапна, корисна и инспиративна за сите ученици и наставници.

Со правилно насочена работа, библиотеката може да биде вистински центар на знаење, култура и вредности, што се неразделен дел од севкупниот развој на ученикот како личност.

Во оваа учебна година, библиотекарот ќе работи на збогатување на библиотечниот фонд, унапредување на библиотечните услуги, поттикнување читателска култура и реализирање соработки со наставниците и родителите. Целта е да се создаде средина која ќе го мотивира секој ученик да биде љубител на книгата и активен корисник на библиотеката.

***Цели на програмата***

- Поттикнување љубов кон книгата и читањето кај учениците.
- Обезбедување пристап до квалитетна литература за учениците и наставниците.
- Поддршка на наставниот процес преку обезбедување на соодветна стручна литература.
- Развивање на информациска писменост кај учениците.
- Организирање културни и едукативни активности поврзани со литературата и библиотеката.

**Програма за работа на Наставнички совет**

Наставничкиот совет претставува стручно тело во рамките на основното училиште кое ја планира, следи, анализира и унапредува воспитно-образовната работа. Програмата за работа се заснова на важечките закони, правилници, наставни програми, како и на Годишната програма за работа на училиштето.

***Цели на работата на Наставничкиот Совет***

Разгледување и усвојување на Годишната програма за учебната 2025/2026 година

- Подготовки за почетокот на учебната 2025/26 година
- Систематизација на работни места
- Давање мислење од Наставнички совет за полагање на стручни испити на наставници приправници
- Утврдување на успех,редовност и дисциплина на учениците во првото тримесечје првото полугодие,трето тримесечје и крај на учебната 2025/26 година.
- Изрекување на педагошки мерки на учениците
- Разговори за одржување на родителски средби
- Утврдување на успехот на ученици кои ќе полагаат одделенски испит
- Бирање на најдобар наставник и ученик за учебната 2025/26 година за избор на наставник и ученик на Општина Велес
- Разгледување и утврдуваше успехот на учениците од IX одделение на крајот на наставната 2025/2026 година.
- Разгледување на успехот на учениците од прво до осмо одделение за учебната 2025/2026 година.

**Програма за работа на Училиштниот одбор**

Училишниот одбор е орган на управување во основното училиште кој ги носи најважните одлуки поврзани со организацијата, финансиите и работата на училиштето. Работата на одборот се темели на Законот за основно образование, статутот на училиштето и други релевантни акти.

***Цели на работата на Училиштниот одбор***

- Осигурување на законитост и транспарентност во работењето на училиштето.
- Донесување одлуки за клучни прашања поврзани со финансии, кадровски прашања и организација.
- Поддршка на развојот на училиштето и унапредување на наставниот процес.

***Клучни области на делување***

1. **Управување и надзор**

- Усвојување на Годишната програма за работа на училиштето.
- Следење на реализацијата на програмата и полугодишните извештаи.
- Усвојување на Статутот и други внатрешни акти.

2. **Финансиско работење**

- Усвојување на буџет и финансиски план.
- Разгледување и усвојување на извештајот за финансиско работење.
- Одобрување на јавни набавки и донации (каде што е потребно).

3. **Кадровски прашања**

- Давање согласност за избор на директор или разрешување.
- Разгледување на прашања поврзани со вработување, преку соработка со директорот.
- Верификација на одлуки што се однесуваат на статусот на вработените (доколку законски е предвидено).

4. **Инфраструктура и услови за работа**

- Иницирање и поддршка на проекти за подобрување на условите во училиштето.
- Следење на инвестиции и одржување на објекти.

5. **Комуникација со засегнатите страни**

- Соработка со родителите, локалната самоуправа и други институции.
- Поттикнување на вклученост на заедницата во животот на училиштето.

***Очекувани резултати***

- Законито и ефективно управување со училиштето.
- Подобрени услови за работа и настава.
- Вклученост на сите засегнати страни во одлучувањето.
- Финансиска и организациска транспарентност.

**Годишна програма за работа на Совет на родители**

Советот на родители е орган кој го претставува интересот на родителите и ги координира активностите поврзани со подобрување на условите за образование и воспитување на учениците во основното училиште.

***Цели на програмата***

- Да се унапреди соработката помеѓу училиштето, родителите и локалната заедница.
- Да се обезбедат услови за квалитетно образование и воспитување.
- Да се поддржат и промовираат активности кои го подобруваат воспитниот и образовниот процес.
- Да се информираат родителите за сите значајни прашања поврзани со образованието на нивните деца.

***Организација и состав***

- Советот на родители се формира од претставници избрани од сите паралелки.
- Советот има претседател, заменик-претседател и секретар.

***Задачи и активности***

- Учество во донесување на важни одлуки поврзани со воспитно-образовниот процес.
- Иницирање и организирање на работилници, трибини и други едукативни активности за родители и ученици.
- Поддршка на училишните манифестации и проекти.
- Размена на информации помеѓу училиштето и родителите.
- Следење и евалуација на условите за работа во училиштето.
- Предлог и иницирање мерки за подобрување на безбедноста и здравјето на учениците.
- Соработка со други организации и институции од локалната заедница.

***Состаноци и одлучување***

- Средбите ги свикува претседателот на Совет на родители
- За одлуки е потребно мнозинство гласови од присутните членови.
- За важни одлуки може да се повикаат на учество и други заинтересирани страни.

***Извештај за работата на Совет на родители***

- Советот на родители подготвува годишен извештај за својата работа кој го доставува до директорот на училиштето и родителите.

***Завршни одредби***

- Програмата може да се ревидира и дополнува по предлог на Советот на родители.
- Советот на родители дејствува во согласност со законите и правилниците од областа на основното образование.

**Годишна програма за работа на Стручните активи**

***Цели на програмата***

- Подобрување на квалитетот на работа и професионалниот развој на стручните тимови.
- Поттикнување на соработка и размена на искуства меѓу членовите.
- Следење и примена на нови методи, стандарди и технологии во наставниот процес.
- Планирање и организирање на активности за едукација и усовршување.

**Организација на стручните активи**

- Формирање на стручни тимови по области
- Назначување на координатор или претседател на секој стручниот тим.
- Одредување на периодичност на состаноците

**Активности**

- Редовни состаноци**:** Анализа на досегашната работа, дискусии за проблеми, предлози за подобрување**.**
- Едукација и обуки**:** Организирање на семинари, работилници и предавања.
- Размена на искуства**:** Презентации на успешни практики, проекти и решенија.
- Планирање на нови активности**:** Проекти, натпревари и истражувања.
- Изработка на документи: Изработка на упатства, методички материјали, анализи и извештаи.

**Период на работа**

- Програмата важи за учебната 2025/2026 година
- По завршувањето на периодот, се прави анализа и ревизија на постигнатите резултати.

**Одговорности на членовите**

- Активно учество во состаноците и активностите.
- Подготвување и доставување на материјали и извештаи.
- Следење на нови стручни стандарди и трендови.
- Спроведување на договорените активности.

**Следење и евалуација**

- Редовно следење на реализирани активности.
- Анализа на постигнатите резултати и предлози за унапредување.

**Годишна програма за работа на училиштниот хор**



**Улога на Хорското пеење -во основното училиште**

Хорското пеење во основното училиште има исклучителен воспитно-образовен смисол и значење, во:

Остварување на задачите од музичко воспитување и образование на учениците,општествено-морален,национален,интеркултурален,работен и естетски смисол.

Пред се допринесува за развојот на музичките способности на ученикот.

Пеењето во хор развива дисциплина,упорност,истрајност,и на тој начин допринесува кон формирање на чувство за разбирање,меѓусебно почитување и толеранција.

Преку хорското пеење се развива:другарство,колегијалност,чувство и
осет за тимска работа и пријателство.

Поради тоа овој вид на воспитно образовна работа има голема улога во општествено-моралното воспитување на учениците

**ЦЕЛИ НА ХОРСКАТА НАСТАВА**

Цели на хорската настава :

Учениците да ги прошират знаењата и способностите од областа на музиката за кои покажуваат посебен интерес,определба и сензибилитет.

Учениците да се оспособуваат за соработка и колективен однос во заедничка презентација-вокална интерпретација на вокални дела во училиштето и надвор од него.

да пее песни различни по жанр, карактер и содржина по слух со правилна примена на елементи на вокална техника,

да ги препознава при слушање и соодветно да ги користи музичките изразни средства при пеење ;

да се изразува преку пеењето на разновидни по жанрови музички композиции во музиката и преку поврзување на музиката со други форми на уметничко изразување.

**ПОСЕБНИ ЦЕЛИ:**

- да создава навика за редовност и точност;
- да се развиваат творечките способности,етички и естетски вредности;
- да равива колективен интелектуално-емоционален и креативен однос кон интерпретацијата на хорските композиции;
- да ги проширува теоретските знаења во областа на историјата на музиката;
- да ги проценува вредностите на музичките дела преку анализа;
- да открива нови можности за примена на хорска активност во синтетизираните уметности или мултимедијален проект;
- да учествува на разни видови настапи(во училиштето и надвор од него,локална средина,на покана и сл.);
- да соработува со други лица од културата,институции,стручни организации од областа на уметноста и културата;
- да развива љубов и способност за вокална интерпретација и запознавање со културите на други народи;
- да создава ведро,позитивно расположение и чувство на одговорност,истрајност и упорност;
- да придонесува за создавање на одговорност со јавните настапи;
- да развива критички став и мислење за интерпретации при хорското пеење.

**Наставни форми, методи и активности:**

-Во остварувањето на целите на Училишниот хор ќе се применуваат наставните форми:колективна-фронтална;групна;индивидуална;
проблемска;истражувачка
-Од методите ќе се користат: Практични изведби,демонстрација;глас-ехо;
дијалог,дискусија;презентација,усно излагање,аудио-метода.

-Во работата ќе доминира: Иницијативноста,самостојноста,креативноста,слободно изразување на индивидуалните чувства и придонес за колективна вокална интерпретација и изразување.

**Организација на Хорската настава**

- Според наставните планови и програми,часевите по Хорска настава се воннаставни активности кои ќе се реализираат во текот на учебната 2025/2026 година.Во училишниот хор членови се ученици од шесто до деветo одделение.
- Во Училишниот хор,членови се ученици кој поседуваат вештини кој треба да ги поседуваат за пеење-учество во хор.Како на пример:музикалност,следење на сопственото пеење и откривање на грешки,високо ниво на аудитивно и ментално внимание,памтење на мелодијата-следење на диригентот,љубов,желба,гласовните можности на учениците итн.

-Резултатите од работата на хорот ќе се презентираат низ низа активности и јавни настапи во училиштето и надвор од него,во локалната средина и пошироко,за разни пригоди,поводи и представувања на училиштето.
-Преку учество на хорот на јавни настапи,кај учениците се развива свест за потреба на сопствен допринос во остварувањето на општите човечки идеали,општествените цели и вредности,кој духовно го збогатуваат животот и го прават поквалитетен.Сето тоа допринесува за јакнење на сопствениот идентитет и самореализацијата на ученикот.

**НАСТАПИ**:
-Училишниот хор ќе настапува на културно уметнички манифестации предвидени во програмата на училиштето,хорски смотри организирани од БРО на РСМакедонија и Здружението на музички педагози.Исто така и на покани и организирани настани во соработка со локалната самоуправа на град Велес.

**ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС**

**(Структурирање на содржините)**

| **Р.б.** | **СОДРЖИНИ** | **КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ** | **ДИДАКТИЧКИ АКТИВНОСТИ (наставник-ученици)** | | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Аудиција | -Да е музикален да поседува смисол за мелодија и ритам;<br>-Да интонира при пеење на дадена музичка целлина;<br>-Да поседува соодветен тонски распон на гласот;<br>-Да демонстрира една песна по својизбор;<br>-Интонативно да пее зададени мелодиски целини | -Објаснува за начин и постапка на аудицијата;<br>-Свири на пијано,пее-(глас);<br>-Дава насоки за изведба на музички целини,слуша, споредува, одредува видови гласови според гласовните можности на ученикот. | -Следат објаснување и постапки за аудиција;<br>-Слуша,пее(ехо);<br>-Следат насоки и пеат музички целини. | -IX-X<br>2025 год<br>и<br>-во текот на целата учебна година по потреба<br><br>Уч.2025-2026 год |
| 2 | Основи на вокалната техника (При обработка на песни со различен | -Да демонстрира правилна положба на телото за време на пеењето; | -Објаснува за елементите на вокалната техника;<br>-Објаснува вежби | -Следат објаснување, демонстрација | Континуирано (во текот на целата учебна година при |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | карактер) | -Да дише правилно при пеењето на музички целини;<br>-Да применува вежби за дишење;<br>-Да демонстрира распејување;<br>-јасна дикција на текстот при пеето;<br>-соодветно отварање на уста | за распевување и демонстрира-следи практични изведби;<br>-Објаснува за значењето на фоноторните органи;<br>-Дискутира за пеењето;<br>-Објаснува за внатрешен слух | -Практични изведби<br><br>-Вежби при обработка на сите песни. | обработка и вежби-хорски проби на секоја од композициите)<br><br>IX-VI<br>уч.2025/2026 год. |
| 3 | Песни од Детски музички фестивали:<br>(со носач на звук по избор според потреби и настани) | Да дискутира за карактерот на песните композиторот, инструментална придружба и да објаснува за текстот; | -Ги запознава со текстот од песните;<br>-Демонстрира пеење со носач на звук;<br>-Дава насоки за активности- обработка на песните<br>-Вежби и проби на интонација,<br>темпо динамика, карактер,ритам правилно дишење и сл. обработка | -Следат објаснување,се запознаваат со текстот;<br><br>-Следат демонстрација<br><br>-Практични изведби<br><br>-Вежби при обработка на сите песни. | -септември<br>-октомври<br>И според потреби и настани<br>2025 год |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | (глас-ехо) | | |
| 4 | Обработка и пеење на забавни песни:<br><br>-„Yesterday“-John Lennon,Paul Mecartney (со пијано придружба)<br>-„Детелинка“ (Македонски евергрин)<br><br>(и други според можностите и развојот на вокалниот состав) | Да дискутира за карактерот на композициите жанрот, композиторот,и да објаснува за текстот;<br>-Да демонстрира правилна вокална интерпретација. | -Објаснување и запознавање со текстот на песната,<br>-Се иницира дискусија за жанрот и композиторите;<br>-Демонстрација со пијано придружба<br>-Насоки и обработка на песните -вежби (хорски проби)<br>-Вежби и проби на интонација,<br>темпо динамика, карактер,ритам правилно дишење и сл. обработка (глас-ехо) | -Следат објаснување,се запознаваат со текстот;<br><br>-<br>Дискутираат<br><br>-Следат демонстрација<br><br>-Практични изведби<br><br>-Вежби при обработка на песните. | -од февруари до мај<br>Уч.2025/2026 год. |
| 5 | Обработка на канони<br><br>(по избор од | -Да дискутира за карактерот на канонот;<br><br>-Да демонстрира | -Објаснува за канон,канонско пеење и начинот на изведба; | -Следат објаснување и демонстрација-следат | -октомври<br>-ноември<br>-декември<br>-јануари |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | едноставни до сложени според развојот и потребите на хорот) | вокална интерпретација на канонот со уметнички израз. | демонстрира, објаснува, насочува,следи.<br><br>-Свири на пијано,пее-(глас);<br>(обработка на фрази и целини)<br>-Вежби и проби на интонација,<br>темпо динамика,<br>карактер,ритам<br>правилно дишење и сл. обработка (глас-ехо) | објаснување;<br><br>-Слуша,пее(ехо);<br>-Следат насоки и пеат музички целини. | уч.2025/2026 год |
| 6 | Обработки и пеење на Староградски Велешки и други народни песни:<br>„Јовано,Јованке“;<br><br>(и други по избор и развојот на хорот и потреби) | -Да дискутира за карактерот,содржината и да објаснува за текстот на народните Староградски песни;<br>-Да продлабочува љубов кон Фолклорното творештво и народни песни од својот крај;-Да | -Објаснува за карактерот на народните песни за начинот на интерпретацијата и музички изразни елементи содржини,чувства (иницира дискусија);<br>-Објаснува за | -Следат објаснување;<br><br>-Дискутираат<br><br>-Следат објаснување и | -декември<br>-јануари<br>-февруари<br>Уч.2025/2026 год. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | демонстрира правилна вокална интерпретација на песните во неправилен ритам и изразни елементи во мелодијата. | неправилниот ритам;<br>-демонстрира;<br>-Обработка на песните на музички целини,целосно пеење,двогласна-тригласна обработка (глас-ехо) | доживуваат нерамноделност во ритамот од демонстрацијата;<br><br>-Вокална итерпретација-обработка по насоки од наставникот. | |
| 7 | Тригласна хорска обработка на народната песна:<br><br>-„Песна за Јане Сандански“-„Оздола иде мале“;-Огин го гори Брезово“<br>(a capella)<br>( и други по избор и според развојот на хорот ) | -Да се запознае со тригласна хорска обработка-аранжман на народна песна;<br>-Да дискутира за карактерот, содржината и да објаснува за текстот на народната песна;<br>-Да продлабочува љубов кон Фолклорното творештво и наследство;<br>-Да демонстрира | -Објаснува за поимот аранжман,текстотк арактерот на народната песна за начинот на интерпретацијата (иницира дискусија);<br>-Објаснува за ритам-правилен;<br>-демонстрира;<br>-Обработка на песните на музички целини,целосно | -Следат објаснување,се запознаваат со текстот,го доживуваат;<br><br>-Дискутираат<br><br>-Следат демонстрација<br><br>-Практични изведби; | -од ноември до март Уч.2025/2026 год. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | правилна вокална интерпретација на песната. | пеење;обработка со секој глас поединечно; -Вкрстени двогласни вежби и проби; -Тригласни вежби и проби на интонација,темпо динамика, карактер, правилно дишење и сл. обработка (глас-ехо) | -Вокални интерпретации (проби-вежби) | |
| 8 | Слушање,обработка и пеење на химни: - на град Велес: „Болен ми лежи Миле Поп Јорданов“, -химна на Европа „Ода на радоста“ -Химна на РСМ„Денес над Македонија“ (според потреби) | Да дискутира за поимот,карактерот начин на интерпретација на химна; -Да демонстрира правилна вокална интерпретација во неправилен такт. | -Објаснува начин на интерпретација на химна, -Вокална техника, -Музички изразни елементи при пеењето на химна (нерамноделен такт) -Демонстрира став-начин на пеење химна; | -Следат објаснување, интерпретација на химна; -Следат насоки и демонстрација; | -од ноември до февруари Уч.2025/2026 год. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | -Обработка со секој глас поединечно;<br>- Двогласни вежби и проби;<br>- Вежби и проби на интонација,<br>темпо динамика,<br>карактер,ритам<br>правилно дишење и сл. обработка (глас-ехо) | -Вокални интерпретации (вежби) | |
| 9 | Обработка на композиции со уметничка вредност:<br>(со пијано придружба)<br>-„Мајска песна“-Стојан Стојков;<br>„Жолто цвеќе“-Џовани Батиста Перголези и други. | Да дискутира за карактерот на композициите, композиторот, инструментална придружба и да објаснува за текстот;<br>-Правилна вокална интерпретација на песните со уметнички израз. | Објаснува за карактерот на композицијата, композиторот и за начинот на интерпретацијата фразирање, темпо,динамика<br>-Демонстрира<br><br>-Обработка на песните | -Следат објаснување, содржина на текст, интерпретација<br><br>-Следат насоки и демонстрација;<br><br>-Вокални интерпретации | -декември<br>-март<br>-април<br>Уч.2025/2026 год |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | (вежби) | |
| 10 | Обработка на песни со уметничка вредност- од Македонски композитори<br>(со носач на звук)<br>-„Има една земја мила“- П.Петров<br>(со пијано придружба)<br>(по избор и други според можностите и развојот на хорот) | -Дискутира за карактерот на композициите, композиторот, и да -Објаснува за текстот;<br>-Слуша, демонстрира правилна вокална интерпртација со уметнички израз. | Објаснува за карактерот на композицијата, композиторот и за начинот на интерпретацијата фразирање, темпо,динамика<br>-демонстрира<br>-Насоки и обработка на композицијата (глас-ехо)<br>-Хорски проби<br>-Вежби и проби на интонација,<br>темпо динамика, карактер,ритам правилно дишење и сл. обработка (глас-ехо) | -Следат објаснување, демонстрација<br><br>-Обработка на композициите (вежби-проби) | -од декември<br>до мај<br>Уч.2025/2026 год |
| 11 | Обработка и пеење на: | -Дискутира за карактерот на | -Објаснува за карактерот на | -Следат објаснување и | -декември<br>2025 год. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Новогодишни и Божиќни песни | песните;<br><br>-Слуша,<br>-Демонстрира правилна вокална интерпретација | песните; композиторите,<br>-Демонстрира<br>-Обработка на песните со учениците | демонстрација<br><br>-Обработка-(вежби) | |
| 12 | Обработка на композиција:<br>-„La Pastorella si leva per tempo“-непознат автор<br><br>-„Ballerino“- G.Giacomo Gastoldi<br><br>-„Некој те создаде“- G.Pjerluigi da Palestrina<br><br>-„Ad una fresca riva“ Luca Marenzio<br><br>( a capela)-тригласно | -Дискутира за карактерот на песната, композиторот<br>-стилот (ренесансна композиција);<br>-Слуша, демонстрира правилна вокална интерпретација со уметнички израз. | Запознавање со текстот и мелодијата на песната, композиторот, стилот;<br>Објаснува за карактерот на композицијата, композиторот и за начинот на интерпретацијата фразирање, темпо,динамика<br>-демонстрира<br>-Насоки и обработка на композицијата (глас-ехо)<br>-Хорски проби | -Следат објаснување,се запознаваат со текстот,го доживуваат;<br><br>-Дискутираат<br><br>-Следат демонстрација<br><br>-Практични изведби;<br><br>-Вокални интерпретации (проби-вежби) | -од октомври до мај Уч.2025/2026 год. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Вежби и проби на интонација,<br><br>темпо динамика, карактер,ритам правилно дишење и сл. обработка (глас-ехо) | | |
| 13 | Обработка на хорска композиција со пијано придружба и ударни инструменти-тригласно „Adiemus“ -K.Jenkins | -Дискутира за карактерот на песната, композиторот, инструменталната придружба,<br>-Слуша, демонстрира правилна вокална инерпретација | Запознавање со текстот и мелодијата на песната, композиторот, стилот;<br>Објаснува за карактерот на композицијата, композиторот и за начинот на интерпретацијата фразирање, темпо,динамика<br>-Демонстрира<br>-Насоки и обработка на | -Следат објаснување,се запознаваат со текстот,го доживуваат;<br><br>-Дискутираат<br><br>-Следат демонстрација<br><br>-Практични изведби; | -од ноември до април Уч.2025/2026 год |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | композицијата (глас-ехо)<br>-Хорски проби<br>Вежби и проби на интонација,<br><br>темпо динамика, карактер,ритам правилно дишење и сл. обработка (глас-ехо) | -Вокални интерпретации (проби-вежби) | |
| 14 | Обработка на композиции за учество на хорски смотри<br>(по насоки од БРО и ЗМП) | -Се запознава со композиции,<br>-Дискутира;<br>-Слуша,<br>-Демонстрира | -Објаснување на карактерот содржината на песната<br>-Демонстрација<br>-Насоки за обработка на песната<br>-Хорски проби<br>Вежби и проби на интонација,<br><br>темпо динамика, карактер,ритам правилно дишење и сл. обработка | -Следат објаснување, демонстрација;<br><br>-Вокални интерпретации (проби-вежби) | -од јануари до мај<br>Уч.2025/2026 год. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | (глас-ехо) | | |
| 15 | Обработка на композиции за учество на Патронен празник на училиштето-(според тематиката на приредбата) -Компоцици по потреби,настани и пригоди. | -Се запознава со композиции,<br>-Дискутира;<br>-Слуша,<br>-Демонстрира | -Објаснување на карактерот содржината на песната<br>-Демонстрација<br>-Насоки за обработка на песната<br>-Хорски проби<br>Вежби и проби на интонација,<br>темпо динамика, карактер,ритам правилно дишење и сл. обработка (глас-ехо) | Следат објаснување,<br>демонстрација;<br>-Вокални интерпретации (проби-вежби) | По најава и насоки<br>IX-X<br>2024 год |
| 16 | Заокружување на активностите и постигнатите резултати и повторување,<br>на сите обработени композиции | -Да критизира,<br>споредува,<br>согледува и демонстрира вокални интерпретации и јавни настапи | -Насочува дискусии,и пеење на сите обработени песни од репертоарот-програмата | -Дискутираат;<br>-Вокални интерпретации на обработените песни | Мај-јуни<br>Уч.2025/2026 год. |

Забелешка:

-Во текот на учебната година може да дојде до промена на некоја од хорските композиции од репертоарот-програмата за работа,во зависност од: Содржинските елементи во композициите поврзани со развојот на детските гласови-развојот на хорот,гласовните можности на учениците,активностите и потребите на училиштето,интересот и афинитетите на учениците.

Наставник: Директор

Валентина Јурукова Валентина Стефанова

**Годишна програма за следење, вреднување и унапредување на воспитно – образовната работа на ООУ „Панко Брашнаров“ – Велес учебна 2025/2026 год.**

Со оглед на фактот дека состојбата и иднината на толку многу луѓе зависи од резултатите од оценувањето, важноста од оценувањето не може да се процени. За да биде успешен напорот вложен во оценувањето ученикот мора да има одговори на базичните прашања. Каде одам? Каде сум сега? Како да стигнам онаму каде што одам? Како ќе знам кога сум стигнал таму? Дали сум на вистинскиот пат? Овие прашања се составен дел на секоја добра програма за следење, вреднување и унапредување на воспитно – образовниот процес.

Оценувањето е битен сегмент од наставниот процес кој има повеќенаменска функција. Иако првично неговата функција е да ги мотивира учениците за поголеми достигнувања сепак оценувањето е показател за многу други сегменти во наставниот процес како што се, работата на наставниот кадар, успешност при целосна реализација на наставата, програма и специфичност на одредени предмети посебно во сегментот оценување и сл. Токму затоа треба да се обрне посебно внимание, самиот процес на следење, вреднување и оценување да биде добро планиран комплементарен и со тоа да ги поттикнува и да ги мотивира учениците и да им овозможи да ги прикажат своите највисоки способности.

Програма за следење, вреднување и оценување на воспитно-образовниот процес е систематски пристап за оценување и анализа на квалитетот на образовните и воспитните активности во школата. Оваа програма обично вклучува неколку компоненти, кои овозможуваат постојано следење на напредокот на учениците и на ефикасноста на наставните методи. Основната цел на програмата е да се обезбедат податоци за подобрување на воспитно-образовниот процес.

Еве некои клучни аспекти што можат да бидат дел од таква програма:

**Цели и задачите на програмата**:

- Поставување јасни цели за развој на учениците во сите аспекти: знаење, вештини и личен развој
- Оценување на ученичкиот напредок преку различни методи и активности.

**Методи на следење и вреднување**:

- **Квалитативни методи**: Интервјуа, анкети, проценка на трудот и поведението на учениците.
- **Квантитативни методи**: Тестови, континуирани оценки, анализа на резултати од испити и други мерливи показатели.
- **Самооценување**: Учениците можат да учествуваат во процесот на вреднување преку само-оценка на нивните резултати и постигнувања.

**Насоки за развој на наставата**:

- Оценување на наставничките методи и нивната ефективност.
- Применување на резултатите од оценувањето за прилагодување на наставниот план и програма.

**Инструменти за следење и оценување**:

- **Табели и графикони** за следење на напредокот на учениците.
- **Системи за континуирана евалуација** како електронски дневници, платформи за учење и други дигитални алатки.

**Извештаи и анализи**:

- Регуларни извештаи за напредокот на учениците.
- Анализа на резултатите за утврдување на слабостите и силните страни на воспитно-образовниот процес.

**Поддршка за подобрување**:

- Програми за обука и развој на наставниците, како и соработката со родителите и заедницата за поттикнување на успешни наставни резултати.

План за поддршка на учениците за подобрување на резултатите во ООУ „Панко Брашнаров" – Велес за учебната 2025/2026 година

**1.** Поставување на јасни цели

- Краткорочни цели: Поставување мерливи цели за подобрување на учењето во краток период (недела или месец).
- Долгорочни цели: Поставување на цели за целокупен напредок и подобрување на успехот на крајот од учебната година.

2. Персонализирана поддршка

- Индивидуални или групни консултации: Додатни часови за оние што имаат поголеми потешкотии.
- Помош на учениците за да им се развијат ефективни стратегии за учење, како што се повторување, корисни техники за паметење, планирање на време и слично.
- Програми за дополнителни активности: Организирање на работилници во текот на учебната година

3. Мотивација и позитивно поттикнување

- Пофалници и награди: Развивање систем за наградување на напредокот и постигнувањата на учениците.
- Создавање на позитивна атмосфера: Создавање училница каде учениците се чувствуваат пријатно и мотивирано за учење.

4. Унапредување на наставата

➢ Прилагодена наставна стратегија: Развивање различни методи на наставата (визуелни, аудитивни) кои ќе го покријат широкиот спектар на стилови на учење.

➢ Корисни материјали и ресурси: Дополнителни материјали за учење како што се видеа, интерактивни апликации, и книги за самоподготовка.

6. Поставување систем за следење на напредокот

➢ Регуларни тестови и проверки: Оценување редовно за да се следи напредокот на учениците.

➢ Периодични состаноци со ученици и родители: Држење редовни состаноци со учениците и нивните родители за да се следи напредокот на учениците.

7. Поддршка од родители и заедница

➢ Родителски состаноци: Промовирање активно учество на родителите во образованието на своите деца.

➢ Соработка со заедницата: Учество на учениците во активности кои се од корист за нивниот развој (работилници, семинари, обуки за ученици и сл.).

8. Поддршка за учениците со посебни потреби

➢ Адаптирани методи на работа: Ако учениците имаат специфични потреби прилагодување на наставните методи и обезбедување на дополнителна помош.

Програма за јавна и културна дејност на училиштето

Цели на програмата:

1. Поттикнување на културна свест и национален идентитет кај учениците.

2. Развивање на интерес кај учениците за литература, уметност, театар и музика.
3. Активно вклучување на учениците во културниот и јавниот живот на училиштето и заедницата.
4. Негување на традицијата, обичаите и културното наследство.
5. Поттикнување на креативност и самодовербата

| **Месец** | **Активност** | **Цел/Значење** | **Одговорни лица** |
|---|---|---|---|
| Октомври | Денот на училиштето (4 октомври) и денот на учителот<br><br>(5 октомври) – пригодна приредба | Почит кон наставниците и образованието | Наставници<br><br>Стручни соработници |
| Декември | Новогодишна приредба и хуманитарна акција | Солидарност, хуманост и празничен дух | Наставници/ученички парламент |
| Март | Ден на жената (8 март) – приредба, честитки, изложба | Почит кон жената и семејните вредности | Одделенска настава |
| Април | Велигденски активности – изложба на јајца, квизови, натпревари | Религиозна и културна традиција | Наставници по ликовно |
| Мај | Ден на трудот (1 мај) и Ден на Европа (9 мај) – работилници, постери | Граѓанска и европска свест | Наставници по опш. предмети |
| Мај/Јуни | Завршна приредба, доделување награди | Завршување на учебната годината | Училишен тим |

- Дополнителни активности:
- Посети на музеи, театри, галерии.
- Организирање на училишна изложба (цртежи, фотографии, поезија).
- Соработка со локални културни институции.
- Денови на отворени врати за родители и локална заедница.
- Интеркултурни денови – промоција на различни култури во заедницата.

Начин на реализација:

- Секоја активност се спроведува преку координација меѓу наставниците, учениците и стручната служба.
- Активностите се документираат со фотографии, извештаи и евентуално видеа.
- Се поттикнува волонтерство и вклучување на родителите.

Програма за соработка со локалната средина и локалната заедница

Во денешните услови на брзи општествени, економски и технолошки промени, воспитно-образовните институции се соочуваат со нови предизвици и очекувања. Училиштето не е веќе изолирана институција чија работа е ограничена само на наставниот процес во училницата. Тоа е активен и значаен чинител во развојот на локалната заедница и има обврска да биде отворено, динамично и социјално одговорно. Од тука произлегува потребата за постојана, систематска и функционална соработка помеѓу училиштето и локалната средина.Соработката со локалната заедница претставува важен аспект од современото образование, бидејќи таа овозможува поврзување на теоретското знаење со практичната примена, градење на социјални и граѓански вредности кај учениците, поттикнување на иницијативноста и критичкото размислување, како и зајакнување на чувството на припадност и одговорност кон заедницата. Истовремено, ваквата соработка придонесува за заедничко решавање на предизвиците со кои се соочуваат и училиштето и заедницата, преку размена на ресурси, знаење и искуство.Со вклучување на родители, институции, невладини организации, локална самоуправа и стопански субјекти во образовниот процес, се создава партнерство кое ги проширува можностите за квалитетно образование и создавање

генерации ученици кои се свесни, активни и одговорни граѓани. Оваа отвореност придонесува и за зголемување на транспарентноста и довербата во образовната институција, како и за нејзин континуиран развој и прилагодување кон потребите на средината.

Поради сето тоа, оваа програма за соработка на училиштето со локалната средина и локалната заедница има за цел да создаде систематски пристап во планирањето и реализирањето на активности кои ќе го збогатат воспитно-образовниот процес и ќе ја зајакнат меѓусебната врска помеѓу училиштето и општествените чинители. Програмата опфаќа конкретни активности, цели, очекувани резултати и начини за следење на напредокот, со акцент на вклученост, соработка и заедничко учење.

*Цели на програмата*

- Развивање на партнерства помеѓу училиштето и локалните институции, организации и стопански субјекти.
- Поттикнување на активно учество на родителите и граѓаните во воспитно-образовниот процес.
- Размена на ресурси и знаења за заедничко решавање на проблеми.
- Промовирање на општествена одговорност и волонтерски активности кај учениците.

**Програма за унапредување на менталното здравје**

Менталното здравје ја вклучува нашата емоционална, психолошка и социјална благосостојба. Тоа влијае на начинот на кој размислуваме, чувствуваме и делуваме кога се соочуваме со животот. Исто така, помага да се одреди како се справуваме со стресот, како се поврзуваме со другите и како донесуваме одлуки. Менталното здравје е важно во сите фази од животот, од детството и адолесценцијата до зрелоста и староста.Нашето ментално здравје влијае на нашите навики во реализирање на секојдневните активности, влијае на нашите навики во исхраната, нивото на физичка активност, на начинот на кој размислуваме, чувствуваме и се справуваме со тешки ситуации. Со менталното здравје се среќаваме секој ден.

Менталните болести се сериозни состојби кои можат да влијаат на начинот на кој размислуваме, нашето расположение и нашето однесување. Тие можат да бидат повремени или долготрајни. Тие можат да влијаат на нашата способност да се поврзуваме со другите и да функционираме секој ден.

Менталното здравје е составено од емоционално, социјално и психолошко здравје. Да се има позитивно ментално здравје е вредно и корисно на многу начини, вклучително:

- Подобрување на вашето физичко здравје
- Справување со стресот и тешките ситуации
- Имајќи добри социјални односи
- Да се биде поотпорен или полесно да се опоравува од тешки ситуации
- Чувствувајќи се посреќно и поисполнето

**Годишен план за спроведување на активности за подобрување на менталното здравје на учениците во ООУ „Панко Брашнаров“ – Велес**

| **Активности** | **Очекувани резултати** | **Целна група** | **Носители на активноста** | **Место на реализација** | **Време на реализација** | **Потребни ресурси** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Акциски план | Програма за унапредување на менталното здравје и благосостојба на учениците | Ученици | Психолог Педагог | училиште | септември | Е-ресурси за подобрување на менталното здрвје |
| Истражување за приоритетни области и потреби | Листа на работилници согласно потребите на учениците | Ученици<br>Наставници и родители | Психолог Педагог ученички парламент | училиште | септември | Разговор со ученици |
| Хуманитарна акција | Поттикнување на емпатија и хуманите вредности кај учениците | Ученици од шесто одделение | Подмладок на црвен крст одговорен наставик<br>Психолог Педагог | Училиште | септември | Донации од комплети училишен прибор |
| Превенција од насилство кај учениците | Подигнување на свеста кај учениците за | Ученици од прво до | Психолог Педагог | училиште | октомври | Презентац |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | врсничко насилство и последиците од него | деветто одделение | наставници | | | ија |
| Работилница за организирање на времето (Како правилно да го распоредам времето за учење) | Организирање на време и обврски кај учениците | 6в | Психолог Педагог | училиште | ноември | Презентација |
| Работилница Добрите страни и опасностите при користење на интернет и мобилни телефони | Свесност за предностите и недостатоците при користење на мобилни телефони и интернет | 4в | Психолог Педагог | училиште | ноември | Презентација<br>Хартија<br>Прибор за пишување Работен листови |
| Посета на обука:<br>Датум: 04 и 05. 11.2024 година<br>Тема: Род, родова еднаквост и родово засновано насилство | Справување и заштита од насилство во училиштата | Психолог Педагог наставници | Психолог наставник | Хотел Романтик | ноември | Презентација<br>Хартија<br>Работа во групи<br>Прибор за пишување Работен листови |
| Дисеминација од посетена обука на наставничкиот колегиум на Наставнички совет на тема:<br>Род, родова еднаквост и родово засновано | Справување и заштита од насилство во училиштата | Наставници | Психолог наставник | училиште | ноември | презентација |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| насилство | | | | | | |
| Работилница<br>Што е булинг и кои се последиците од него | Краткорочни и долгорочни последици од врсничко насилство (булинг) | Ученици од седмо одделение | Психолог | училиште | ноември | Презентација<br>Хартија<br>Прибор за пишување<br>Работен листови |
| Тема за родители:<br>Што е булинг, сајбер булинг и кои се последиците од него | Краткорочни и долгорочни последици од врсничко насилство (булинг) | Родители | психолог | училиште | ноември | Презентација<br>Хартија<br>Прибор за пишување<br>Работен листови |
| Работилница<br>Видови насилство | Дебата за видови насилство помеѓу ученоиците, истражување за состојбата во училиштето | 7в | Психолог<br>Педагог | училиште | декември | Презентација<br>Хартија<br>Прибор за пишување<br>Работен листови |
| Разлики меѓу нас | Надминување на разликите помеѓу учениците | 2г | Психолог<br>Педагог | училиште | Јануари | Презентација<br>Хартија |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Прибор за пишување<br>Работен листови |
| Емоциите во моето тело | Препознавање на сопствените емоции, конкретизација и локализација на своите емоции | 8г | Психолог Педагог | училиште | февруари | Презентација<br>Хартија<br>Прибор за пишување Работен листови |
| Како да му помогнеме на ученик кој е жртва на насилство | Информација за протоколот за справување на насилство кај учениците | Ученички парламент | Психолог Педагог | училиште | февруари | Презентација<br>Хартија<br>Прибор за пишување |
| Моите чувства и јас | Препознавање на чувство на среќа, тага, лутина.. | Прво в | Психолог Педагог | училиште | Март | Презентација<br>Хартија<br>Прибор за пишување |
| Разрешување на конфликти | Развивање вештини за препознавање на конфликти, асертивна комуникација и активно слушање | 2а | Психолог Педагог | училиште | Март | Презентација<br>Хартија<br>Прибор за пишување |
| Фактори за подобрување на | Свесност за важноста | 9а | Психолог | | април | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| менталното здравје кај учениците | на менталното здравје покрај физичкото | | Педагог | училиште | | Презентација<br>Хартија<br>Прибор за пишување |
| Како се чувствувам? | Јасно изразување на сопствените емоции<br>Попис на емоции | 3г | Психолог<br>Педагог | училиште | мај | Презентација<br>Хартија<br>Прибор за пишување |
| Промената започнува од мене | Освестување за посакуваните особини кои луѓето ги поттикнуваат на добри дела | 8а | Психолог<br>Педагог | училиште | Мај | Презентација<br>Хартија<br>Прибор за пишување |

**Програма за превенција од насилно однесување во основното училиште**

*Цели на програмата:*

- Спречување на сите форми на насилство (физичко, психолошко, вербално, сајбер насилство).
- Подигнување на свеста кај учениците, родителите и наставниците за последиците од насилството.
- Поттикнување на култура на почитување, соработка и ненасилна комуникација.
- Едукација за безбедно користење на интернет.
- Превенција на сајбер насилство

*Клучни активности:*

а) Едукација и обука

- **Работилници за ученици:** како да препознаат, пријават и реагираат на насилство.
- **Предавања за родители:** улогата на семејството во превенцијата на насилство.

б) Политики и процедури

- Развивање на јасен **Протокол за пријавување на насилство**.
- Кутии/онлајн форми за пријавување насилство.

*Партнерства и вклученост*

- **Соработка со МВР, Центри за социјална работа, НВО, психолози.**
- Вклучување во превентивни кампањи.

**Програма за антикорупциска едукација на учениците**

**ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА**

1. Општи цели

Ученикот/ученичката е потребно:

- да се запознае со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност;
- да се запознае што значи „одолевање на социјален притисок“;
- да знае за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;
- да ги препознава механизмите за спречување на корупцијата;
- да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството;
- да ја сфати улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Македонија и механизмите преку кои таа делува;
- да анализира како и каде може да се појави корупцијата и на кој начин може да се спречи истата;
- да се стави во ситуација, во која ќе има активна улога, преку која ќе разбере за антикорупцијата и за потребата од антикорупциска едукација и да се стави во улога на активен граѓанин, кој ќе придонесе за развојот на Република Македонија.

1. Поими

Корупција, антикорупција, интегритет, етичност, социјален притисок, механизми за спречување на корупцијата, Државна комисија за спречување на корупција, пари, подароци, облека, храна, услуги.

2. Објаснување на поимите

**Корупцијата** за општеството претставува исто што и црвот во јаболкото. Таа ги заобиколува чесноста и праведноста, ги форсира тие што со помоштана парите или вршејќи други услуги си „купуваат“ оценки во училиштето, место во училишниот тим, поубаво работно место или некаква повисока општествена положба. И покрај тоа што постојат луѓе кои со своето знаење, труд, залагање, умешност и вештини се подобри од нив, и според сите правила тоа го заслужуваат, заради претходно споменатите не можат да го добијат посакуваното.

**Антикорупција** претставува активност или борба која е насочена кон оневозможување на корупцијата, односно борба за еднаквост на сите. Во образованието, оценувањето на знаењето се врши јавно на час, пред сите ученици. Секој има право да знае која оценка се добива според бројот на поени на направениот тест, секој може да побара и да оствари увид на сопствените грешки во писмената работа или со други зборови – секој може да бара еднаков однос на наставникот и на општеството. Меѓу другото, тоа се мерки на антикорупција.

**Интегритетот** ја прикажува подготвеноста на поединецот да се спротивстави или да не го прифати лошото. Поинаку кажано, поединецот којшто е отпорен на лошото - велиме дека е личност со интегритет.Етичност претставува личен однос кон прашањата кои се однесуваат на доброто и лошото. Тој којшто секогаш е подготвен да го избере доброто како сопствен начин и стил на живеење, однесување и комуницирање, велиме дека е етичен или човек со високи морални вредности и квалитети.

**Социјалниот притисок** го создаваат луѓето од поблиското и поширокото опкружување, како резултат на културата, навиките, обичаите и законите во општеството. Тој притисок се доживува како некакво очекување од средината, поединецот нешто да стори или да се откаже од нешто како резултат на спомenатите фактори. Механизми за спречување на корупцијата се оние институции и органи во државата кои имаат право и должност да преземаат мерки за откривање на корупција, пронаоѓање, фаќање и соодветно казнување на корумпираните лица.

Тоа се Државната комисија за спречување на корупцијата, полицијата, јавното обвинителство, судовите. Најзначајно од се е нивната соработка со граѓаните.Државната комисија за спречување на корупцијата е тим од стручни луѓе, кои планираат превентивни мерки за спречување на корупцијата, а со документите што ги носат ги задолжуваат сите институции во државата да спроведуваат антикорупцискимерки. Парите се средство за купување на производи, но во одредени (коруптивни) случаи и за купување на оценки, работно место или повисока положба во општеството.

Подароците претставуваат материјално или нематеријално добро, кои најчесто се даваат во знак на внимание, но кај корупцијата отсликуваат вредност - некој да стори нешто за поединецот што тој не го заслужува, или да му даде нешто што не му припаѓа.Како материјални добра може да ги посочиме парите, облеката, храната, парфемите и останато што е опипливо. Во нематеријално добро се вбројува вид на услуга којашто ќе му овозможи на некое лице побрзо да напредува, да

добие нешто што не му припаѓа или не смее да го има. Стоп за корупцијата – создава нееднаквост, ги намалува можностите на немоќните, ги форсира неспособните, го спречува развојот.

**Конкретни цели и активности**

| **Содржина** | **Цели** | **Вид на активност** | **Активности** |
|---|---|---|---|
| Предзнаења за корупцијата и антикорупцијата | Да се согледаат предзнаењата на учениците | Прашалник за учениците | Пополнување на прашалникот од страна на учениците |
| Причини и последици од корупцијата | Да се запознаат со поимите корупција,антикорупција, интегритет, социјален притисок, етичност; да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството | Работилница Предавање и вежби | Говорна активност; дискусија; кусо предавање |
| Стекнување на основни знаења за корупција и антикорупција | Да се запознаат со поимите корупција, антикорупција, интегритет, социјален притисок, етичност; да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштитаод истата; да ги препознаваат механизмите за спречување на корупцијата; да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството; да ја сфатат улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Македонија и | Предавање и вежби | Предавање; power point презентација; дискусија; крстозбор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | механизмите преку кои таа делува | | |
| Активна борба против корупцијата | Да се запознаат што значи „одолевање на социјален притисок“;да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата; да ги препознаваат механизмите за спречување на корупцијата; да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството | Работилница | Говорна активност; дискусија; кусо предавање |
| Утврдување на знаењата за корупција и антикорупција | Да се утврдат знаењата на учениците; да се види дали учениците научиле од проектот *„Програма за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта“* | Прашалник за учениците и активности за повторување | Пополнува ње на прашалник от од страна на учениците |

Програма за медиумско претставување на училиштето

**Цел на програмата:**

Да се обезбеди позитивен јавен имиџ на училиштето преку транспарентно, редовно и креативно претставување на неговите активности, успеси и вредности во медиумите и на социјалните мрежи.

Клучни активности:

1. **Креирање медиумски тим во училиштето**

- Формирање на тим составен од наставници, ученици и стручни соработници задолжени за медиумска комуникација.

- Обука за односи со јавност и медиумска писменост.

2. **Редовно информирање преку официјални канали**

- Одржување и ажурирање на официјалната веб-страница на училиштето.
- Активно користење на социјални мрежи за објавување фотографии, видеа, статии и извештаи..

3. **Соработка со локални медиуми**

- Испраќање соопштенија до медиуми за поголеми настани.

4. **Претставување на успеси и добри практики**

- Јавно промовирање на достигнувања на ученици и наставници во натпревари, проекти, културни и спортски активности.
- Истакнување на иновативни наставни практики и училишни иницијативи.

5. **Вклучување на учениците во медиумски активности**

- Поттикнување ученичко новинарство, изработка на училишен весник или блог.
- Вклучување на ученици во креирање содржини, интервјуа, видеа и подкасти.

**Програма за работа на детската организација**

**Цел на програмата:**

Детската организација претставува важен сегмент од воспитно-образовниот процес во основното училиште. Таа има за цел да ги поттикне учениците на активно учество во училишниот и пошрокиот општествен живот преку хуманитарни, културни, едукативни, спортски и еколошки активности. Преку учество во детската организација, учениците стекнуваат практични искуства за одговорност, соработка, другарство, самостојност и иницијативност, што се основа за нивниот понатамошен личен и социјален развој.

Учеството во оваа организација придонесува за развивање на демократски вредности и активно граѓанство кај учениците уште од најрана возраст. Таа им овозможува да го искажат своето мислење, да предложуваат идеи, да учествуваат во донесување одлуки и во реализирање на разни акции и настани, како рамноправни членови на училишната заедница.

Работата на детската организација се реализира преку соработка меѓу учениците, наставниците и родителите, како и во партнерство со стручната служба и со други организации и институции од заедницата, како што се Црвениот крст, еколошки здруженија, културни институции и слично.

Во оваа програма се опфатени општите цели, насоки и активности кои ќе се спроведуваат во текот на учебната година, со цел да се поттикне севкупниот развој на учениците, да се зајакне нивната активна улога во училиштетопреку развивање на другарство и да се создаде позитивна, поддржувачка и хумана училишна средина и љубов кон училиштето.

**Клучни активности:**

- Организизирање приредба за учениците од прво и второ одделение
- Сообраќајно воспитна акција за учениците од прво одделение
- Организирање на хуманитарни акции (помош на другарчиња, собирање средства)
- Одбележување значајни денови (Ден на детето, Ден на хуманоста, Ден на учителот и сл.).
- Организирање ликовни и литературни конкурси, драмски и музички настапи.
- Спортски игри и натпревари меѓу паралелки.
- Грижа за училишниот двор и училниците (садење цвеќиња, чистење и украсување).
- Одржување акции за одбележување на Денот на планетата Земја и други еколошки датуми.

- Игри и работилници за развој на пријателство, толеранција и почитување меѓу учениците.
- Соработка со детски организации од други училишта.

**Октомври**

Првата седмица на месец октомври е седмица посветена токму на децата од целиот свет.Тоа е недела која не обврзува да го посветиме целото наше внимание кон нашите најмали и најмили – **ДЕЦАТА.** Недела која почнува со најубавиот, СВЕТСКИОТ ДЕН НА ДЕТЕТО.

И нашето училиште ги одбележува Светскиот ден на детето", „Детската недела" и "Денот на детето“, коишто се утврдени и со Законот за заштита на децата како манифестации посветени на децата. За таа цел се предвидени следниве активности:

- Прием на првачињата во Детската организација;

- Активности по повод Детската Недела;

- Активности за одбележување на 11ти Октомври;

**Ноември**

- Одбележување на 9 ти Ноември;

- Одбележување на месецот на книгата од

- Учество во Детските Рацинови Средби

- 20 Ноември – Светски ден на детето и ден на Конвенцијата за правата на детето

**Декември**

- Одбележување на Денот на лицата со хендикеп во соработка со ПОУ,,Маца Овчарова,,;

- Активности по повод Новата Година;

- Изработка на новогодишни честитки,новогодишни  украси,уредување на училишен хол и уредување на училниците и други активности поврзани со новогодишните празници

**Февруари**

-  Активности по повод  ,,Св.Валентајн“,

**Март**

- Пригодни активности по повод празникот на жената осми март;

- Одбележување на Ден на пролетта со пригодни активности;

**Април**

- Одбележување на 1ви  април- ден на шегата со пригодни активности;

- Активности по повод најголемиот христијански празник Велигден

- Еко активности и одбележување на Ден на планетата земја;

**Мај**

- Одбележување на 24 –ти Мај - Ден на Сесловенските просветители ;

**Јуни**

- Одбележување на 1ви Јуни- Светски ден на детето

- Свечена програма по повод крајот на учебната 2025/2026 година;

Оваа програма може да претрпи промени согласно со потребите и интересите што ќе се јават во тековната година.

**Програма за работа во продолжен престој**

Современиот начин на живот и сè поголемите обврски на родителите наметнуваат потреба од организирана грижа за учениците по завршување на редовната настава. Во таа насока, продолжениот престој претставува значајна поддршка и за учениците и за нивните семејства, обезбедувајќи безбедна, контролирана и воспитно-образовна средина каде децата можат квалитетно да го поминат своето време.

Програмата за работа во продолжениот престој е осмислена така што секој ден е балансирано организиран: има време за учење, но и за игра, рекреација, уметничко изразување и одмор. Посебно внимание се посветува на индивидуалните разлики кај децата, нивните интереси, способности и емоционални потреби.

Преку интерактивни, групни и индивидуални активности, учениците се поттикнуваат на соработка, самопочитување, развој на комуникациски и социјални вештини, како и на креативно размислување. Наставникот во продолжен престој има улога на водич, поддржувач и воспитувач кој со емпатија и стручност го гради чувството на припадност и доверба кај секое дете.

Целта на оваа програма е да обезбеди структуриран и содржаен престој во училиштето по наставата, кој ќе го поттикнува севкупниот развој на учениците – интелектуален, социјален, емоционален и физички – во позитивна, стимулативна и безбедна средина.

ОБРАЗОВНО-ВОСПИТНИ ЦЕЛИ

- Поттикнување самостојност и одговорност кај учениците при изработка на домашни задачи.
- Развивање на навики за учење и училишна дисциплина.
- Поддршка на социјалниот и емоционалниот развој преку соработка, игра и комуникација.
- Развивање на креативноста, љубопитноста и интересот за учење.
- Градење здрави животни навики преку спортски и еколошки активности.

ВИДОВИ АКТИВНОСТИ

***1.*** *Едукативни*

- Подготовка на домашни задачи
- Читање приказни, бајки, кратки текстови
- Образовни игри (сликовници, зборовни игри, едукативни видеа)

***2.*** *Креативни*

- Ликовни активности: цртање, бојадисување, работа со хартија и други материјали
- Музички игри и песнички
- Раскажување и драматизации

*Спортски и рекреативни*

- Движење и игра на свеж воздух
- Традиционални игри (трчање, скокање јаже итн.)
- Вежби за развој на моторика и координација
- Тематски разговори: другарство, искреност, грижа, безбедност
- Игри за соработка и развој на тимски дух
- Акции: уредување на простор, грижа за растенија, помош на другар

СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ И НАСТАВНИЦИ

- Редовна комуникација со родителите за напредокот и потребите на детето
- Соработка со одделенските наставници за следење на успехот и однесувањето
- Вклучување на родителите во некои активности (работилници, настани)

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

- Учениците да стекнат работни навики и чувство на одговорност
- Да се развие позитивна социјална атмосфера во групата
- Да се поттикне љубовта кон учењето и креативното изразување
- Да се зголеми самодовербата и самостојноста на децата

## 27.Користена литература


- Закон за основно образование; Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта, Закон за работни односи,
- Наставни планови за воспитно-образовната работа во основното училиште;
- Наставни програми по предмети (одделенска и предметна настава)
- Концепција за деветгодишно образование;
- Статут на училиштето;
- План и програма за Развој на училиштето;
- Извештаи од претходната и сегашната Самоевалуација за работата на училиштето;
- Извештаи (Полугодишен и Годишен извештај на училиштето од претходната учебна година);
- Кадровски и материјални услови на училиштето;
- Правилници, кодекси, деловници за работа на Училишниот одбор, Советот на родители, етички кодекси за однесување на структурите во училиштето;
- Наставни планови и програми од БРО;
- Најнови сознанија од советувањата, семинари, педагошка литература и пракса;
- „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 161/19, 229/20 и 3/25 од 03.01.2025);
- Правилник за формата и содржината на Развојната и Годишната програма за работа на основното училиште бр.18-6579/1 од 06.07.2020 година.

**Заклучок**

Основното општинско училиште „Панко Брашнаров" – Велес и во текот на оваа учебна година ќе продолжи посветено да работи на осовременување и унапредување на воспитно-образовниот процес, со цел негово приближување до современите текови и стандарди во образованието. Согласно утврдените приоритети и потреби, ќе се стремиме кон зајакнување на слабите страни и натамошно развивање и унапредување на нашите силни аспекти во секојдневното работење.Како и досега, остануваме посветени на активна и конструктивна соработка со сите чинители во воспитно-образовниот процес – учениците, родителите, релевантните институции и локалната заедница. Преку таа соработка, целиме кон професионален пристап во работата со учениците, градење на вештини и знаења неопходни за одговор на предизвиците на современото општество, како и негување и унапредување на културните, естетските и моралните вредности, кои се безвременски темели за поквалитетен живот.

Во таа насока, е изготвена и оваа Годишна програма за работа на училиштето – документ од развоен карактер, кој, во согласност со тековните процеси и променливите потреби, ќе биде подложен на соодветни корекции и дополнувања кога тоа ќе биде неопходно.

Наставниот кадар со голема посветеност, компетентност и мотивација го пренесува и ќе продолжи да го пренесува своето знаење на учениците. Преку низа активности и проекти кои ја поттикнуваат креативноста и ги продлабочуваат наставните содржини, ќе се стремиме кон постигнување на поставените цели и задачи на наставата, прилагодени на потребите на учениците.Континуирано ќе се работи на развивање на еколошката свест кај младите, како и на унапредување на меѓуетничката интеграција преку заеднички активности и отворени настани, кои придонесуваат за градење на соживот и заемно почитување.Наставниците и понатаму ќе учествуваат на обуки и професионален развој, како во рамки на училиштето, така и надвор од него, со цел постојано унапредување на квалитетот на наставата.

Ќе продолжиме да ги вклучуваме родителите како активни партнери во воспитно-образовниот процес, и да ја негуваме соработката со локалната заедница, институциите, невладиниот сектор и други значајни чинители.

**Ви посакуваме успешна, инспиративна и продуктивна учебна година исполнета со нови знаења, предизвици и успеси!**

Директор:

Валентина Стефанова

Датум 7.07.2025 година

Велес

Претседател на Училишен одбор:

Зага Колодезни

место за печат

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
**„ПАНКО БРАШНАРОВ“ - ВЕЛЕС**
email ooupankobrashnarov@gmail.com

Тел. 043 231 189, 212-311 Ул..“Кресненско востание” 2 Велес

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ПАНКО БРАШНАРОВ
Бр. 02-909/1
07.07 2025 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 108 точка 1 став 2 од Законот за основно образование (Сл. весник на РМ бр. 161/19), Училишниот одбор на седницата на ден 7.07 2025 година ја донесе следнава одлука:

# ОДЛУКА

**За предлагање на Годишна програма за работа на ООУ „Панко Брашнаров“ – Велес за учебната 2025/2026 година**

Член 1

Училишниот одбор ја разгледа Годишната програма за работа на ООУ „Панко Брашнаров“ – Велес за учебната 2025/2026 година и истата ја предлага на Советот на Општина Велес.

Член 2

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето

Претседател на Училишен одбор
Зага Колодезни